МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СВ. НИКОЛЕ-БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ
СТУДИСКА ПРОГРАМА
МЕЃУНАРОДНО ПРАВО И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ

МАГИСТЕРСКА РАБОТА

ДИПЛОМАТСКИ И ПРАВОСУДНИ НАЧИНИ НА РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ СО ПОСЕБЕН ОСВРТ НА СПОРОТ ЗА ИМЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА

Студент: Јована Зиковска
Број на индекс: М247004
Ментор: ПРОФ. Д-р ЕМИЛИЈА ИЦОСКА

Битола, 2025

АПСТРАКТ

Решавањето на меѓународните спорови е еден од најзначајните аспекти од областа на меѓународното право и меѓународните односи. Оваа магистерска работа ги анализира самите дипломатските и правосудните начини за решавање на меѓународните спорови, со фокус на еден од најактуелните спорови – спорот за името помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција.

Спорот меѓу овие две држави не претставува само правен и дипломатски проблем, туку и сериозен геополитички предизвик кој директно влијаеше врз стабилноста на Балканот, членството на нашата држава во Нато но и нејзините евроатланските интеграции на СРМ во Европска Унија, како и пристапот до меѓународните организации како што се Обединетите Нации.

Преку една теоретска анализа и студија на случај се истражуваат доста различни пристапи кои беа користени во процесот од билатерални дипломатски преговори и медијација под покровителство на Обединетите Нации, па се до иницирање на правните постапки пред Меѓународен суд на правда. Самото истражување сака да покаже дека комбинацијата на дипломатијата и меѓународното право може да придонесе до долгорочни и одржливи решенија на сензитивни прашања, како и да е ја укаже главната улога на меѓународните институции и големата политичка волја на инволвираните страни во процес на решавање на такви долгогодишни конфликти.

Клучен момент во надминување на спорот е склучување на Преспанскиот договор во 2018 година. Преку една научна- правна анализа на овај договор и неговото правно-политичко значење, се понудени вредни согледувања за управување со слични спорови во иднина и со цел да се унапредуваат практиката на меѓународното право и дипломатијата.

Клучни зборови:меѓународно право, решавање спорови, дипломатија, Преспанскиот договор, Меѓународен суд на правда, медијација,

ABSTRACT

The dispute between these two countries is not only a legal and diplomatic problem, but also a serious geopolitical challenge that directly affects the stability of the Balkans, our country's membership in NATO, as well as the Republic of Macedonia's own Euro-Atlantic integration into the European Union, as well as access to international organizations such as the United Nations.

Through a case study and case analysis, various approaches that were used in the process are explored, from bilateral diplomatic negotiations and mediation under the auspices of the United Nations, to the initiation of legal proceedings before the International Court of Justice.

The research itself aims to show that the combination of diplomacy and international law can contribute to long-term and sustainable solutions to sensitive issues, as well as to point to the central role of international institutions and the great political will of the parties involved in the process of resolving such long-standing conflicts.

A key moment in overcoming the dispute was the conclusion of the Prespa Agreement in 2018. Through a scientific-legal analysis of this agreement and its previous legal-political significance, valuable insights are offered for managing these disputes in the future and in order to advance the practice of international law and diplomacy.

Keywords: international law, dispute resolution, diplomacy, Prespa Agreement, International Court of Justic, mediation.

ЛИСТА НА ТАБЕЛИ

Табела 1: *Во практика меѓу двете страни се вметнува и трета страна, сака да ангажира добри услуги кои често преминува во медијацијa……19*

Табела 2*: Основни информации за специјализираните трибунали……62*

Табела 3: *Хронологија на настани во решавање на спорот на Република Северна Македонија и Република Грција.....77*

Табела 4*: Табеларен преглед на решавање на спорот на РСМ и РГ и споредба со други меѓународни спорови и анализа на методот на решавање.....91*

КОРИСТЕНИ КАРАТЕНКИ

РСМ- РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

РГ- РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА

ПЈРМ-ПОРАНЕШНА ЈУГОСЛОВЕНСКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЕУ- ЕВРОПСКА УНИЈА

НАТО-СЕВЕРНО АТЛАНСКА ДОГОВОРНА ОРГАНИЗАЦИЈА

МСП- МЕЃУНАРОДЕН СУД ЗА ПРАВДА

ОБСЕ –ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И СОРАБОТКА ВО ЕВРОПА

ООН- ОБЕДИНЕТИТЕ НАЦИИ

СОДРЖИНА

ВОВЕД……...……1

1.МЕЃУНАРОДНИТЕ СПОРОВИ, ПРЕДМЕТ, ЦЕЛ И ОПРАВДАНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО……..……3

1.1Формулација на проблемот …….……3

1.2Предмет на истражување ……4

1.3 Цел на истражување.....6

1.4Оправданост на истражувањето (општествена и научна)……7

1.5 Хипотетска рамка……...……..9

1.6 Методолошки постапки.....10

2.ДИПЛОМАТСКИ НАЧИНИ НА РЕШАВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИ СПОРОВИ.....12

2.1 Преговори.....12

2.2 Добри услуги.....14

2.3 Посредување (медијација).....15

2.4 Анкетни комисии.....17

2.5 Помирување.....19

2.6 Важноста од постоењето на дипломатски средства.....20

3.ПРАВОСУДНИ НАЧИНИ НА РЕШАВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ СПОРОВИ……...….....……..…….....26

3.1.1 Арбитража.....27

3.1.2 Судско спогодување (главни карактеристики, правна рамка, функции).....35

3.1.4 Меѓународен суд на правда (ICJ).....38

3.1.5 Примена во пракса – спорот за името помеѓу Северна Македонија и Грција.....41

4. ДРУГИ ВИДОВИ НА МЕЃУНАРОДНИ СУДСКИ И КВАЗИ-СУДСКИ ТЕЛА.....47

4.1Меѓународен кривичен суд (International Criminal Court).....48

4.2Специјализирани меѓународни кривични трибунали ……57

5. АНАЛИЗА НА СПОРОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА И ПРОЦЕС НА НЕГОВО РЕШАВАЊЕ.....64

6. СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА СО ДРУГИ МЕЃУНАРОДНИ СПОРОВИ И МЕТОДИ НА НИВНО РЕШАВАЊЕ.....79

6.1.Спор Словенија – Хрватска.....81

6.2.Случајот Чиле – Боливија (пристап до море пред МСП).....83

6.3 Случајот Србија – Косово.....87

7. РЕЗУЛТАТИ ОД АНАЛИЗАТА НА СПОРОТ НА РСМ И РГ И СПОРЕДБА СО РЕШАВАЊЕ НА ДРУГИ СПОРОВИ 91

7.1 Влијанието на НАТО врз конечниот исход.....94

ЗАКЛУЧОК.....98

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА.....108

ВОВЕД

Сочувањето на меѓународниот мир и безбедност, низ историјата претставувала главна цел на меѓународното право и тие се една од основна причина за основањето на Друштвото на народите и на ООН. Со оглед на тоа што дирекните причини за војните и насилството се споровите меѓу државите, во интерес на мирот и безбедноста уште во минатото било на мирен начин решавањето на споровите да се постигне. **Во овој магистерски труд детално ќе ги објаснам процедурите кои постојат во меѓународниот поредок за мирно решавање на споровите и конфликтите посебно ќе се задржам на спорот за името меѓу Република Северна Македонија и Република Грција.**

Во денешно време меѓународните спорови претставуваат голем ризик за стабилноста и безбедноста во светски рамки. Поради тоа, се создадени механизми за мирно решавање на спорови. Од кој најзначајни се дипломатски (медијација, преговори, добри услуги) и правосудни (меѓународна арбитража и судската разрешница)начии преку доста важен и главен орган како Меѓународниот суд на правдата.

Решавањето на меѓународните спорови претставува еден од најважните, најдобрите и клучни елементи за одржувањето на мирот, безбедноста и самата стабилност во меѓународната заедница. Самото развивање на меѓународното право и дипломатијата се главните механизми кои овозможуваат пред се решавање на споровите без примена на сила и други нелегални средства.

Постојат три основни начини за мирно решавање на споровите: дипломатски, правосудни и институционални. Посебно ќе се задржам на правосудниот и дипломатскиот начин кои се однесува на настојувањата да се решат разликите меѓу страните во спорот, самостојно или со помош на трета страна, со употреба на дијалог или методи за утврдување на фактите. Правосудните начини се однесуваат на решавање на спорови од страна на судовите, преку одлука на судски органи или арбитража.

Како што кажав центар на моето истражување и на мојот магистерски труд е**спорот за името меѓу Република Северна Македонија и Република Грција**. Овај спор не претставува само билатерално прашање, туку и голем геополитички предизвик, кој дирекно влијај низ годините наназад врз евроатлански интеграции на Северна Македонија, самата стабилност на Балканот како и пристап на РСМ до меѓународните организации како Европската Унија и Обединетите нации.

Клучен момент во надминување на овај спор е самото **потпишување на Преспанскиот договор**во 2018 година кој преставува доста значаен пример за примена на дипломатски методи и правосудни методи во решавање на комплексен меѓународен спор.Комплексениот спор кој траеше повеќе од две децении и бараше примена на дипломатските и правосудните начини за да се реши спорот.

Магистерски труд подетално и поодлабоко дава системски преглед на дипломатските и правосудните кои беа користени во процесот на решавање на спорот, при што се истражува и нивната ефикасност и меѓусебната поврзаност. Но исто така ќе направам споредба дали во минатото постеле исти или слични спорови како нашиот спор со РГ.

Ќе се потрудам со сето мое истражување и знаење да придонесам подобро да се разбери сложеноста на проблемот во решавањето на меѓусебниот проблем и преминот кон склучување на договорот.

Ќе понудам вредни согледувања за тоа како понатаму да се решат слични вакви спорови во иднина.

1. МЕЃУНАРОД/НИТЕ СПОРОВИ, ПРЕДМЕТ, ЦЕЛ И ОПРАВДАНОСТ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Меѓународните спорови се најсложените конфликти кои настануваат како резултат на несогласувањата помеѓу држави или други субјекти на меѓународното право. Самите спорови можат да бидат поврзани со различни прашања поврзани со територија, идентитетот, политичките права, економски интереси,националниот суверенитет, човекови права и други меѓудржавни односи.[1]

Сочувањето на меѓународниот мир и безбедност, низ историјата биле главна цел на меѓународното право и една основна причина за основањето на Друштвото на народите и на ООН.[2]

Самото решавање на меѓународните спорови е од значење за одржувањето на мирот и целта била да се одржи стабилноста во меѓународната заедница. За таа цел се користат различни начини, методи вклучувајќи и дипломатските механизми, дури и судските постапките што се водат пред меѓународните институции, како што е Меѓународен суд за правда. Само така ќе можиме да избегнуваме конфликти и да градиме стабилен и правичен светски поредок.

1.1Формулација на проблемот

Во услови на глобализиран свет, во кој државите се повеќе меѓусебно зависни, појавата на меѓународни спорови е неминовна. Проблемот кој се појавува е начинот на кој тие спорови се решаваат – дали преку мирољубиви, дипломатски средства или преку правосудни, судски постапки. Самото ефикасно и мирно решавање на спорови претставува значајност и голем предизвик за меѓународната сцена. Иако меѓународното право предвидува различни механизми за мирно решавање на споровите, нивната практична примена често се соочува со политички, историски и национални пречки.[3]

---

[1]Ицоска, Е., Митревска, Ј. (2023), Мирно решавање на споровите во меѓународните односи, Скрипта, Г.Р. Державин

[2]Ортаковски, В., и Миленковска, М., МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО, Факултет за безведност, Скопје

[3] Merrils,J.G., International Dispute Settlement, 4th edn, Cambridge, 2005; J. Collier and V. Lowe, The Settlement of Disputes in International Law, Cambridge, 1999; A. Peters, 'International Dispute Settlement: A Network of Cooperational Duties' , 14 EJL, 2003, p.L.

Еден од најкарактеристичните примери за комплексен меѓународен спор е спорот за името помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција, кој опфаќа сложени прашања поврзани со идентитет, историски интерпретации и со меѓународна правна рамка и регионална стабилност која траееше доста години.

Овој спор не само што го отежнуваше и блокираше патот кон меѓународното интегрирање на Северна Македонија, туку и ги стави на тест можностите на меѓународната заедница за посредување и правична разрешница. Што ја истакнува и важноста да се проучат механизмите што се користат за решавање на ваквиот спор.

Главниот истражувачки проблем кој се поставува во овој труд е: **Кои дипломатски и правосудни механизми беа применети во решавањето на спорот за името помеѓу Северна Македонија и Грција и колку тие беа ефективни во постигнувањето трајно и правично решение?**

Преку анализа на конкретни меѓународни инструменти, постапки и пресуди, како и Преспанскиот договор, ќе се истражи:

- Дали и како меѓународното право успева да обезбеди фер баланс меѓу суверенитетот на државите и меѓународните обврски.
- Каква улога имаат меѓународните институции во слични спорови.
- Дали решението постигнато во конкретниот случај може да служи како модел за решавање на други слични спорови.

1.2 Предмет на истражување

Предметот на истражување во овој магистерски труд е **проучувањето на дипломатските и правосудните механизми за мирно решавање на меѓународни спорови**, со посебен акцент на анализата на **конкретен билатерален спор – спорот за името помеѓу РСМ и РГ.**

Истражувањето се фокусира на два главни аспекти:

4 **Теорискиот аспект**, кој вклучува:

4.1 Системско разгледување на различни формите на мирно решавање на спорови кои се предвидени во меѓународното право (преговори, медијација, добри услуги, арбитража, судски постапки).

4.2 Анализа на релевантни меѓународно-правни документи и институции,вклучување на Повелбата на Обединетите Нации, Статутот на Меѓународниот суд на правдата и други конвенции кои ги регулираат овие постапки.

4.3 Истражување на улогата на трети страни (на пример, ОН, ЕУ, медијатори) во самиот процес на посредување и решавање на билатерални спорови.

5 **Практичниот аспект**, кој се однесува на:

5.1 Истражување на конкретните дипломатски напори преземени од двете држави, вклучувајќи ги преговорите под покровителство на Обединетите Нации.

5.2 Проучување на правниот спор покренат од нашата држава пред Меѓународниот суд на правдата во 2008 година од страна на Република Македонија, како и разгледување и анализата на пресудата од 2011 година.

5.3 Оцена на финалниот договор – Преспанскиот договор како резултат на еден исход на комбиниран пристап (дипломатски и правосуден) и како и неговото огромно влијание врз меѓународното право и регионалната стабилност.

Предметот на истражување на магистерскиот трудот е поставен така што не само што се анализира теоретската рамка, туку се истражува и **начинот на кој таа рамка функционира во пракса**, особено кога станува збор за комплексни, долготрајни и политички чувствителни спорови, каков што е спорот за името.

Дополнително, предмет на истражувањето е и **ефикасноста, ограничувањата и потенцијалот за применливост на ваквите механизми во идни меѓународни спорови**, што го прави трудот релевантен и за поширокатa научна и стручна јавност.[4]

1.3 Цел на истражувањето

Целта на ова истражување е да се испитаат, оценат и анализираат различните механизми за мирно решавање на меѓународни спорови, со особен фокус на

[4] Маролов, (2020) : МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО, Штип

дипломатските и правосудните пристапи. Преку детална анализа особено утврден акцент на конкретниот случај на спорот за името помеѓу Република Северна Македонија и Грција, се настојува да се утврдат сите аспекти како ефективноста, ограничувањата и практичната примена на овие механизми во реална меѓународна контекстуална ситуација.[5]Истражувањето тежнее кон:

- Идентификување на клучните дипломатски чекори и фази кои воделе кон постигнување на Преспанскиот договор;
- Да се анализира главната улогата на меѓународните институции и правосудни органи (како што е Меѓународниот суд на правдата) во процесот на решавање на спорот;
- Оценување на придонесот на правните и политичките аргументи на двете страни во текот на преговорите;
- Истражување на влијанието на меѓународното право, добрососедските односи и регионалната стабилност врз исходот од спорот;
- Да се изведат и заклучоци кои можат да послужат како основа и насоки за решавање на слични спорови во иднина преку мирни средства.

Со ваков важен мултидимензионален пристап, ова истражување има за цел да даде придонес кон подлабоко разбирање на сложеноста на меѓународните спорови и начините на нивно успешно надминување, со фокус на правниот и дипломатскиот дискурс како алатки за градење долготрајни решенија.

1.4 Оправданост на истражувањето (општествена и научна)

Оправданоста на ова истражување произлегува од потребата за подлабоко разбирање на начините на решавање на меѓународни спорови кои можат да се решат преку дипломатски и правосудни средства, со посебен фокус на специфичниот контекст на спорот за името меѓу РСМ и РГ. Овој случај претставува редок и комплексен пример во кој се испреплетуваат политички, правни, историски и идентитетски прашања, а неговото разрешување има значајни импликации не само на билатералните односи, туку и на поширокатa регионална стабилност и евроатлантска интеграција.

[5]https://www.cambridge.org/core/journals/nationalities-papers/article/macedonian-name-dispute-the-macedonian-questionresolved/C762D257FB5CADE4259F57E0E8C776CA

Општествена оправданост:

Од општествен аспект, ова истражување придонесува за разбирањето на начините на кои државите ги решаваат споровите без употреба на сила, со акцент на дипломатските средства како алатки за стабилизација, промоција и развој на добрососедски односи, унапредување на дипломатскиот дијалог и интеграција во меѓународните организации.

Исто така, оваа анализа може да придонесе во градењето на јавното разбирање за важноста на компромисот и мирното решавање на спорови, меѓународната соработка со справувањето на сензитивните прашања, како што е од суштинско значење за демократизацијата и стабилноста на Западен Балкан.Од општествен аспект, ова истражување претставува значаен придонес за поширокатa јавност и за нерешените спорови кои сеуште претставуваат закана за долгорочна стабилност и за политичките актери и институциите кои се вклучени во обликувањето на надворешната политика и дипломатските активности.

Посебен акцент се става на нудење на практични сознанија кои се од голем придонесот на дипломатските средства како основа за развој на **добрососедски односи**, **регионална соработка** и **интеграција во меѓународни и регионални организации**, како што се Обединетите нации, Европската Унија и НАТО. Придонеста кон меѓународните организации во процесот на решавање на спорот го прави трудот релевантен и за поширок геополитички контекст.

Спорот за името меѓу Република Северна Македонија и Република Грција претставува пример за долготраен конфликт со значајни политички, идентитетски и правни импликации, чиј исход директно влијаеше врз надворешнополитичката ориентација и меѓународната позиција на Македонија.[6]

Разбирањето на начинот на кој овој спор беше решен – преку **интензивни дипломатски преговори**, **посредништво од страна на меѓународни институции** и

[6]https://en.wikipedia.org/wiki/Prespa_Agreement

правна пресуда од Меѓународниот суд на правдата – овозможува извлекување на поуки за идните генерации лидери, правници и граѓани. Истовремено, се поттикнува јавната свест за важноста на конструктивниот дијалог и компромисот во решавањето на сензитивни национални прашања, како и за клучната улога на меѓународните норми и принципи.[7]

Дополнително, ова истражување може да биде од корист и за земји со слични предизвици – како во регионот на Западен Балкан, така и пошироко – каде што постојат историски, етнички или територијални несогласувања што може да се надминат преку мирен и рационален пристап.

Научна оправданост:

Научната релевантност на истражувањето се огледува во обидот да се систематизираат и спроведе една критична анализа меѓу дипломатските и правосудните механизми, како и нивната практична примена во конкретен случај. Спорот на името претставува голема значајност бидејќи ги вклучува комптонентите на меѓународно јавно право, научното проучување на конфликтите, билатерална дипломатија и прашања поврзани со суверенитетот и идентитетот.

Преку овој труд се воспоставува рамка за идентични или слични анализи на други меѓународни спорови, што ќе го прошири корпусот на знаење во областа на меѓународното јавно право, меѓународните односи и конфликтологија.ова истражување се огледува во потребата од систематизирање и продлабочена анализа на механизмите за мирно решавање на меѓународни спорови, со фокус на дипломатските и правосудните пристапи.

Преку истражувањето се нуди компаративен и критички осврт на нивната практична примена во еден реален, сложен и актуелен случај – спорот за името меѓу нашата земја и соседната Грција. Овој спор претставува уникатна студија која вклучува историска, правна и политичка компонента, и воедно отвора можност за научно разгледување на улогата на меѓународните институции, меѓународното јавно право и билатералната дипломатија.

[7] https://books.google.com.jm/books?id=WrhUBAAAQBAJ&printsec=frontcover

Истражувањето настојува да воспостави **аналитичка рамка** преку која може да се анализираат и други слични меѓународни спорови, особено оние што произлегуваат од идентитетски, историски или територијални разлики меѓу држави. Со тоа, трудот придонесува кон проширување на корпусот на знаење во неколку дисциплини: **меѓународното јавно право**, **меѓународните односи**, **конфликтологијата**, како и **дилемите на суверенитетот и интернационалната правна одговорност**.

Дополнително, преку анализа на одлуките на **Меѓународниот суд на правдата**, активностите на Обединетите нации и финалниот **Преспански договор**, се обезбедува увид во тоа како меѓународното право функционира наспроти политичката реалност. Оваа спојка на право и дипломатија, како и влијанието на трети страни и меѓународни организации, обезбедува богата основа за теоретско.

Оваа тематика овозможува **богата теоретска основа за анализа**, вклучително и:

- влијанието на третите страни (посредници и меѓународни актери, како ООН, ЕУ, САД),
- улогата на нормите на меѓународното јавно право (на пр. Принципот на немешање, забрана на присилба, правото на самоопределување),
- и практичните ограничувања што произлегуваат од реалполитиката.[8]

Таквата анализа не само што има **научна тежина**, туку и нуди конкретни примери за идни примени на слични модели во други кризни региони ширум светот.

1.5 Хипотетска рамка

Во рамките на истражувањето се поставуваат неколку основни хипотези кои имаат за цел проверат самата ефикасноста на дипломатските и правосудните начини на решавање овај спор.

Хипотеза 1:Успешноста на дипломатските решенија зависи од политичката волја на страните и нивната подготвеност за компромис.

[8] https://www.qil-qdi.org/the-prespa-agreement-between-greece-and-north-macedonia-and-the-settlement-of-the-name-dispute-of-objective-regimes-erga-omnes-obligations-and-treaty-effects-on-third-parties/

Во контекст на спорот за името, се испитува дали билатералната дипломатија, поддржана од меѓународно посредување, може да доведе до долгорочни и правно обврзувачки решенија.

Хипотеза 2: Успехот на правосудните механизми зависи од правната подготвеност на страните и нивната доверба во меѓународното право.

Се анализира дали постапките пред Меѓународниот суд на правдата (на пр. тужбата на Северна Македонија против Грција од 2008 г.) имале реално влијание врз финалниот развој на спорот.

Хипотеза 3: Спроведувањето на меѓународните договори зависи од внатрешната политичка стабилност и институционалната подготвеност на државите.

Примена на Преспанскиот договор и неговото правно влијание на внатрешно и надворешно ниво.

Хипотеза 4: Регионалната стабилност зависи од способноста на државите да решаваат спорови преку дипломатски и правни средства, наместо со конфронтација.

Ова не само што придонесува кон мир и безбедност во регионот, туку го поттикнува и економскиот развој, соработка и интеграција во меѓународните организации како што се Европската Унија и НАТО.

Мирното решавање на спорови ја зголемува довербата меѓу соседните држави и создава услови за одржливо и хармонично регионално живеење, што е особено важно во сложени политички и етнички поделени области како Западен Балкан.

1.6 Методолошки постапки

Во рамките на ова истражување ќе се користат повеќе методолошки пристапи, кои ќе овозможат подлабока анализа на предметот на студија — дипломатските и правосудните начини на решавање на спорови, со посебен осврт на спорот за името помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција.

- **Анализа на содржина (Content Analysis)**

Овој метод ќе се користи за систематска проучување на правните , политики документи од меѓународниот простор, вклучувајќи:

- **Одредбите на Преспанскиот договор**и неговата имплементација;
- **Резолуции на Советот за безбедност на ООН** кои го третираат спорот и билатералните односи меѓу двете држави.
- **Пресудата на Меѓународниот суд на правдата** (ICJ) во врска со спорот.
- **Академска, стручна и правна литература**, вклучувајќи трудови од областа меѓународно право, дипломатија и конфликтологија.

Целта е да се извлечат клучните правни норми, дипломатски механизми и принципи кои се применети за развој и да се утврдат нивните ефекти врз решавањето на спорот.

- **Компаративна метода**

Во рамките на ова истраживање ќе се примени и овај метод со цел да се направи споредба на дипломатските и правосудните начини на решавање на меѓународните спорови со слична природа, тежина, динамика и сензитивност како што се:

- Спорот помеѓу **Словенија и Хрватска** по распадот на Југославија, тука се применуваат и арбитражни постапки.
- Конфликтите помеѓу **Израел и Палестина**, тука се испробани различи дипломатски иницијативи каде што правните и дипломатските решенија имаат различен степен на успех.
- Спорот помеѓу **Косово и Србија** и нивните дипломатски преговори под покровителство на меѓународни организации. Под водство на меѓународните актери ЕУ и САД.

Оваа компарација ќе овозможи да се истакнат сличности и разлики во применетите механизми, како и нивната ефикасност и ограничувања

- **Интервјуа**

Доколку постојат услови за реализиција, ќе бидат спроведени **полу-структурирани интервјуа**. Целта е да практични согледувања и лични искуства од самите учесници во процесот. Интервјуата ќе се водат со:

- Експерти од областа на меѓународното право и дипломатијата.
- Дипломати кои биле вклучени во процесот на преговори или познаваат одблиску за случајот.
- Универзитетски професори и аналитичари кои се занимаваат со политички и правни аспекти на Западен Балкан.
- Поранешни или сегашни функционери кои имаат директно или индиректно влијание на процесот.

Интервјуата ќе овозможат собирање на квалитативни податоци, лични искуства, проценки и дополнителен контекст што не може да се најде во официјалните документи.

- **Историски метод**

Историскиот метод ќе се користи за систематско изучување на развојот на спорот од неговото појавување во 1991 година до потпишувањето и стапувањето во сила на Преспанскиот договор во 2019 година.Овој пристап ќе овозможи разбирање на контекстот, клучните настани, политичките и правните предизвици во текот на времето.Ќе помогне да се идентификуваат факторите кои влијаеле врз успешноста или неуспешноста на различните методи за решавање.

2. ДИПЛОМАТСКИ НАЧИНИ НА РЕШАВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИ СПОРОВИ

Според меѓународното право, државите имаат обврска да ги решаваат споровите со мирни средства. Тие можат да избираат дипломатски и правосудни начини на решавање на спорови.

Дипломатските начини на решавање на меѓународните споровипретставуваат методи и опфакаат мирољубиви средства преку кои државите настојуваат да ги решат и надминат своите спорови, кои се применуваат преку дирекна комуникација помеѓу државите.

Овие методи ги вклучуваат давањето на информаци и консултации како средства за спречување на споровите и водење преговори, како и создавањето на добри канцеларии, посредување, истрага и помирување за решавање на спорови.

Најчесто користени дипломатски механизми кои ќе ги истакнам во мојот магистерски труд се: преговори, добри услуги, посредување, анкетни комисии, помирување, но исто така ќе ја утврдам и самата важност на дипломатските средства за решавање на споровите. Овие методи се заосноваат пред се на дијалог, многу е битна соработката помеѓу самите страни односно држави, взаемната волја, а нивната најголема цел е да се спречи ексалација на конфликтите и да се зачува најпосакуваниот меѓународен мир и секако безбедноста.

Самата Дипломатија претставува најпериферен начин за решавање меѓународните спорови, бидејќи претставува алтернатива на најнепожелниот и деструктивен начин на постапување а тоа е војната.Зошто војната е најнепосакуваната одлика на постапување во решавање на меѓународните односи. Историски гледано, секаде каде дипломатијата не ги дала очекуваните резултатисе прибегнува за жал кон употреба на сила и насилно водење на меѓународните односи- војна, со што се доведува до сериозни последици и нарушување на меѓународниот мир и стабилност.

Обврската за подмирување на страните во меѓународните спорови преку користење на ненасилни средства се вградени во Повелбата на Обединетите нации (во член 2(3)) се нагласува дека сите земји -членки се должни,, да ги решаваат

меѓународните спорови со мирољубиви средства на начин што нема да се загрози меѓународниот мир, безбедноста и правдата".[9]

Последно, современите развои, како резултат на новите технологии,зголемена конкуренција за природни богатства дополнително ја зголемија опасноста од конфликтните интереси. Оваа опсервација се однесува меѓу другото и за прашања поврзани со водните ресурси. Овие фактори пред се ја нагласуваат големата важност на дипломатските канали, како прва линија на дејствување за да се спречаат потенцијалните спорови.

2.1 Преговори

Еден од најчестите методите кои се користат, за да се дојде до мирно решавање на одреден спор се директни преговори помеѓу засегнатите страни.

Преговорите се водат врз основа начелото на суверена еднаквост и рамноправност на државите и преставува еден најстар и најелементарен начин и прв чекор во решавање на меѓународните спорови. Во преговорите можат да бидат Станува збор за политичко решавање на определен спор. Иако ова воопшто не значи дека овој метод со сигурност ќе даде резултат, но сепак пред се овозможува флексиблиност и отворена комуникација. Најчесто во самите меѓународни договори, кои се склучени помеѓу определени држави, се наведува точно определен меѓународен суд кој ќе биде надлежен во случај на спор околу самиот договор.

Преговорите можат да бидат успешни и многу зависи од политичката волја на страните да го постигнат посакуваниот компромис.

Пример за компромисно решение кое е постигнато помеѓу страните со помош на преговорите е случајот со спорот околу Панамскиот канал меѓу Панама и САД. Во 1977 година беа потпишани Торихос-Картер договорите, според кои САД постепено ја предадоја контролата на каналот на Панама до 31 декември 1999 година.[10]

Пример на преговори што успешно завршиле е поврзан со бомбардирањето на Амбасадата на НР Кина во Белград, на 7 мај 1999 година.[11]

[9] https://www.un.org/en/about-us/un-charter/

[10] https://en.wikipedia.org/wiki/Torrijos%E2%80%93Carter_Treaties

[11] За време на .. воздушната кампања " на НАТО врз Југославија, авион НАТО ја бомбардираше Кинеската амбасада во Белград, при што загинаа три кинески држеавјани, а беа ранети околу дваесет.

Јавното мислење во државите кои се во спор може да ги спречи да се согласат на отстапки во некои битни точки, а заемната недоверба може да го комплицира процесот, додека спротиставените политички ставови можат да ја попречат секоја прифатлива спогодба.

Најрелевантен пример за успешна примена и решавање на сложен и долготраен спор е **Преспанскиот договор** од 2018 година, кој беше резултат на долгогодишни преговори помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција. Овој договор е резултат на дипломатски напори, долгогодишниот спор за името и отвори пат кон подобрување на билатералните односи, како и кон интеграција на Северна Македонија во меѓународни организации како НАТО и Европската унија. Преспанскиот договор е пример како дипломатската волја и преговарачките процеси и меѓународна медијација која можат да надминат сложени национални и политички препреки и да донесат трајно решение.[12]

2.2 Добри услуги

Секако, во пракса во одредени слулаи не секогаш е можно да се воспостават директни преговори помеѓу државите кои имаат определен спор, заради нарушени дипломатски односи ,заради определно спорно прашање или заради претходни постапки засегнатите држави дшто тие одбиваат да остваруваат било какви директни средби.

Ситуацијата кога спорот е од правен карактер е можеби поедноставна зашто доколку постои договор кој како надлежен во определен спор назначува определен суд, тогаш тој суд ќе може да решава по спорот.

Меѓутоа, се чини далеку посложено е прашањето при постоењето на политички спор, а непостоење на волја за директни преговори. Овие ситуации можат да се разрешат преку таканаречени „добри услуги". Оваа форма на дипломатско посредување претствува вмешување на трет актер како што е државата, меѓународната организација или авторитетна личност со цел да помогни да се потикне олеснато иницирање на преговори помеѓу страните во спорот.

Елементите на добри услуги се дека третата страна:

а) посредува помеѓу страните во спорот,

б) поединечно комуницира со секоја од страните во спорот,

[12] https://www.un.org/en/ga/73/resolutions.shtml

в) ја олеснува иницијативата за воспотавување на успесни преговори и

г) не учествува во дирекно решавање на спорот, не предлага правно обврзувачки решенија.

Самиот давател на услуги начелно е неутрална, неприсрасна страна и прифатена трета страна. Со вмешувањето на трета страна на еден начин се врши притисок помеѓу државите кои имаат спор да започнат директни преговори што воедно е и целта на третата страна која ги пружа добрите услуги. Секако, државите кои имаат определен спор мора најпрвин да ги прифатат овие услуги.[13]

Овај метод најчесто завршува на два начини:

1.успешно, со доведувањена страните во дирекни преговори;

2. неуспешно, доколку не воспостави никаква комуникација меѓу страните.

Во поново време, во современата меѓународна пракса, добрите услуги често дава Обединети Нации или Генералниот секретар на ОН. Генералниот секретар на ОН ја има и улогата како неутрален посредник, целта му е да ја задржи довервата на двете страни и може, во име на меѓународната заедница да има активна улога во поттикнување на преговори и во промовирање на успешен исход. Генералниот секретар понекогаш има важна улога во практикување на добрите услуги.[14]Добрите услуги можат да бидат преземени од Генералниот секретар на ОНзаедно со овластени претставници на регионални организации.[15]

Во случајот со Преспанскиот договор, **добри услуги беа обезбедени од ОН преку специјалниот пратеник Метју Нимиц**, кој:

- Делуваше како медијатор во спорот под мандат на ОН;
- воспостави и канали на комуникација меѓу Скопје и Атина, во периодот на тензии и застој;
- нудеше предлози, компромисни решенија и поттикнуваше доверба меѓу страните.

[13]На пример, со претседавачот на Организацијата на африканското единство во врска со Западна Сахара, како и со Генералниот секретар на Организацијата на американски држави во однос на Централна Америка, Види: UHHandbook, p.39.

[14]SecurityCouncilresolution 367 (1975), која бара од Генералниот секретар на ОНда преземе мисија на добри услуги во Кипар. B.G Ramcharan, ' The Good Offices of the United Nations Secretary- General in the Field of Human Rights', 76 AJIL, 1982, p.130.

[15]На пример, со претседавачот на Организацијата на африканското единство во врска со Западна Сахара, како и со Генералниот секретар на Организацијата на американски држави во однос на Централна Америка, Види: UHHandbook, p.39.

Резултат на добрите услуги:

•**Постигнување на компромисно решение**, склучување на Преспанскиот договор, името „Северна Македонија“ беше прифатено;

•**Подобрување на билатералните односи** меѓу двете држави;

• Договорот го отвори **на патот за членство во НАТО и ЕУ** – Северна Македонија стана полноправна членка на НАТО во 2020 година и секако напред во евроинтеграциите;

•**Охрабрување на регионалната стабилност и соработка**.[16]

2.3 Посредување (медијација)

Посредување (медијација)-Добрите услуги имаат ограничена улога за цел да ги натераат само страните да започнат директни преговори, да ја олесни комуникацијата, но не и да наметнат или да предложуваат или сугерираат решенија. Доколку го прави тоа третата страна, тогаш станува збор за постоење на посредување односно медијација, а не за добри услуги.

Целта на медијацијата е да предлага решенија кои стануваат конечни само ако бидат прифатени од сите засегнати страни што значи дека посредувачот мора да е неутрален и објективен, тогаш нејзината улога е медијаторска.улога. Не само улога на давање услоги. Честопати медијацијата и добрите услуги се мешаато,односно честопати трета страна која е овластена да дава добри услуги се однесува и наметнува како посредник што пак е основа за приговор за пречекорување на овластувањата.

Посредувањето од добрите услуги се разликува со активното учество на трета страна. Додека во добрите услуги третата страна пред се овозможува канал за комуницирање меѓу страните кои имаат спор, во посредувањето третата страна игра поактивна улога и може да дава совети и предлози за решавање на спорот.

Посредникот има неутрална позиција во однос на страните во спорот и нивните интереси. Потребна е согласност од страните за означување на лицето на медијаторот.Претставник на моќната држава или организација има повеќе шанси за успех поради способноста на државата да влијае на однесувањето на страните.

[16]https://vlada.mk/node/16897

Успех на медијацијата често зависи од времето.[17]Медијаторот може да биди држава, поединец, меѓународна организација.

Фактори кои важат за да се изведи успешна комунијација зависи од повеќе елементи:

1. **Времето на интервенцијата (најчесто неуспешни обиди);**
2. **Исцрпеноста на страните од конфликтот;**
3. **Моќта и кредибилитетот на медијаторот;**
4. **Доверливоста на постапката;**
5. **Подготвеност за компромис;**

Пример ќе ја посочам улогата **на Ричард Ц. Холбрук,** во завршувањето на војната на Босна и Херцеговина и самото негово посредување кои резултираше со успех како што е Дејстонскиот мировен договор во Ноември 1995 година. Холбрук имаше трансформативна улога во 1995 година, кога САД презема контрола и интервенираат доста брзо и одлучно, со цел да ја стават војната под контрола.[18]

Поддржувајќи ги самите воени и дипломатски напори кои успешно завршија со мир. Дополнително Холбрук учество дирекно во самиот процес, давајќи јасни предупредувања на Милошевиќ, поставуваќи американски групи зад него и доведе до успешно потпишување на Дејтонскиот договор кој се случи на 21 ноември 1995 година.

Медијацијата, во спорот за името меѓу Република Македонија и Република Грција се одвиваше под покровителство на **Обединетите нации (ОН)**. Процесот започна во 1995 година со Времената спогодба, а официјалниот посредник назначен од генералниот секретар на ОН беше **Метју Нимиц**, кој ја вршеше оваа улога од 1999 до 2018година.

Неговата задача беше да дејствува како неутрална страна, односно да дејствува по сопствена иницијатива, која ќе им помага на двете држави да најдат заемно прифатливо решение. Посредувањето вклучуваше:

- **Редовни дипломатски средби со претставници од двете страни;**
- **Поднесување предлог-решенија (познати како „предлози на Нимиц“)**

[17]Така, може да се каже дека Ричард Ц. Холбрук успеал да ја заврши војната во Босна и Херцеговина бидејќи на сцена стапил откако долгите и долготрајни претходни обиди за решавање на спорот не успеја, а страните беа умпрни од таа војна.

[18]https://amp.theguardian.com/global/2015/nov/10/bosnia-bitter-flawed-peace-deal-dayton-agreement-20-years-on

- **Поттикнување на компромис и градење доверба меѓу страните;**
- **Заштита на процесот од надворешен политички притисок.**

Во текот на процесот, Нимиц често нагласуваше дека не предлага „совршено решение“, туку **реалистичен компромис** што ќе биде прифатлив за обете страни. Ваквиот пристап овозможи постепено приближување на ставовите, кое кулминираше со потпишувањето на **Преспанскиот договор** во 2018 година.

Овој случај е препознаен на меѓународно ниво како еден од ретките примери на успешна долгорочна медијација спроведена под водство на ОН, во која дипломатската трпеливост и добрите услуги одиграа клучна улога.

- **Разлики меѓу добри услуги и медијација**

Табела бр.1: Во практика меѓу двете страни се вметнува и трета страна, сака да ангажира добри услуги кои често преминува во медијација.

Критериум	**Добри услуги**	**Медијација**
Учество на трета страна	Пасивна,олеснувачка комуникација	Активно-предлага решенија
Обврска кон исходот	Без обврска	Да
Притисок или предлог	нема	Да без да наметнува
Неутралност	Не	Да

2.4 Анкетни комисии (истраги)

Анкетни (истражни) комисии претставуваат дипломаски механизми, пред се за мирно решаваање на споровите. Со цел вршење на „истрага” во случај на постоење на различен став на страните околу одредена фактичка ситуација. Ваквите комисии имаат главна улога да утврдат објективни околности преку независна и неутрална истрага без да донесат правно -обврзувачка одлука.[19]

Најчесто ваквите комисии се формираат од подеднаков број на соодветни експерти делегирани од засегнатите страни и одреден број од трета држава или меѓународна организација. Овие комисии се нарекуваат истражни, зашто можат да испитуваат сведоци, да консултираат експерти, па и да вршат истрага местото, по што изготвуваат конечен извештај. Треба да се истакне дека целта на комисијата не е да

[19]https://avalon.law.yale.edu/20th_century/hague01.asp?utm_source

пронајде решение на спорот, туку само спроведување на независна истрага и изработка на експертски извештај околу одредена фактичка состојба.Одредбите за анкетни комисии беа елаборирани на Хашката мировна конференција од 1899 година, како можна алтернатива на употребата на арбитража

Главната цел на анкетните комисии не е решавање на спорот, туку утврдување на фактите ..[20]

Тие претставуваат еден од мирољубивите дипломатски начини за решавање на меѓудржавни спорови, при што фокусот не е на донесување правно обврзувачка одлука, туку на утврдување на фактите кои стојат во основата на спорот. Овој метод е применлив особено кога постојат различни гледишта меѓу страните околу фактите што го предизвикале или поттикнале спорот.

Анкетната комисија се формира со заедничка согласност на страните во спорот. Таа е составена од независни и неутрални експерти – обично дипломати, правници, технички или научни лица – кои имаат задача да извршат објективно испитување на настаните, доказите и околностите поврзани со спорот. Притоа, тие изготвуваат извештај што им го презентираат на страните, но кој не е обврзувачки по природа.

Карактеристики на анкетните комисии:

- **Непристрасност:** членовите на комисијата не треба да бидат државјани на некоја од страните во спорот, со цел да се обезбеди неутралност;
- **Фокус на факти:** задачата на комисијата е фактичка – да се разјаснат околностите, без да се донесе пресуда или да се предложи решение;
- **Доброволност:** ниту една држава не може да биде присилена да учествува во анкетна комисија без нејзина согласност;
- **Необврзувачки карактер :** извештајот што ќе го подготви комисијата нема судска одлука, туку има советодавна улога и служи како основа за понатамошни дипломатски преговори или медијација.

Познат пример за примена на анкетна комисија е случајот **DoggerBank (1904)**, кога Велика Британија и Русија се согласија да формираат анкетна комисија за да ги испитаат околностите во кои руската морнарица нападнала британски рибарски бродови, погрешно мислејќи дека станува збор за јапонски торпедни чамци. Комисијата утврди дека руската страна згрешила, со што беше избегната сериозна ескалација на односите.

[20]N.Bar- Yaacov, *The Handling of International Disputes by Means of Inquiry, London, 1974* chapter 2. pp.33-4.

- **Применливост на анкетните комисии во спорот меѓу Република Северна Македонија и Република Грција**

Иако во спорот за името меѓу Република Северна Македонија и Република Грција не беше формирана формална анкетна комисија, овај метод би можел да биди корисен само во почетните фази на процесот. Комисијата составена од меѓународни експерти можела да ја зголеми објективноста и добервата помеѓу двете страни.Особено поради постоењето на различни интерпретации за историјата, идентитетот и културното наследство. **Но двете страни решилое да се движат преку посредништво на Обединетите нации, односно преку личниот пратеник на генералниот секретар (Метју Нимиц), што ја прави оваа ситуација повеќе поврзана со медијацијата отколку со истражна комисија.**

Сепак, идејата за анкетна комисија останува релевантна во поширокиот контекст на дипломатските методи и решавање на други спорови, особено кога се работи за спорови каде постојат спротиставени наративи и недоверба во интерпретацијата на фактите.

2.5 Помирување

Решавањето на определен спор може да се одвива и преку институтот „мирење", кога другите методи не довеле до успешен договор а самите страни сакале да избегнат формална постапка. Се формина однапред **комисија за мирење или пак ад хок комисија во еден конкретен спор**. Целта на ваквата комисија е да предложи решение, но по претходно прибирање на потребните податоци во врска со спорот за што обично се формираат посебни истражувачки комисии.

Постапката за помирување се однесува на мешовити правно- фактички ситуации и треба да се одвива брзо и неформално.[21]

а разлика од арбитражата или судската постапка, помирувањето не носи правно обврзувачка одлука, туку има советодавна и медијативна функција.Страните можат, но не се должни, да го прифатат тој предлог.

Карактеристики на помирувањето:

[21] Член 15 (1) од Генералниот акт за мирно решавање на меѓународните спорови, 1928 година, дополнет во 1949 година.

- **Непристрасност и објективност:**самите членови на комисијата се избираат со согласност на страните и не е поврзани;
- **Истражна улога:** ги разгледува фактите, го анализира спорот и предлага решение што е правично и издржано;
- **Доброволност:** Страните не се обврзани да го прифатат предлогот, но можат да го земат предвид заради духот на мирно решавање;
- **Комбинирање со други методи:** помирувањето често се применува заедно со медијација или добри услуги, особено во комплексни случаи.

Помирувањето е опфатено во повеќе меѓународни документи, вклучувајќи ја **Конвенцијата за мирно решавање на меѓународни спорови (Хаг, 1907)** и **повелбата на ОН (член 33)**. Европската унија, ОБСЕ и други регионални тела исто така применуваат механизми за помирување при политички или територијални конфликти.
Применливост кај споротиако формално не беше применет механизам на класично помирување во спорот меѓу Република Северна Македонија и Република Грција.
Самата **Преспанска спогодба** може да се разгледува како резултат на долготраен процес со карактеристики на помирување и медијација, заоснована со дипломатска и политичка поддршка од меѓународната заедница.

2.6 Важноста од постоењето на дипломатски средства

Самото истражување на дипломатските средства за решавање на споровите покажа разновидност на достапни средства, при што секој механизам утврдува свои специфички карактеристики.Во рамките на дипломатски процедури сите релевантни размислувања се земени во предвид, а конечната одлуки или самите препораки не се обрзувачки за странките.

Кога органите на Обединетите нации, особено Генералното собрание и Советот за безбедност, се вклучуваат во ангажираање да го решат меѓународен спор, тие дејствуваат согласно со начелата на дипломатските средства. Во таа смисла, резолуциите што ги усвојуваат најчесто имаат препорачувачки карактер, а не обврзувачка правна сила. Природата на овие средства е таква што дозволува флексибилност, со што се

овозможува земање предвид на широк спектар од околности и интереси на вклучените страни.

Самите политички спорови, генерално може да се решат со дипломатски средства.

Карактеристиките според кои вообичаено се разликуваат сите дипломатски средства од правосудните средства е немањето должност да се прибегне кон нив освем во случај да постои претходна обврска. Необврзувачкото дејство на извештај или заклучоците и можноста да се земат предвид сите релевантни околности се белег на дипломатски средства. Самиот заклучок доведе дека дипломатските средства односно дипломатскиот начин на решавањето низ досегашните искуства можат како емпириско средство многу да ја збогатат дипломатската димензија на решавање на споровите.

Голема предност постои и дека постојат два начини на решавање на споровите бидејќи во ера на меѓузависност на државите и нивната интеракција постои потенцијал за појава на меѓународните спорови кои секако треба да се решат според средството кое е прифатливо и за кое е извесно дека ќе доведе до решение на спорот.

Практичен пример за важноста и ефективноста на дипломатските средства е **спорот за името меѓу Република Северна Македонија и Република Грција**, кој беше решен преку Преспанскиот договор од 2018 година. Овој билатерален договор, постигнат по долги и интензивни дипломатски преговори и посредништво под покровителство на Обединетите нации, ја потврди способноста на дипломатските средства да овозможат компромисно решение во комплексни и осетливи билатерални конфликти.

Во овој случај, дипломатските процеси – преговорите, медијацијата и добрите услуги – овозможија создавање на атмосфера на доверба и разбирање, што беше клучно за надминување на долготрајните несогласувања и политичките тензии. Иако договорот содржи конкретни обврски за двете страни, неговата реализација произлезе од доброволна согласност и политичка волја, што е суштината на дипломатските средства.

Овој пример јасно илустрира дека дипломатските средства, иако не се секогаш обврзувачки, имаат клучна улога во мирното решавање на меѓународните спорови, особено кога се работи за сложени прашања кои вклучуваат национален идентитет, суверенитет и регионална стабилност.Во современиот меѓународен поредок, каде што

државите се тесно поврзани и меѓузависни, постоењето на разновидни дипломатски средства е неизбежно и неопходно. Тие нудат флексибилност, можност за прилагодување според околностите и потенцијал за мирно решавање, што ја зголемува сигурноста и стабилноста на меѓународните односи.

Сепак, и покрај нивните значајни придобивки, дипломатските средства носат и одредени ограничувања и предизвици кои може да влијаат на нивната ефикасност. Еден од главните недостатоци е **необврзувачкиот карактер на дипломатските одлуки**, што понекогаш доведува до одложување на решавањето на спорот или до непочитување на договорите од страна на некоја од страните. Во случајот со спорот за името, и покрај постигнатиот Преспански договор, процесот на ратификација и имплементација беше комплексен и со доста пречки, што укажува на тоа дека дипломатските средства самите по себе не гарантираат лесно или брзо решавање.[22]

Дополнително, дипломатските процеси се чувствителни на **политичките влијанија и внатрешната политичка динамика** во земјите, што може да доведе до стагнација или дури и прекин на преговорите. Во случајот со Македонија и Грција, промените во политичката сцена во двете држави, како и различните ставови на внатрешната јавност, често го отежнуваа процесот на дијалог и ја зголемуваа неизвесноста околу исходот. Понатаму, дипломатските средства може да бидат ограничени кога станува збор за спорови кои вклучуваат сериозни правни прашања или каде што една страна не е подготвена за компромис.

Во такви ситуации, отсуството на обврзувачка сила и механизми за извршување може да ги направи дипломатските средства недоволни за постигнување трајно решение.Овозможуваат флексибилност и широка инклузивност, понекогаш тие може да бидат **потешко предвидливи и зависни од личностите и односите меѓу страните**, што ја зголемува можноста за застој или повторно појавување на конфликтот по решавањето.

Новите предизвици на дипломатските методи во 21-от век е тоа што во современите меѓународни односи се соочуваат со нови видови закани: сајбер напади, хибридни војни и секако многу лажни информации, кои не можат да се решат преку класничните дипломатски средства. Ова време наметнува потреба од развивање на нови

[22]Бачев.J,(2022), Меѓународно-правните основи и постапката за поништување на договорот меѓу Македонија и Грција.

форми на превентивна дипломатија. Различните политички системи кои постојат, културни вредности, многу имаат влијание врз страните кои преговараат или покажуваат флексибилност и нудат компромис или не. Затоа самите дипломатски методи бараат изградва на висока културна чуствителност.

3.ПРАВОСУДНИ НАЧИНИ НА РЕШАВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ СПОРОВИ

Една од најголемите слабости на дипломатските начини за решавање на меѓународните односи, е фактот што самите страни не се правно обврзани да ги прифатат самите предложени решенија. Овие средства најчесто, во поголем број случаеви, резултираат со необврзувачки препораки, чие спроведување најмногу зависи пред се од добрата волја на страните и нивната политичка подготвеност во спорот. За разлика од необрзувачките препораки на дипломатските средства, правосудните средства најважно овозможуваат донесување на правно обврзувачки одлуки. Државите се должни да ги почитуваат тие и спроведуваат тие правно обврзувачки одлуки .

Правосудните средства за решавање на меѓународните спорови пред се претставуваат формализирани механизми кои вклучуваат независни тела, како што се меѓународните трибунали односно судовите. Главна цел им е да донесат правно обврзувачка одлука, која што е заоснована на меѓународното право. Дипломатските начини пред се се базираат на самите преговори кои се вклучени, компромисот и политичката волја, а додека правосудните методи се правно регулирани и најчесто се базирани на објективна интерпретација на меѓународните правни норми.

Самите дипломатски методи, позитивната страна е што секогаш се флексибилни и политички мотивирани, додека самите правосудни пристапи пред се сакат да обезбедат правна сигурност и предвидливост.

Оваа разлика на двата пристапи е доста важна за исклучително да се постигне целта, за ефективно решавање на споровите, како што покажува примерот со спорот за името помеѓу РСМ и РГ.

Во современиот систем на меѓународното право, Меѓународниот суд на правда (МСП) претставува една од најбитните и највисоките институции за правосудно решавање на споровите меѓу самите држави.

Државите можат пред МСП да ги поднесат своите правни тужби и да добијат одлуки кои се темелат пред се меѓународните договори и општите правни принципи.

Во конектст на меѓународниот спор меѓу нашата држава и РГ, улогата на самите правосудни средства се покажа доста значајна. Самото крајно решение пред се беше постигнато со ефективни дипломатски начини, преку постигнување на дипломатски преговори и на крајот резултираше со потпишување на Преспанскиот договор. Исто така

пресудата на МСП од 2011 година, за овај случај има важна улога во формирање на правната рамка.

Во овај дел од мојата магистерска работа ќе се фокусирам, пред се на општите карактеристики на самите правосудни начини на решавање на спорови, како и практичната примена на овие методи, пред се преку детална анализа на самиот конкретен спор.

3.1 Правосудни средства

Правосудните начини на решавање на спорови, како и претходно што утврдив, се реализираат преку специјализирани институции кои имаат надлежност да разгледуваат и секако да одлучуваат по правните прашања што произлегуваат од самите конфликти на државите или меѓународните субјекти.[23]

Овие институции, пред се ја исполнуваат главата цел, обезбедуваат рамка за мирно решавање на спорови. Преку правно обврзувачки одлуки и одредби кои имаат обврзувачки карактер за двете страни.

Правосудните методи за решавање на меѓународните спорови, имаат два вида на процедури:

- **Арбитража**
- **Судско решавање (Меѓународен суд на правда)**

Ваквата поделба позната е уште од основањето на Друштвото на народите, бидејќи пред тоа „ арбитражата“ и „ судското решавање“ не биле разграничени како два различни поими.[24]

3.1.1 Арбитража

Една од најстарите и најфелксибилни правосудни механизми пред се важни за мирно решавање на споровите во меѓународното право.

Целта на меѓународната арбитража е да решава спорови меѓу државите со судии по свој сопствен избор и пред се врз основа на принципот почитување на правото.

[23] Shaw, Malcolm. (2017), International Law, 8th.ed, Cambridge University Press

[24]Merrills, J. G, *International Dispute Settlement, 4th edn, Cambridqe, 2005,Ch 5; S. Rosenne The Law and Practise of International Court. 1920-1996, 4 vols.3rdedition. The Haque, 1997; S. Schwebel, International Arbitration; Three Salient Problems, Cambridge, 1987.*

Самата арбитража преставува ангажамнт врз основа на добра волја на пресудување, која потоа следува награда за арбитрите.

За разлика од МСП, во основа арбитражата се заснова врз доброволна согласност на страните кои се во спор. Самите страни се договараат меѓу себе да го подложат својот спор на арбитражна постапка, во која главните независни арбитрии, пред се ќе донесат обврзувачка одлука. Пред се страните се тие кои што треба да ги утврдат правилата за успешно решавање на спорот.

Меѓу најпознати моделски правила кои беа усвоени уште во 1976 година од Комисијата на Обединетите нации за Меѓународно трговско право како моделот UNCITRAL.[25]

Арбитража се применува како алтернатива на судската постапка и овозможува решавање на спорови во контролиран и флексибилен процес. Таа најчесто се користи за различни спорови, меѓу кои : територијални, трговски, гранични и сепак може да биде ad hoc (оформена само за конкретен случај) или институционализирана преку како што е Постојаниот арбитражен суд (PCA) во Хаг или за некои ивестициски спорови.[26]

Процедурата на арбитражата започнува како прв чекор со арбитражен договор или арбитражна клаузула меѓу страните, тие го решаваат спорот надвор од класичниот судски систем.

Потоа како втор чекор се одбираат арбитрите, самите правила на постапката и применливото право. Самата одлука на арбитражниот трибунал е конечна не подложи на жалба.

Арбитражата има неколку предности:

- **Непристрасност и неутралност: страните можат да изберат арбитри од трети страни, со што дополнително се зголемва довербата во процесот.**
- **Флексибилност: самите правила се утврдуваат од страните**
- **Доверливост:арбитражата се одвива во затворена постапка**
- **Ефикасност: побрза од класичните судски процеси[27]**

Самата арбитража има и одредени недостатоци. Понекогаш можи да е скапа, посебно кога се ангажира меѓународен трибунал, одлуките иако обврзувачки, секогаш не се

[25] Во спорот ИРАН-САД, трибунал за побарувања е регулиран со арбитражни правила на UNCITRAL.
[26] Institutional%20Arbitration,%20CAAJ%202017,%20141%20(2).pdf

[27] https://en.wikipedia.org/wiki/UNCITRAL_Model_Law_on_International_Commercial_Arbitration

спроведуваат лесно, најчесто во случаи кога државите одбиваат да ги почитуваат самите донесени пресуди.

Во современиот меѓународен поредок, самата арбитража преставува ефикасен механизам за решавање на сензитивни прашања, каде што директното обраќање до МСП би било политички чуствително.[28]

Арбитражната постапка може да се води од еден арбитер тоа е лице избрано по договор на страните, или од повеќе арбитри кои заедно го сочинуваат арбитражниот суд, односно арбитражниот трибунал. Во пракса, заради фер и избалансирано постапување, најчесто се определува непарен број арбитри, најчесто три, а во одредени случаи и пет.

Во тричлениот состав, секој од учесниците во спорот има право да назначи обично по еден арбитер, додека третиот арбитер – кој обично ја има и улогата на претседавач кои се избира по меѓусебна согласност на двете страни. Во ситуации кога станува збор за петчлен трибунал, страните вообичаено назначуваат по двајца арбитри, а петтиот, како и во тричлениот состав, се именува најчесто по договор или од самите арбитри веќе избрани.

Доколку дојде до застој во процесот на избор на третиот (или петтиот) арбитер, и не може да се постигне согласност, може да се предвиди механизам за замена – на пример, назначувањето да го изврши трето лице, неутрална држава, меѓународна институција или угледна личност со доверба од двете страни.[29]

Во некои случаи, арбитрите се избираат од веќе постоечка листа на арбитри, подготвена од арбитражна институција. Такви листи се користат при институционална арбитража (на пр. во рамки на Постојаниот арбитражен суд во Хаг, Меѓународната трговска арбитража при ICC, и др.), што овозможува поголема сигурност, транспарентност и професионалност во изборот на арбитри.

Овој систем овозможува балансираност и независност на арбитражниот панел, што е од суштинско значење за обезбедување на правичност во арбитражната постапка.[30]

Иако арбитражата претставува ефикасен и флексибилен метод за решавање на спорови, таа не е без свои недостатоци. Некои од главните слабости и недостатоци се:

- **Високи трошоци** можи да придонесат, покрај тоа што арбитражата често се смета за поекономична од судскиот процес, во практика трошоците може значително да

[28] https://www.lw.com/admin/Upload/Documents/Guide-to-International-Arbitration-May-2014.pdf

[29] UNCITRAL Arbitration Rules (2021), Articles 7–9; Redfern and Hunter, *International Arbitration*, Oxford University Press, 2015, p. 254.

[30] https://uncitral.un.org/en/texts/arbitration

се зголемат, особено кога се вклучени повеќе арбитри, високи административни такси и трошоци за адвокати.

- **Ограничени можности за жалба** укажуваат дека арбитражните одлуки генерално се конечни и не можат да се обжалат по суштина, што значи дека постои ризик правните грешки да останат некоригирани.
- **Непредвидливост** – За разлика од судските пресуди кои создаваат судска пракса, арбитражните одлуки не се обврзувачки за идни случаи. Ова може да доведе до недоследност и правна несигурност.
- **Потреба од соработка** - самиот процес бара активна соработка на страните, особено при изборот на арбитри. Кога една од страните одбива да учествува, може да се создадат сериозни пречки.
- **Ограничена моќ за принудување –** самите арбитри немаат иста моќ како судовите да издаваат обврзувачки мерки или налози, што понекогаш ја намалува ефикасноста на постапката.

- **Видови арбитража**

Арбитражата, како правосуден механизам за решавање на меѓународни спорови, може да се класифицира според начинот на нејзиното формирање и спроведување.

Најчесто се разликуваат два основни вида: **ad hoc арбитража** и **институционализирана арбитража**.

- **Ad hoc арбитража**

Ad hoc арбитражата се карактеризира со тоа што се воспоставува **само за конкретен спор**, врз основа на договор меѓу страните. Во рамки на овој тип арбитража, странките имаат **целосна автономија** при утврдување на правилата на постапката, местото на одржување, јазикот на арбитражата, како и изборот на арбитрите. Таквиот флексибилен пристап им овозможува на страните да ја прилагодат постапката според природата на спорот и нивните интереси.[31]

Иако ad hoc арбитражата не е поврзана со постојана институција, честопати страните се потпираат на **UNCITRAL Арбитражните правила** (усвоени од Комисијата на ОН за меѓународно трговско право), кои обезбедуваат **стандарден, неутрален и транспарентен правен оквир** за водење на постапката. Овие правила овозможуваат

[31] https://www.lexisnexis.co.uk/legal/guidance/ad-hoc-arbitration-an-introduction-to-the-key-features-of-ad-hoc-arbitration

баланс меѓу процесна правичност и ефикасност, особено во меѓународни спорови.Пред се овие правила ги регулираат сите релевантни процесни прашања од самото формирање на трибуналот до донесување и извршувањето на една конечна одлука.

Самите предности на овој вид на арбитража вклучуваат **пред се пониски трошкови, прилагоденост и неформалност.** Сепак и носи одредени недостатоци и ризици ако страните не успеат навреме да се договорат за најважните суштински елементи на постапката што може да дпведе до одложување, па и правна несигурност. Иако е популарна сепак не е препорачувана за некои политички чуствителни спорови

- **Институционализирана арбитража**

Институционализираната арбитража се спроведува **под покровителство на постоечка арбитражна институција**, која обезбедува административна, техничка и правна поддршка во текот на целата постапка. Институциите што ја организираат арбитражата имаат однапред утврдени правила на постапување и редовно водат списоци на искусни арбитри. Се води пред постоечки, формално организирани арбитражни институции, кои имат свои правила и процедури и логистичка поддршка. Институционализираната арбитража се води пред постоечки, формално организирани арбитражни интитуции кои имаат свои сопствени правила и процедури, како и доста важна логистичка поддршка. За разлика од ad hoc арбитражата, самиот процес тука е **формализиран и поддржан од еден институционален механизам.**

Предностина институционалната арбитража се : структуираност и сигурност во водење на постапката, подготвеност и искусност на арбитражните тела, професионалност и искуство на арбитражните тела и најважно механизам за надзор вклучувајќи административна поддршка.

- Некои од најзначајнитеарбитражни институции се:

Постојан арбитражен суд (Permanent Court of Arbitration- PCA)во Хаг, кој е основан во 1899 година. PCA обезбедува форум за решавање на меѓународните спорови меѓу државите исто така и држави и меѓународните организации, како и меѓу држави и приватни субјекти. Се одликува со високо ниво на неутралност.

ICSID (International Centre for Settlement of Investment Disputes) кои претставува центар при Светска банка, кој е специјализиран за решавање на спорови меѓу

инвеститори и држави. Важен инструмент претставува во заштитата на странските инвестиции, особено во рамки на билатерални инвестициони договори.

ICC (International Court of Arbitration) претставува Арбитражниот суд при Меѓународната трговска комора со седиште во Париз, е една од најважните институции за решавање на комерцијални спорови. Нуди унифицирани кои го олеснуваат постапувањето и ја зголемуваат предвидливоста на процесот.

LCIA (London Court of International Arbitration)има седиште во Лондон, оваа институција е позната по својата професионалност и ефикасност, особено во комерцијални и инвестициони арбитражи. Применува свои посебни правила, кои ја балансираат автономијата на странките и самиот надзорот на арбитражниот процес.

- **Задолжителна арбитража**

Задолжителната арбитража претставува една од најважните форми на решавање на спорови во која **страните однапред се обврзале да прифатат арбитражна надлежност**,. Овој вид арбитража најчесто произлегува од **претходно преземени меѓународни обврски**, формализирани преку:**билатерални или мултилатерални договори,членство во меѓународни организации**, и**едностранu правно обврзувачки декларации**.

Во суштина, обврзувањето кон задолжителна арбитража има за цел да се избегнат можните одложувањаи решавањето на спорови, преку однапред дефиниран механизам кој има **автоматска примена** во случај на спор.

Еден од најкарактеристичните примери за задолжителна арбитража се наоѓа во рамките на **Светската трговска организација (WTO)**. Земјите-членки, со самото членство, се согласуваат дека ќе ги решаваат сите трговски спорови исклучиво преку **механизмот за решавање на спорови** на WTO. Овој механизам пред се вклучува **панел од експерти**, можност за жалба, и задолжителност на донесените одлуки. Со тоа, се обезбедува брз, транспарентен и правно обврзувачки пристап кон решавање на трговски несогласувања.

Друг значаен пример за задолжителна арбитража се јавува кај државите кои имаат издадено **декларација за прифаќање на задолжителната надлежност на Меѓународниот суд на правда (МСП)**, согласно **член 36, став 2** од **Статутот на Судот**.

Пред се со таква декларација, државата однапред прифаќа судска или арбитражна надлежност на МСП во спорови со други држави кои имаат поднесено слична декларација. Овие декларации може да бидат неограничени, временски ограничени, или условени со специфични резерви.

Во **конкретниот случај со Република Грција**, нејзината декларација за прифаќање на надлежноста на МСП беше повлечена делумно или модифицирана по поднесувањето на тужбата од Република Северна Македонија во 2011 година. Еден важен чекор е дека ова покажува дека, иако механизмот е задолжителен со декларацијата, државите можат **едностранo да го ограничаат или повлечат**, особено кога сметаат дека не им одговара во даден политички контекст.Задолжителната арбитража нуди најчесто **предвидливост, правна сигурност и институционална стабилност**, особено во комплексни и потенцијално долготрајни меѓународни спорови.

Таа е алатка што ја намалува можноста за арбитрарни одбивања на арбитража или за политичко одложување на процесите, но не е исклучена и од од манипулации или стратешки промени на позициите на државите.

Главната вредност на задолжителната арбитража се огледа во нејзината **способност да спречи политичка манипулација и едностранo одбивање на правна одговорност**. Таа обезбедува дека спорот ќе се реши по правен пат, врз основа на меѓународното право, без оглед на моменталните односи меѓу страните. Ова е особено значајно во **регионални конфликти** или **спорови со историска или етнополитичка димензија**, каков што беше и спорот за името меѓу РСМ и РГ.

- **Постојана арбитража**

Постојаната арбитража претставува тип на арбитража што се спроведува во рамки на **трајно основани и институционално организирани форуми**, создадени со **меѓународен договор** или **правен акт**, кои имаат **континуирана надлежност** за решавање на различни категории спорови.

Овие институции обично постојат **надвор од конкретниот спор** и се активираат кога страните ќе побараат арбитражно решавање, по однапред утврдени правила.

Најпознат пример за постојана арбитража е **Постојаниот арбитражен суд (Permanent Court of Arbitration – PCA)**, како што го напоменавме основан во 1899 година со Конвенцијата од Хаг. И покрај името, PCA **не е суд во класична смисла на зборот**, туку **механизам кој овозможува формирање ad hoc арбитражни трибунали** за конкретни спорови.

Членки на PCA се над 120 држави, вклучувајќи ја и **Република Северна Македонија**, што и овозможува да иницира или учествува во постапки пред оваа институција. PCA е доста важно што има доволно капацитет да решава **меѓудржавни спорови**, **спорови меѓу држави и приватни субјекти**, како и **меѓународни инвестициски и поморски спорови**.

Во последниве децении, PCA добива на значење особено во спорови кои бараат **висок степен на неутралност, правна експертиза и доверливост**. Ќе напоменам некои позначајни случаи кои биле решени во нејзини рамки :

Филипини против Кина (2016) спор околу правото на користење на води и ресурси во Јужното Кинеско Море;

Еритреја против Јемен (1998–1999) спор за држави кои бараат **стабилен, неутрален и легитимен форум** за решавање на спорови, но не сакаат да се обврзат на постојано судско решавање пред тела како што е Меѓународниот суд на правда[32]. Таа овозможува **комбинирање на предностите на ad hoc пристапот со сигурноста на институционална поддршка**, што ја прави меѓу најприфатливите форми на арбитража во денешната меѓународна пракса.

3.1.3 Судско спогодување (главни карактеристики, правна рамка, функции)

Судското спогодување претставува форма на едно **алтернативно решавање на спорови** што се реализира и е утврдено во судскиот систем, со цел страните да постигнат пред се заемно прифатлив договор без потреба од долготрајно продолжување на постапката и донесување судска пресуда.

Државните членки во спорот можат да бараат решение со поднесување спор поред претходно конституиран меѓународен суд или трибунал составен од независни судии

[32] https://iccwbo.org/dispute-resolution/dispute-resolution-services/arbitration/

чии задачи се да решаваат спорови врз основа на меѓународните закони и донесување одлуки кои се обврзувачки за странките.

Овој институт е присутен како дел од напорите да се зголеми унапредување на ефикасноста на судовите, намалување на трошоците за граѓаните, како и поттикнување на помирлив начин да се разрешуваааат правните конфликти.

Судското спогодување се смета за дел од поширокото движење на алтернативни методи за решавање на спорови ADR (Alternative Dispute Resolution), иако за разлика од медијацијата и арбитражата, се спроведува **во судска постапка, под надзор на суд** и често во присуство на судија.

Главните карактеристики и предности на судското спогодување укажуваат на некои суштински обележја кои се издвојуваат за полесно решавање на споровите:

Доброволноста пред се укажуваа на тоа што страните пред се доброволно се договораат да преговараат и да си помогнат да дојдат до постигнување на договор. Иако самиот суд има можност да посочи и предложи спогодување, тој не ни треба ни можи да ги принуди странките да се спогодат, ниту да им наметни некакви услови на договорот.

Самата флексибилност укажува дека постапката е пофлексибилна од самата класична судска процедура. Самите дискускии кои се дел од тој процес може да водат до една неформална атмосфера, без едни процесни правила што се придонесува до една подобра комуникација меѓу страните.

Исто така конфиденцијалноста укажува на тоа дека разговорите што се водат за време на преговорите, не се објавуваат во јавност и не можат да се користат како доказ во понатамошна постапка, доколку не се премини на следен чекор и спогодбата не се постигне.

Самата судска потврда што се потврдува во случаеви на едно успешно спогодување, страните пред се потпишуваат еден спогоден акт кој судот го внесува во записник или се одобрува како судско порамнување, што дава сила на една извршна исправа, слично како судска пресуда .

Да не ја заборавам и економичноста што се постигнува, со избегнување на долгата и често доста скапа процедура, страните штедат време и финансии. Ова е особено важно за страните посебно од многуте социјални ранливи категории.

- **Правната рамка**

Судското спогодување како што напоменав и погоре во мојот магистерски труд го опишуваам како процес за да постигне мирно решавање на споровите. Доста поактуелен инструмент станува познат и во современите правни системи, вклучително и нашата РСМ. Неговата примена е правно поддржана и утврдени преку неколку нормативни извори на едно национално и пред се меѓународно ниво. Ке го спомнам и утврдам **Законот за парничка постапка познат како ЗПП.**

Самата релативна правна основа за судското спогодување се содржи токму во овај закон. **Конкретно во член 307**[33] е утврдена и можноста судот да ги повикува странките на спогодување, во текот на самата постапка или да ги упати на медијација, со цел мирно да се решаваат споровите без да се донесува судска одлука. Овај чекор и упатување може да се изврши во секој стадиум од самата постапка, што му дава на судот една активна улога во охрабување на странките да се постигни договор.

Во член 308, од истиот закон се предвидува дека странките постигнуваат спогодба, таа може да биде внесена во еден судски записник и да се потврди од судот како едно судско порамнување. Спогодбата треба пред се да се постигне на начин што ќе се утврди силата на правосилната пресуда, тоа укажува дека е обврзувачка и извршна.

Оваа одредба пред се претставува еден суштински елемент за зајакнување на важната правна сигурност на странките.

Тука ќе ја спомнам и **медијацијата** која е доста значајна и **главно се спроведува надвор од судска постапка. Законот за медијација содржи општи принципи кои се применливи и во рамки на судското спогодување.**

Законот го дефинира медијаторот, начинот на водење на медијацијата, правниот ефект на медијаторскиот договор и правото на извршување на

[33] https://www.pravda.gov.mk/upload/Documents/ЗПП%20редакциски%20пречистен%20текст%202015%281%29.pdf

спогодбата.[34]Идејата на законодавецот е да се создаде правна и добра институционална инфраструктура која ќе овозможи функционално решавање на спорови преку посредување. Преку овој закон се поддржува и самиот **компромис**, што е суштински услов за **ефективно судско спогодување.** Дополнително, со воспоставување регистар на едни овластени медијатори, се создава кадровска база што може да се користи и во судска постапка, кога судот ќе упати на медијација.[35]

На ниво на Европската унија, ќе ја спомнам **Директивата 2008/52/ЕЗ** на Европскиот парламент и Советот за одредени аспекти на медијацијата во граѓански и трговски спорови, претставува значаен доста битен и нормативен акт кој ги охрабрува државите членки и оние кои се во тек во процесот на интерација, да ја развиваат и применуваат медијацијата во рамки на судските системи. [36]Таа не само што ја признава **вредноста на медијацијата на судското решавање**, туку и ги обврзува земјите да обезбедат услови за извршување на медијаторските договори и да ја вклучат медијацијата во судските постапки.

Со оглед на заложбите на Република Северна Македонија за хармонизација на правниот систем со acquis communautaire, примената на судското спогодување е во согласност со овие европски трендови. Самата примена на судското спогодување и медијатаца во нашиот правосуден систем на нашата држава не само што е во согланост со европските правни системи туку и ја засилува самата економичност и хуманост на успешно решавање на споровите. Со што во голема мера е од важност за правната сигурност и самата поголема доверба на граѓаните во самиот правосуден систем.[37]

3.1.4 Меѓународен суд на правда (ICJ)

Меѓународниот суд на правда познат како International Court Justice - ICJ, преставува Светски суд и еден од главните судски органи на Обединетите нации и има доста важна и централна улога во решавањето на меѓународните правни спорови меѓу државите, како и во давање на ефикасни правни мислења по прашања кои му се поставуваат од страна

[34]https://www.pravda.gov.mk/Upload/Documents/Zakon%20za%20medijacija.pdf
[35]https://www.pravda.gov.mk/upload/Exams/Zakon%20za%20medijacija%20sl.v.br.188.13.pdf

[36]https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2008/52/oj

[37]https://rm.coe.int/north-macedonia-20220630-deliverable-2/1680a8c31f

на овластени органи на ОН и други меѓународни организации. Фундаментален столб преставува овај суд посебно кај меѓународниот правосуден систем и се преставува начелото за мирно решавање на споровите согласно Повелбата на Обединети нации.

Член 36 став 1, од Статутот на МСП предвидува дека „ самите надлежности Судот ги опфаќа сите случаеви во кои страните се повикуваат на него“, се прави по пат на известување на еден посебен договор или компримис склучен од страните за таа цел[38]. Како начин кој што го нуди овај суд за разрешување на правните спорови, со кој се користи неговата работи и тоа кога самите договори упатуваат на негова надлежност или пак кога самите страни во спорот дополнително ќе се согласат околу тоа. Основан е МСП во 1945 година. Сместен во палатата на мирот во Хаг. Неговата надлежност и работа е во согласност на Статутот кој преставува составен дел од Повелбата на ОН врз основа на член 92 до член 96.

Самиот суд има две главни функции:

- **Разрешување на правните спорови меѓу државите и врз основа на меѓународното право;**
- **Давање на советодавни мислења по правните прашања кои ги поставуваат овластените тела н ОН или специјализирани агенции.**

Судот нема надлежност која се појавува по автоматизам, но самите држави неговата надлежност можи да си ја прифатат доброволно, како што утврдив претходно преку специјален договор(compromis) помеѓу страните, декларации за прифаќање на надлежности согласно член 36, став 2 од Статутот на МСП и познатите меѓународни организации кои се во поголема важност и содржат клаузула за решавање на спорови пред ICJ.

- **Состав МСП и процедура**

ICJ е составен од 15 судии избрани од Генералното собрание и Советот за безбедност на ОН, со мандат од девет години, со можност за реизбор.
Судиите пред се мора да бидат лица со висок морален интегритет и признати во областа на меѓународното право. Постапката пред Судот се води според строго утврдени правила, со писмена и усна фаза. Пресудите се обврзувачки само за странките во спорот

[38] https://www.icj-cij.org/basis-of-jurisdiction

и во однос на конкретниот случај (член 59 од Статутот на ICJ), но сепак имаат големо влијание врз развојот на меѓународното право..

Судиите се подобни на реизбор. Во случаеви судијата да почине или поднесе оставка за време на неговиот или нејзиниот мандат, специјално се одржуваат избори што е можно поскоро за да се избере судија кој ќе го пополни местото. На секој избор на членовите на Судот, главни органи се: Генералното собрание и Советот за безбедност и се бара да се има во предвид дека во МСП како целина претставени се главните облици на цивилизација и главните правни системи на светот. Треба да се нагласи дека, откако ќе биди избран, членот на Судот не е делегат ниту на владата на неговата сопствена земја, ниту на владата на која било друга држава. За разлика од повеќето други органи на меѓународните организации, Судот не е составен од претставници на влади.

Мнозинство членови на Судот живеат во Хаг и поради обврските, поголем дел од годината го врват таму. Условот е дека ниту еден член на Судот не смее и не треба да се занимава со друго занимање. Немаат дозвола да вршат било каква друга политичка или административна функција, ниту да дејствуваат како агент или застапник на некој друг случај. Во зависно од обврските, судиите можат истовремено и да држат одредени предавања. Тие можат да дејствуваат како арбитри во меѓудржавни спорови. Сепак самите членови се предмет особено на строги правила во однос на прашања поврзани со нивната должност и за некомпатибилност на функциите. Бидејќи во МСП нема заменици судии, никој друг не е замена за нив.

Претседателот исто така може според неговото мислење да истакни за одреден член на Судот дека не треба да седи во одреден случај. Секое сомневање кое што го има или несогласување по оваа точка се решава единствено со одлука на Судот.

Судијата ад хок, пред да ги презема своите надлежности, треба да направи една свечена изјава како избран член на Судот и да зема учество во секоја наредна одлука побрзана со случајот, пред се треба да постои еднаквост со неговите или нејзините колеги. Добива надомест за секој ден поминат во извршување на своите обврски, со цел да учествува во работата на Судот и секој ден да разгледува случај кој е надвор од Хаг.[39]

Самата надлежност на Судот во сите постапки за решавање на споровите меѓу државите засновани врз нивната согласност може да се изрази на неколку начини:

- Со склучување на посебна спогодба- веќе постои спор помеѓу државите, кога тие склучуваат посебна спогодба за надлежност на МСП само во тој случај.
  Пример:Случајот со Спогодбата помеѓу Камбоџа и Тајланд во спорот за храмот Преах Вихеар.[40]
- Случаи предвидени во договорите и конвенците- согласност член 36 (1) од Статутот на Судот, случај кога самата надлежност е утврдена во компромисна клаузула во договорите и конвенциниите кои се во сила.
  Пример: Член 22 од Меѓународната конвенција за елиминација на сите форми на расна дискриминација [41]
- Задолжителна надлежност, кога државата со едностана декларација ја прифаќа самата надлежност на Судот.
  Пример:Над 70 држави имаат ваква декларација, но често со резервации на **пр. клаузули за национална безбедност или ограничување по време.**[42]
- Forum proragatum- кога друга држава не ја признава јуридикцијата на Судот во моментот кога друга држава иницира да се води постапка пред МСП.[43]Претставува ситуација во која **државата тужителка поднесува тужба** против држава која во моментот **не ја признава надлежноста на Судот**, но таа втора држава подоцна **имплицитно ја прифаќа надлежноста**.

3.1.4 Примена во пракса – спорот за името помеѓу Северна Македонија и Грција

Сепак можам да истакнам дека овај дел е доста битен за спорот за името со кои се соочувала нашата држава и соседната држава со ICJ. Суштината на овај спор лежеше во противењето на Грција на употребата на уставното име „Република Македонија“, кое според грчката страна, содржело територијални претензии кон северниот дел на Грција –истоименатa област Македонија.

Самиот спор за името помеѓу нашата држава и Грција преку својот тек и разрешница, го демонстрираше на некој начин комплексниот карактер на меѓународните

[40]https://en.wikipedia.org/wiki/Preah_Vihear_Temple
[41]United Nations, *International Convention on the Elimination of All Forms of Racial Discrimination*, 1965, Article 22; United Nations Treaty Series, vol. 660, 1969.
[42]https://www.icj-cij.org/declarations
[43] Rosenne, Shabtai. *The Law and Practice of the International Court, 1920-2005*. Martinus Nijhoff Publishers, 2006.

спорови, каде што самото меѓународно право и дипломатијата треба да работат заедно за да ја остварат главната цел, а тоа е постигнување на трајно и праведно решение. Пресудата на МСП, беше значаен чекор пред се да се потрвди правната рамка, но само со големата дипломатска волја и добар компромис беше можно да се надминат длабоките недоразбирања и историски разлики. Овај случај преставува поука и модел за идни решенија за разрешување на меѓудржавни конфликти.

Во обид да се надмине ова големо несогласување меѓу двете страни **во 1995 година двете држави потпишаа Привремена спогодба, со која Македонија се согласи привремено да се нарекува „Поранешна Југословенска Република Македонија или наречена ПЈРМ,** додека траат преговорите за конечното име[44]. Како дел од спогодбата, Грција се обврза да не го попречува членството на Македонија во меѓународни организации додека се користи оваа привремена референца од особено значење за Привремената спогодба со Р. Грција, поднесен во 2008 година. Суштината на спорот сепак со години лежеше во противењето на соседна Грција на употребата на уставното име „Република Македонија“, според грчката страна, содржело територијални претензии кон северниот дел на Грција, истоимената област Македонија. А како дел од спогодбата, Грција се обврза да не го попречува членството на Македонија во меѓународни организации за време на оваа привремена референца.

Сепак, во 2008 година, за време на важниот Самит на НАТО во Букурешт, Грција го блокираше приемот на Македонија во Алијансата, и покрај тоа што земјата аплицираше под референцата ПЈРМ. Тоа го поттикна Владата на Република Македонија поради револтот да поднесе тужба пред ICJ, тврдејќи дека Грција ја прекршила Привремената спогодба која што ја склулиле, конкретно членот 11(1) кој ја обврзуваше да не се противи на нејзиното членство во меѓународни организации во иднина.

ICJ ја објави пресудата на 5 декември 2011 година. Судот, со мнозинство гласови, заклучи дека Грција ја прекршила Спогодбата со тоа што се противела на членството на Македонија во НАТО. Меѓутоа, Судот не нареди компензација ниту изрече санкции, туку се ограничи на констатација на повредата, што е во

[44] https://www.icj-cij.org/case/142
Application of the Interim Accord of 13 September 1995 (the former Yugoslav Republic of Macedonia v. Greece)

согласност со неговата улога како механизам за мирно решавање на спорови, а не како казнен орган.

Важноста на оваа пресуда не лежи толку во правните последици по Грција, туку во нејзиниот поширок дипломатски ефект. Пресудата пред се утврди дека правото на Македонија да се стреми кон членство во меѓународни организации без условување од спорот за името, придонесе за зајакнување на нејзината меѓународна позиција. Истовремено, таа стави правен притисок врз Грција да се вклучи поинтензивно во преговорите.

Оваа голема правна победа го отвори патот за обновување на дијалогот повторно, што во наредните години кулминираше со потпишувањето на Преспанскиот договор во 2018 година. Со тој договор, двете страни се согласија на новото име „Република Северна Македонија“, повторно нашата држава толерантна во процесот, со што спорот беше официјално затворен.

Споредбено, може да се каже дека улогата на ICJ беше клучна во обезбедување правна основа и во градење доверба меѓу страните, иако директното решавање на спорот на крајот беше постигнато преку дипломатски средства.

Овој пример потврдува дека ICJ, иако има ограничена извршна моќ во овај момент, сепак игра важна улога во легитимирање на позиции, во потикнување и во толкување на меѓународни договори и во обезбедување правна рамка што го поттикнува мирното решавање на длабоко вкоренети политички конфликти.

Покрај позитивните ефекти кои ги посочив и утврдив сепак според моето сознание и истражување има и негативни ефекти.

Иако Судот заклучи дека Грција ја прекршила Привремената спогодба, **не наметна конкретни санкции или правни обврски**. Пред се се очекуваше да се наметнант правни норми. Ова ја ослаби ефективноста на пресудата и доведе до чувство на фрустрација во македонската јавност и политичкиот спектар, голема правна формалност и ограничена надлежност.

Судот одлучува само врз основа на претходно склучени договори (како што е Привремената спогодба) и не навлегува во поширoки политички или историски аспекти

на спорот. Тоа ја ограничува целосната разрешница на комплексни меѓудржавни прашања и самата поддршка. Одложување на решението сепак придонесе кон судскиот процес пред ICJ да биди долг, и во случајот со спорот за името, пресудата беше донесена три години по поднесување на тужбата (од 2008 до 2011). Тоа го одложи и дипломатското решавање на спорот и членството во НАТО.

Имаше и влијание врз меѓународната заедница. Иако ICJ ја поддржа правната позиција на Македонија, меѓународната заедница (вклучувајќи ги САД и ЕУ) продолжи да го поддржува дипломатскиот пристап, оставајќи го судското решение во сенка. Тоа покажа дека судските одлуки понекогаш имаат ограничена политичка тежина. Имањето неуспех да се спречи идната блокада, ICJ сепак не понуди механизам кој ќе спречи повторни обструкции од страна на Грција во други меѓународни институции. Тоа значеше дека нашата држава остана подложна на политички условувања, сè до потпишување на Преспанскиот договор.

И покрај самата важност на овај процес пред МСП, постојат и доста значајни недостатоци кои требало да се поправат. Најнапред, самата судска постапка беше исклучително формализирана и ограничена само за да толкува одредби од Привремената спогодба. Судот подетално требаше да навлезе во суштинските и историските апсекти на долгогодишниот спор. Ова значи дека самите прашања поврзани со идентитеот, самото име на нашата држава и секако културното наследство кои беа суштински елементи за спорот, останаа надвор од правното разгледување.

Значи според моето сознание и истражување за овај спор се создаде еден впечаток дека правдата беше изведена само на техничко прашање, без пошироко да се разбере самата комплексност на меѓудржавниот конфликт кој траел со години.

Понатаму ICJ, не може да спроведе свои одлуки со сила, бидејќи пред се не располага со извршната власт, еден од најважните карактеристки. Овај недостаток е посебно значаен во случаи кога една држава пред се не ги почитува пресудите, и сепак се намали и ефектот на пресудата. Секако и долготрајното времетраење на постапакта, вклучително три години од поднесувањето до донесувањето на пресудата, ја забави можноста за дипломатско решение и побрзо членство на Македонија во НАТО. Со ова можност се изгуби драгоценото време за напредок на евроатланската интеграција, се отежнува и процесот на градење доверба меѓу страните кои суштинско делува за да се означи и да се наречи една голема успешна дипломатија. Единствено што можам да

посочам, МСП ја потврди повредата на самите права кои што ги има нашата држава, не понуди еден презицен и ефикасен механизам за подобра заштита на сличните права во иднина. Сепак, овој процес, ќе истакнам дека покажа и покрај успешноста, остануваат нерешени прашања кои може да предизвикаат идни тензии понатаму за двете држави.

Дел од македонската јавност и политички кругови изразија големо незадоволство од компромисот, особено поради прифаќањето на новото име и делумното отстапување од националниот идентитет, посебен голем револт за македонската јавност. Ова отвора прашања за тоа како националните идентитети и историјата ќе бидат интегрирани во идните меѓудржавни односи.[45]

Исто така, ограничената извршна моќ на МСП ја потенцира важноста од соработка и взаемна доверба меѓу државите за имплементација на судските одлуки. Случајот со спорот за името го илустрира ризикот од продолжени политички блокади кои можат да го одложат или попречат применувањето на правните решенија.

Спорот и неговото решавање претставуваат значаен пример за тоа како меѓународното право и судството можат да бидат корисни добри алатки во мирно решавање на сложени политички конфликти. И покрај ограничувањата, овие институции обезбедуваат една рамка за дијалог, толкување на договори и поттикнување на сложените политички решенија.

Со тоа, овој пример ја нагласува потребата од комбинација на дипломатски и правосудни начини на решавање, кои ги истражувам и кои можат да се надополнуваат во различни фази од конфликтите. Мирот и стабилноста во регионот зависи од ваквиот интегриран пристап, кој ги зема предвид и правните норми и политичките реалности.

Дополнително, спорот за името меѓу нашата и соседната држава ја нагласи потребата од јасни и големи ефикасни механизми за решавање на спорови во рамки на меѓународното право.

Иако Меѓународниот суд на правда ја утврди правната неоснованост на блокадата од страна на Грција, сепак неговата пресуда немаше голема принудна сила, што ја потврдува ограничената примена на судските одлуки во меѓународниот контекст, особено кога станува збор за прашања со повисоко политичко значење.

[45] https://www.theguardian.com/world/2018/jun/13/macedonia-rejects-treaty-greece-name

Од друга страна, дипломатскиот аспект се покажа како клучен во финалната фаза на решавањето на спорот. Преспанскиот договор, и покрај постојаните жестоки политички дебати и несогласувања во двете држави, претставува пример за една зрелост и конструктивна политичка волја. Овој договор не само што придонесе за деблокирање на евроатлантската интеграција на Северна Македонија, туку и ја поттикна регионалната стабилност и соработката на Балканот.

Може да се заклучи дека ниту еден механизам сам по себе, ниту судскиот, ниту дипломатскиот не може целосно да одговори на ваквите сложените барања на меѓународните спорови. Комбинацијата на правна аргументација, институционална постапка и дипломатски преговори е потребна за да се постигне едно добро одржливо решение. Спорот за името претставува пример за успешна синергија на овие елементи, но и потсетник за тоа колку се важни пред се трпението, компромисот и поддршката од меѓународната заедница.[46]

Конечно, случајот има и пошироко значење за меѓународното право и меѓународните односи. Тој потврдува дека дури и кога конфликтите вклучуваат прашања од идентитетски, историски и емоционален карактер, како нашиот спор, се уште постојат алатки и механизми кои, ако се користат конструктивно, можат да доведат до мирно и праведно решавање на споровите.

[46] https://press.un.org/en/2024/sgsm22276.doc.htm

4. ДРУГИ ВИДОВИ НА МЕЃУНАРОДНИ СУДСКИ И КВАЗИ-СУДСКИ ТЕЛА

Меѓународниот кривичен суд претставува првиот постојан меѓународен суд. Покрај познатиот Меѓународниот суд на правдата како примарен судски орган и ефикасен орган на Обединетите нации, современото меѓународно право предвидува постоење и на други судски и квази-судски тела кои се со голема ефикаснот и имаат важна улога во одржување на меѓународниот правен поредок и во мирно решавање на споровите.

Овие тела се создадени со цел да одговорат на специфични сложени правни, политички или регионални потреби, и нивната надлежност може да биде **ограничена по тематика (како што е заштитата на човековите права или гонењето на воени злосторства) или по географски опфат.**

Судските тела, Меѓународниот кривичен суд и како што се Европскиот суд за човекови права или Постојаниот арбитражен суд имаат формализирана структура и постапка која резултира со задолжителни пресуди. Од друга страна, квази-судските тела можат да имаат повеќе пред се советувачка, медијаторска или надзорна улога, иако во практика често вршат значајно влијание врз однесувањето на самите државите и меѓународните актери.

Нивната активност претставува значаен придонес во унапредувањето на меѓународното право, особено во областите каде што класичните механизми на судска правда се недоволни или нецелисходни. Понатаму, ваквите тела обезбедуваат дополнителни патишта за правна заштита и решавање на спорови, притоа промовирајќи вредности како што се владеење на правото, правдата и човековите права.

Тие може да се класифицираат во две основни категории:

- **Меѓународни судски тела, кои имаат формализирана структура и надлежност за донесување на задолжителни одлуки и пресуди;**
- **Квази-судски тела, кои имаат повеќе советодавна, медијаторска или надзорна функција, но со значително влијание врз развојот на меѓународното право и пракса.**

Овие тела претставуваат дополнителен механизам за решавање на спорови, особено во области каде што класичните судски постапки не се доволни или нецелисходни. Тие промовираат најважните принципи на владеење на правото, правдата и имаат

улога во заштитата на човековите права, и обезбедуваат повеќе опции за решавање на конфликти на меѓународната сцена.

Во продолжение, ќе бидат разгледани некои од најзначајните меѓународни судски и квази-судски тела:

4.1 Меѓународен кривичен суд (International Criminal Court)

Надлежен за кривично гонење на поединци одговорни за најтешките злосторства од меѓународно значење – геноцид, злосторства против човештвото, воени злосторства и злосторството на агресија. Судот е основан со донесувањето на еден Римскиот статут во 1998 година, а со своето дејствување започна званично на 1 јули 2002 година, по влегувањето во сила на Статутот[47]. Седиштето на судот се наоѓа во Хаг, Холандија.

Меѓународниот кривичен суд претставува значен историски исчекор во развојот на меѓународното кривично право. Иако неговата ефикасност зависи од голема соработката на државите и зголемена политичката волја на меѓународната заедница, постоењето на оваа институција е силна порака дека ниту едно од најтешките кривични дела нема да останат неказнети.

Судот ја остварува својата надлежност врз основа на четири димензии: **лична, територијална, материјална и временска**. Тој е надлежен само за кривични дела сторени од физички лица (не и од држави или организации), за дела извршени на самата територија на држава-членка или од нејзини државјани, и тоа само доколку се сторени по 1 јули 2002 година.[48]

Во согласност со принципот на комплементарност, судот постапува само кога надлежните органи на државите не можат или сепак не ни сакаат да преземат постапка против сторителите. Ова значи дека примарната одговорност за гонење останува на државите, додека судот интервенира во исклучителни случаи кога правдата е попречена на национално ниво.[49]

Организациски, Меѓународниот кривичен суд е составен од четири главни тела: Претседателството, Судските оддели, Канцеларијата на обвинителот и

[47] Rome Statute of the International Criminal Court, United Nations, 1998

[48] https://treaties.un.org/

[49] https://blog.oup.com/2015/11/criticisms-international-criminal-court
Distant Justice: The Impact of the International Criminal Court on African Politics"

Регистарот. Канцеларијата на обвинителот има клучна улога во започнувањето и водењето на истражни и обвинителни постапки. И покрај својата значајна улога во зајакнување на меѓународната правда, самиот суд се соочува со бројни предизвици. [50]

Меѓу нив се ограничената соработка од држави кои не се страни на Статутот (како што се САД, Русија и Кина), политички притисоци, ограничени финансиски ресурси, но и критики за пристрасност поради преовладувачкото гонење случаи од африканскиот континент.

Во својата досегашна пракса, Судот има покренато неколку значајни случаи, меѓу кои се издвојуваат постапките против Омар ал-Башир (обвинет за геноцид во Дарфур), Томас Лубанга (осуден за регрутација на деца-војници во Конго) и неодамнешниот налог за апсење на Владимир Путин, во контекст на конфликтот во Украина.[51]

Меѓународниот кривичен суд претставува значаен чекор напред и пред се најважна улога има во борбата против неказнивоста на најтешките злосторства и е темел пред се на глобалниот систем на кривична правда.[52]

Еден од клучните најважни големи принципи на функционирање на судот е најважниот **принципот на комплементарност**. Тој значи дека Судот не ја заменува националната правосудна власт, туку постапува само кога во крајности државните судови не можат или не сакаат да поведат гонење против сторителите на меѓународни кривични дела. На овој начин, **примарната одговорност за гонење останува на државите**, додека Меѓународниот кривичен суд интервенира единствено само во исклучителни случаи.

Меѓународниот кривичен суд има најголема важна улога во гонењето на поединци, одговорни за едно од најтешките кривични дела од меѓународно значење. Надлежноста на Судот е строго дефинирана во **Римскиот статут** и се однесува на четири главни категории на кривични дела:

- **Геноцидот**

Едно од познатите и најтешките меѓународни злосторства и се карактеризира со намерно уништување, целосно или делумно, на одредена национална, етничка, расна или верска група. За да се квалификува како геноцид, мора да постои како прво **намера**

[50] Rome Statute of the International Criminal Court, 1998.
[51] https://www.icc-cpi.int/
[52] Cassese, A. International Criminal Law, Oxford University Press, 2013.

за уништување на групата како таква, а не само последица од војни или конфликти. Примери на геноцид ќе ги потврдам настаните во Руáнда во 1994 година, каде беа убиени за жал и стотици илјади припадници на Тутси, како и познатиот холокаустот за време на Втората светска војна. МКС има овластување пред се да гони сторители кои директно учествувале во вакви дејствија или кои како надредени лица наредиле или овозможиле нивно извршување.[53]

- **Злосторствата против човештвото**

Се систематски и широко распространети напади против цивилното население, кои може да вклучуваат убиства, депортации, ропство, тортура, сексуално насилство и други нехумани постапки. Овие дела се насочени кон поголем број луѓе и се извршуваат како дел од една политичка, воена или идеолошка стратегија. Целта е да се нанесат големи страдања или да се дискриминира група на луѓе врз основа на нивната припадност. Примери се масовните напади врз цивилите во Конго, Либија и Сирија. МКС постапува против лица кои организирале, извршиле или придонеле за вакви злосторства.

- **Злосторството на агресија**

Претставува употреба на вооружена сила од страна на една држава против суверенитетот, територијалниот интегритет или политичката независност на друга држава, спротивно на Повелбата на Обединетите нации. Ова зло не се однесува само на изолирани воени дејства, туку на **организирани и планирани акти на агресија**. Активирањето на надлежноста за злосторство на агресија на МКС беше договорено подолго време и формално започна со дополнителните протоколи во 2018 година. Примери на можни случаи вклучуваат интервенции или инвазии без одобрение од ОН, каде се утврдува одговорност на индивидуалните лидери

Самите злосторствата против човештвото се систематски и широко распространети напади против цивилното население, кои може да вклучуваат убиства, депортации, ропство, тортура, сексуално насилство и други нехумани постапки. Овие дела се насочени кон поголем број луѓе и се извршуваат како дел од една **политичка, воена или идеолошка стратегија**. Целта е да се нанесат големи страдања или да се дискриминира група на луѓе врз основа на нивната припадност. Примери се масовните

[53] https://www.ushmm.org/

напади врз цивилите во Конго, Либија и Сирија. Меѓународниот кривичен суд постапува против лица кои организирале, извршиле или придонеле за вакви злосторства.

Познатите **злосторството на агресија** претставува употреба на вооружена сила од страна на една држава против суверенитетот, територијалниот интегритет или политичката независност на друга држава, спротивно на Повелбата на Обединетите нации. Ова зло не се однесува на само изолирани воени дејства, туку на **организирани и планирани акти на агресија**. Активирањето на надлежноста за злосторство на агресија на МКС беше договорено подолго време и формално започна со дополнителните протоколи во 2018 година. Примери на можни случаи вклучуваат интервенции или инвазии без одобрение од ОН, каде се утврдува одговорност на индивидуалните лидери.

- **Воени злосторства**

Се кривични дела што претставуваат сериозни прекршувања на Женевските конвенции и обичајното меѓународно хуманитарно право, извршени за време на вооружени конфликти. Тука спаѓаат намерни напади врз цивили, користење на забранети оружја, злосторства врз воени заробеници и уништување на цивилни објекти. Воени злосторства се карактеризираат со тоа што **се извршуваат во контекст на конфликт**, но нивната цел не е само воена предност, туку и нанесување на непотребна штета на цивилите. Примери се случаите на Судот поврзани со регрутација на деца-војници во Демократска Република Конго или нападите во Судан.

Временска и територијална надлежност на Меѓународниот кривичен суд може да постапува само пред се за дела извршени по 1 јули 2002 година. Дополнително, надлежноста на Судот е ограничена на државите кои се потписнички на Римскиот статут или ако Советот за безбедност на ОН упати случај за истрага. Ова ограничување гарантира првично дека Судот не се меша во постојни конфликти пред своето воспоставување, но истовремено ја ограничи неговата глобална примена.

Судот може да постапува само за дела извршени по 1 јули 2002 година. Дополнително, надлежноста на Судот е ограничена на државите кои се потписнички на Римскиот статут или ако Советот за безбедност на ОН упати случај за истрага.

И покрај позитивните страни кои што ги истражив и потенцирав за судот, можам да утврдам и покрај својата важна улога во промовирањето на меѓународната правда, Судот за жал се соочува со сериозни критики и ограничувања кои влијаат врз неговата

одлука, а претставува еден од најзначајните достигнувања во развојот на современото меѓународно кривично право. Неговото функционирање не е без проблеми и ограничувања.

Прво, ќе напоменам дека иако Римскиот статут, кој го воспостави Судот, е ратификуван од голем број држави, сепак постојат клучни меѓународни актери како САД, Русија и Кина кои не го потпишале или не го ратификувале.

Оваа состојба многу ја ограничува универзалната примена на нормите на Судот и ја намалува неговата способност да постапува во сите ситуации каде што се вршат тешки меѓународни кривични дела.

Второ, се утврдува дека Судот нема сопствена извршна сила и е целосно зависен од соработката на државите членки за спроведување на своите одлуки, вклучително и за апсење и предавање на обвинетите. Ова значи дека доколку државите одбијат да соработуваат, дури и со донесена одлука од Судот, таа останува без практична реализација.

Трето, Судот се соочува со големи политички притисоци и обвинувања за селективност во својата работа. Често се упатуваат критики дека Меѓународниот кривичен суд претежно се фокусира на случаи од одредени региони, особено Африка, што предизвикува сомнеж во неговата непристрасност и рамноправна примена на меѓународното право.

Има и **Политичко селективно гонење (selective prosecution)** тоа значи дека Меѓународниот кривичен суд е критикуван за тоа што непропорционално се фокусира на случаи од Африка. До 2016 година, девет од десет активни истраги беа поврзани со африкански држави, што предизвика реакции од Африканската унија и поединечни држави кои го доведуваат во прашање неутралниот карактер на судот.

Исто така и во односот со **Советот за безбедност на ОН** иако формално е независен, Меѓународниот кривичен суд делумно зависи од Советот за безбедност, кој може да го упати судот да истражува злосторства дури и во држави кои не се членки на Римскиот статут. Овој механизам, предвиден во членот 13(б), отвора простор за селективна правда, бидејќи Советот често одлучува врз основа на политички интереси.

Недостаток на имплементациска моќ значи дека нема сопствени извршни механизми за апсење и го заснова своето дејствување врз доброволната соработка од државите. Ова резултира со неуспешни обиди за приведување на обвинети, како во случајот со поранешниот претседател на Судан, Омар ал-Башир, кој патуваше во повеќе држави и покрај тоа што против него постоеше налог за апсење.

Нефункционалност на злосторството на агресија го преставува злосторството на агресија е дел од Римскиот статут, само по долготрајни преговори во 2018 година беше постигнат договор за негова активација. И понатаму постојат правни и политички пречки за негова ефективна примена, особено кога е поврзано со дејствија на моќни држави.

Ограничен пристап до правда за жртвите, можи да се кажи дека покрај механизмите за учество на жртвите, во пракса судењата се долги, со недоволни ресурси, а правдата – бавна. Жртвите често се соочуваат со недостиг од информации, поддршка и реална компензација за претрпеното страдање.

Може да се истакне дека иако Судот има важна улога во градењето на систем на меѓународна кривична правда, предизвиците со кои се соочува ја загрозуваат неговата долгорочна ефективност и перцепцијата за непристрасност и правичност. За да ја зачува својата легитимност, неопходно е судот да се реформира, да обезбеди подобра застапеност на сите региони и да ги надмине политичките влијанија.

Постоењето на овај Суд има длабока симболична и практична важност во меѓународните односи. Тој испраќа една јасна порака дека меѓународната заедница е подготвена да реагира на најтешките кривични дела како што се: геноцид, злосторства против човештвото, воени злосторства и злосторството на агресија кои претставуваат сериозна закана за мирот, безбедноста и човековото достоинство.

Со својата работа, Судот делува како механизам за воспоставување и големо зајакнување на меѓународната правда, но и како средство да се превенира на идни злосторства, преку ефектот на одвраќање. Свесноста кај потенцијалните извршители дека постои меѓународен орган кој може да ги гони и казни, теоретски делува дисциплинирачки и може значително да го намали бројот на сериозни прекршувања на меѓународното право.

Релевантноста со меѓународното право ќе ја истакнам првично кога Меѓународниот кривичен суд ја зајакнува индивидуалната кривична одговорност во меѓународниот правен систем. Наместо државите да бидат единствени субјекти на меѓународното право, судот признава дека можат и поединци вклучувајќи политички лидери, воени команданти и други носители на власт кои се битни во процесот можат да бидат директно одговорни за тешки прекршувања на меѓународните норми.

Второ, неговото постоење придонесува пред се за **развој на меѓународната правна пракса** преку толкување и примена на нормите содржани во Римскиот статут, како и преку интеграција на обичајното меѓународно право во судската практика.

Пресудите на Меѓународниот кривичен суд имаат влијание врз самата работата на националните судови, кои се почесто ги користат како битни примери за гонење на слични дела.

Трето, судот има важна **превентивна улога**. Со фактот дека постои институција со една глобална надлежност за гонење на најтешките злосторства, се испраќа порака дека извршителите на такви дела не можат да сметаат на неказнивост, без оглед на нивната позиција или моќ.

Четврто, судот придонесува за **големо зајакнување на принципот на владеење на правото на меѓународно ниво**. Тој воспоставува механизам преку кој правдата не зависи исклучиво од политичката волја на државите или на Советот за безбедност на ООН, туку се спроведува согласно утврдените процедури и независната судска проценка.

Конечно, судот претставува важен **инструмент за заштита на жртвите** на меѓународните злосторства, обезбедувајќи им право на учество во постапката и можност за надомест на штета преку Фондот за жртви. Ова е новина во однос на претходните ад хок меѓународни трибунали и претставува придонес кон хуманизацијата на меѓународното кривично право.

Многу битен момент е процесот на покренување постапка пред Судот, што може да започне на три начини:

- Прво, по упатување од држава-членка на Римскиот статут;
- По упатување од Советот за безбедност на ООН, дури и против држава која не е членка;
- По сопствена иницијатива на Обвинителот (proprio motu), но со одобрение од Претходната постапка на судот.

Секоја истрага минува низ неколку фази и тоа: прелиминарно испитување, важното формално отворање истрага, поднесување обвинение, судење и изрекување пресуда. Постојат и механизми за жалба и преиспитување, што ја гарантира правичноста на постапката и почитување на правата на обвинетите.

Во својата практика, Судот создал преседани кои влијаат врз развојот на меѓународното кривично право. Пример ќе го истакнам и случајот Прокурор против Жан-Пјер Бемба (DR Конго), каде за првпат беше осуден висок политички лидер за командна одговорност врз основа на дејствијата на неговите подредени. Исто така, во предметот Прокурор против Доминик Онгуен (Уганда), Судот се соочи со комплексни

околности каде обвинетиот бил и извршител и жртва (регрутиран како дете-војник, а подоцна учествувал во злосторства).[54]

Значајна е и улогата на Судот во промовирање на принципот на индивидуална кривична одговорност како средство за спречување идни злосторства. Иако ефектот на одвраќање не секогаш е мерлив, самото постоење на глобален постојан суд испраќа порака дека без оглед на политичката или воената моќ, поединците можат да бидат повикани на одговорност.[55]

На крај, може да се истакне дека Судот е резултат на долгогодишни напори на меѓународната заедница да воспостави механизам кој ќе ја надмине ограничената временска и предметна надлежност на ад хок трибуналите (како што беа Трибуналот за поранешна Југославија и Трибуналот за Руанда). Со својата трајна природа, Судот претставува правен симбол на борбата против неказнивоста и еден од најзначајните инструменти за заштита на меѓународниот мир и безбедност.[56]

Придонеси во развојот на меѓународното кривично право.

ICC го зацврсти принципот дека секој поединец, без разлика на својата политичка позиција или воена функција, може да биде одговорен за злосторства од најтежок карактер. Овој принцип продолжува и ја надградува праксата воспоставена од специјализираните трибунали како ICTY и ICTR, но со глобална примена. **Судот ја демонстрира неопходноста од отчетност за високи политички и воени лидери, што создава важен прецедент за одговорност и спречување на импунитет.**

Развој и стандарди на правни дефиниции,

Преку своите пресуди, ICC создаде и утврди универзални правни стандарди за дефинирање на злосторства како геноцид, злосторства против човештвото, воени

[54] https://www.icc-cpi.int/news/dominic-ongwen-declared-guilty-war-crimes-and-crimes-against-humanity-committed-uganda

[55] Slye, R. (2011). *The ICC and the Development of International Criminal Jurisprudence.* Leiden Journal of International Law.

злосторства и злосторства на агресија. Со тоа, судот ја зацврсти универзалната примена на овие концепти и воспостави јасни критериуми за нивно судење, што претставува значаен чекор напред во систематизацијата на меѓународното кривично право. ICC воведе механизми кои обезбедуваат активно учество на жртвите и сведоците во судските постапки, вклучувајќи право на изразување мислење, обезбедување на заштита и обештетување. Овие процедури значајно ја зголемуваат транспарентноста, легитимитетот и ефективноста на судењата, како и довербата на жртвите и поширокатa јавност во меѓународното правосудство. Присуството на постојан суд со глобална надлежност укажува дека злосторствата од најтежок карактер нема да останат неказнети. Овој аспект е клучен за превенција на идни конфликти и промовирање на владеење на правото на меѓународно ниво.

ICC функционира според принципот на комплементарност, кој ја поставува домашната правда како прво место за гонење, додека судот интервенира само ако националните системи не се способни или не сакаат да постапуваат. Овој принцип го поттикнува развојот на националното право и ја интегрира меѓународната правна рамка со локалните судски системи, создавајќи функционална координација помеѓу националната и меѓународната правда.

Преку своите пресуди, ICC создаде преседани во однос на нови категории на злосторства, третман на сексуалното насилство како оружје во војна, улогата на државните и воените лидери во одговорноста за злосторства, како и практични аспекти на доказувањето и процесните права. Овие преседани служат како референца за идни меѓународни и национални постапки и обезбедуваат правна сигурност и предвидливост. ICC придонесува кон помирување и реконструкција на општества погодени од конфликти, бидејќи неговите пресуди и истраги обезбедуваат објективен запис на злосторствата, ги признаваат жртвите и ја поттикнуваат колективната свест за последиците од кршењето на човековите права.

Пресудата на Меѓународниот кривичен суд и нејзината декларативна природа во спорот за името на Република Северна Македонија и Република Грција ќе биди анализирана понатаму.

4.1.1 Пресудата на Меѓународниот кривичен суд и нејзината декларативна природа во спорот за името на Република Северна Македонија и Република Грција

Меѓународниот кривичен суд претставува еден од главните правосудни органи кои имаат улога во утврдување на законската рамка и одговорноста во меѓународните односи. Во контекст на спорот за името помеѓу Република Македонија и Република Грција, пресудата на Судот за одредени аспекти од Привремената спогодба има значително место во разбирањето на разделбата помеѓу правната и политичката компонента на меѓународните спорови.

Многумина стручњаци од македонската јавност, вклучувајќи истакнати професори по меѓународно право и уставни судии, ја анализираа оваа пресуда како декларативна, што укажува на нејзината ограничена, но суштинска правна улога.
Декларативниот карактер на пресудата се рефлектира во фактот што Меѓународниот кривичен суд ја потврди неисполнетоста на обврските по Привремената спогодба, но не се вмеша во политичкото разрешување на спорот.

Со други зборови, Судот не донесе конкретни решенија или мерки кои би влијаеле на политичките позиции на двете страни, туку се концентрираше на утврдување на правната состојба. Ова е важна димензија, бидејќи го покажува ограничувањето на правосудните органи во справувањето со комплексни меѓународни конфликти каде што правото и политиката често се испреплетуваат. Според македонските правни експерти, пресудата служи како потврда на правото, но не како инструмент за директно политичко решавање.

Покрај правниот аспект, пресудата ја истакна и потребата за посредување од страна на меѓународни актери. Генералниот секретар на Обединетите нации, Метју Нимиц, по донесувањето на пресудата, патуваше меѓу Скопје и Атина, но неговата улога се трансформираше. Ако претходно Нимиц делуваше како давател на „добри услуги“ за олеснување на преговорите, по пресудата неговата улога станува јасно медијаторска. Тој овозможи директен дијалог меѓу двете страни, со цел да ги надополни правните утврдувања на Меѓународниот кривичен суд со политичко решение кое би можело да ги надмине долгогодишните несогласувања.

Улогата на Меѓународниот кривичен суд и на медијаторот Метју Нимиц ја илустрира јасната поделба помеѓу правосудната и дипломатската компонента на решавањето на меѓународните спорови. Правосудната компонента, реализирана преку Судот, се фокусира на утврдување на факти и потврдување на законските обврски на

државите. Дипломатската компонента, пак, ја опфаќа посредничката улога на медијаторот, кој овозможува преговарачки процес и поддржува постигнување на компромис, што е особено важно во контекст на конфликти кои вклучуваат политички, културни и историски елементи.

Македонските експерти дополнително истакнуваат дека декларативната природа на пресудата е од клучно значење за утврдување на меѓународното право како средство кое ја ограничува вмешаноста на судовите во политичките процеси. Иако Меѓународниот кривичен суд ја потврди повредата на Привремената спогодба, тоа не значеше автоматско решавање на политичките прашања, кои бараат посебен пристап, дипломатија и посредување. Овој пример покажува дека правото и дипломатијата мора да се надополнуваат, особено во сложени меѓународни конфликти како спорот за името.

Присуството на Метју Нимиц во процесот како медијатор беше суштински фактор за понатамошниот развој на преговорите. Неговата улога се покажа како клучна во обезбедувањето на континуитет на дијалогот, намалување на тензии и поттикнување на двете страни кон практични решенија, без да се наруши правната рамка која ја утврди Судот. Во оваа смисла, решавањето на спорот за името ја демонстрира потребата за комбиниран пристап, каде правосудните органи обезбедуваат правна легитимност, додека посредувачите ја олеснуваат политичката реализација на договорите.

На крајот, анализата на македонските правни експерти укажува дека пресудата на Меѓународниот кривичен суд, иако ограничена во својот политички ефект, има значајна улога во поставувањето на основата за легитимитет на понатамошните дипломатски активности. Декларативниот карактер на пресудата не ја намалува нејзината важност, туку го истакнува значењето на правото како инструмент за утврдување факти и одговорности, што подоцна овозможува политичките актери и медијаторите да го надополнат процесот со конкретни решенија.

Иако Судот не е создаден за решавање на класични државни спорови, како што се територијални или дипломатски несогласувања, неговото постоење индиректно придонесува за стабилизирање на постконфликтните општества. Преку гонењето на индивидуалната кривична одговорност, сепак Судот помага во воспоставување на голема доверба меѓу државите и да се намалува чувството на неказнивост и создавање основа за долгорочен мир.

Меѓународниот кривичен суд претставува еден од главните правосудни органи кои имаат улога во утврдување на законската рамка и одговорноста во меѓународните

односи. Во контекст на спорот за името помеѓу Република Македонија и Република Грција, пресудата на Меѓународниот кривичен суд за одредени аспекти од Привремената спогодба има значително место во разбирањето на разделбата помеѓу правната и политичката компонента на меѓународните спорови. Многумина стручњаци од македонската јавност, вклучувајќи истакнати професори по меѓународно право и уставни судии, ја анализираа оваа пресуда како декларативна, што укажува на нејзината ограничена, но суштинска правна улога.

Декларативниот карактер на пресудата се рефлектира во фактот што Меѓународниот кривичен суд ја потврди неисполнетоста на обврските по Привремената спогодба, но не се вмеша во политичкото разрешување на спорот. Со други зборови, Судот не донесе конкретни решенија или мерки кои би влијаеле на политичките позиции на двете страни, туку се концентрираше на утврдување на правната состојба. Ова е важна димензија, бидејќи го покажува ограничувањето на правосудните органи во справувањето со комплексни меѓународни конфликти каде што правото и политиката често се испреплетуваат. Според македонските правни експерти, пресудата служи како потврда на правото, но не како инструмент за директно политичко решавање.

Покрај правниот аспект, пресудата ја истакна и потребата за посредување од страна на меѓународни актери. Генералниот секретар на Обединетите нации, Метју Нимиц, по донесувањето на пресудата, патуваше меѓу Скопје и Атина, но неговата улога се трансформираше. Ако претходно Нимиц делуваше како давател на „добри услуги“ за олеснување на преговорите, по пресудата неговата улога станува јасно медијаторска. Тој овозможи директен дијалог меѓу двете страни, со цел да ги надополни правните утврдувања на МКС со политичко решение кое би можело да ги надмине долгогодишните несогласувања.

Улогата на Судот и на медијаторот Метју Нимиц ја илустрира јасната поделба помеѓу правосудната и дипломатската компонента на решавањето на меѓународните спорови. Правосудната компонента, реализирана преку МКС, се фокусира на утврдување на факти и потврдување на законските обврски на државите. Дипломатската компонента, пак, ја опфаќа посредничката улога на медијаторот, кој овозможува преговарачки процес и поддржува постигнување на компромис, што е особено важно во контекст на конфликти кои вклучуваат политички, културни и историски елементи.

Македонските експерти дополнително истакнуваат дека декларативната природа на пресудата е од клучно значење за утврдување на меѓународното право како средство кое ја ограничува вмешаноста на судовите во политичките процеси. Иако Судот ја

потврди повредата на Привремената спогодба, тоа не значеше автоматско решавање на политичките прашања, кои бараат посебен пристап, дипломатија и посредување. Овој пример покажува дека правото и дипломатијата мора да се надополнуваат, особено во сложени меѓународни конфликти како спорот за името.

Присуството на Метју Нимиц во процесот како медијатор беше суштински фактор за понатамошниот развој на преговорите. Неговата улога се покажа како клучна во обезбедувањето на континуитет на дијалогот, намалување на тензии и поттикнување на двете страни кон практични решенија, без да се наруши правната рамка која ја утврди Судор. Во оваа смисла, решавањето на спорот за името ја демонстрира потребата за комбиниран пристап, каде правосудните органи обезбедуваат правна легитимност, додека посредувачите ја олеснуваат политичката реализација на договорите.

На крајот, анализата на македонските правни експерти укажува дека пресудата на Меѓународниот кривичен суд иако ограничена во својот политички ефект, има значајна улога во поставувањето на основата за легитимитет на понатамошните дипломатски активности. Декларативниот карактер на пресудата не ја намалува нејзината важност, туку го истакнува значењето на правото како инструмент за утврдување факти и одговорности, што подоцна овозможува политичките актери и медијаторите да го надополнат процесот со конкретни решенија.

4.2 Специјализирани меѓународни кривични трибунали

Покрај Меѓународниот кривичен суд, постојат и други специјализирани трибунали. Нивната цел е гонење на најтешките кривични дела од меѓународно значење, обично во конкретни конфликти или поединечни региони. Тие ја дополнуваат функцијата и на Меѓународниот кривичен суд и даваат примери за практична примена на меѓународното кривично право.

Специјализираните или ад хок меѓународни трибунали претставуваат привремени судски тела формирани со цел да се справат со најтешките облици на злосторства, извршени во специфични региони и временски периоди. Тие се разликуваат од постојаните судови (како Меѓународниот суд на правда или Меѓународниот кривичен

суд) затоа што имаат ограничена надлежност и мандат, создадени се за да одговорат на конкретен конфликт, а потоа постепено ја завршуваат својата работа.[57]

Овие трибунали претставуваат еден од најважните чекори во развојот на меѓународното кривично право, бидејќи за прв пат обезбедија систематска можност за индивидуална одговорност на државни лидери, воени команданти и поединци за дела како геноцид, злосторства против човештвото и воени злосторства.Специјализираните меѓународни трибунали оставија длабока трага во развојот на меѓународното право и во практиката на судење за најтешките злосторства. Нивното формирање претставува реакција на меѓународната заедница во ситуации кога домашните судски системи не беа способни или подготвени да постапуваат.

Нивното појавување не беше случајно, туку претставуваше директен одговор на меѓународната заедница на масовни кршења на човековите права и меѓународното хуманитарно право, како што беа геноцидот во Руанда и војните во поранешна Југославија. Во такви околности, домашните судски системи често беа парализирани, нефункционални или под силно политичко влијание, па меѓународната интервенција беше единствено решение за воспоставување правда и отчетност.

Нивното формирање има повеќе димензии. Од една страна, тоа претставува симболична порака дека меѓународната заедница нема да остане пасивна набљудувач на масовните злосторства, туку ќе реагира со воспоставување на механизми за санкционирање на сторителите. Од друга страна, специјализираните трибунали имаат и практична функција да ја пополнат правната празнина што постоеше пред создавањето на постојаниот Меѓународен кривичен суд (ICC).

Преку својата судска практика, овие трибунали дадоа значителен придонес во развојот на меѓународното кривично право. На пример, ICTY и ICTR беа првите судски тела кои експлицитно утврдија индивидуална кривична одговорност за дела како геноцид, злосторства против човештвото и воени злосторства. Тие ја развија доктрината за командна одговорност, со која воени и политички лидери можат да бидат одговорни за дела извршени од нивните подредени. Исто така, во својата практика воспоставија стандарди за правата на обвинетите и за заштитата на жртвите и сведоците, што подоцна беа прифатени и од ICC.

[57] Van Schaack, B., & Slye, R. (2012). *The International Criminal Court and the Evolution of International Criminal Law.*

Формирањето на специјализираните трибунали има и политичка димензија, што демонстрира дека меѓународната заедница може да интервенира дури и во случаи кога државите не се подготвени да гонат свои сопствени граѓани или лидери. Судењето на високи функционери, како што беа Милошевиќ, Караџиќ, Младиќ или Камбанда, претставуваше историски преседан со кој се разби митот за неказнивост на политичките и воените елити.

Од **општествен аспект**, специјализираните трибунали придонесоа за транзициска правда и помирување во заедниците погодени од конфликти. Иако не секогаш успешно, тие создадоа основа за воспоставување на историски наратив заснован врз факти, спротивставувајќи се на националистичката пропаганда и обидите за ревизионизам. Пресудите претставуваат трајна документација на злосторствата и начин да се зачува меморијата за жртвите.

Сепак, мора да се истакне дека специјализираните трибунали беа и предмет на критики. Најчесто им се забележува на високите финансиски трошоци, кои во некои случаи достигнаа милијарди долари, како и на претерано долгите судски постапки, во кои поединечни случаи траеја со години. Дополнително, често се поставуваше прашањето за нееднаквата примена на правдата и можноста за политички притисоци врз нивната работа. И покрај овие недостатоци, нивното значење е неспорно. Тие претставуваат премостување меѓу ад хок механизмите на меѓународната правда и современиот систем на постојаните меѓународни судови, пред сè Меѓународниот кривичен суд. Со тоа, специјализираните трибунали остануваат клучна алка во историјата на меѓународното правосудство, обезбедувајќи дека злосторствата кои ја потресоа светската јавност нема да останат без одговор.

Со сето тоа, може да се заклучи дека специјализираните меѓународни трибунали имаат двојна улога: од една страна, тие претставуваат практичен одговор на конкретни кризи и злосторства кои домашните правосудни системи не можеа да ги обработат; од друга страна, тие се значаен чекор во еволуцијата на меѓународната кривична правда.

Иако нивното работење беше проследено со бројни критики за бавност, финансиски трошоци и политички влијанија нивната историска улога во воспоставувањето на принципот на индивидуална одговорност за најтешките злосторства останува неспорна. Овие трибунали не само што придонесоа кон помирување во заедниците погодени од конфликти, туку и ја трасираа патеката за

создавање на Меѓународниот кривичен суд како прв постојан механизам за гонење на геноцид, злосторства против човештвото и воени злосторства.

Табела 2: Основни информации за специјализираните трибунали

Суд / Трибунал	**Година на основање**	**Надлежност**	**Седиште**	**Важни случаи / примери**
ICTY – Меѓународен кривичен трибунал за поранешна Југославија	1993	Воени злосторства, злосторства против човештвото и геноцид на територијата на поранешна Југославија	Хаг, Холандија Слободан Милошевиќ, Радован Караџиќ, Ратко Младиќ	Слободан Милошевиќ, Радован Караџиќ, Ратко Младиќ
ICTR – Меѓународен кривичен трибунал за Руанда	1994	Геноцид и злосторства против човештвото извршени во Руанда	Аруша, Танзанија	Жан Камбанда (поранешен премиер на Руанда)
Камбоџански вонредни комори (Extraordinary Chambers in the Courts of Cambodia - ECCC)	1997 (оперативни од 2006)	Злосторства на Црвените Кмери (1975–1979)	Пном Пен, Камбоџа	Казна за Каинг Гуек Еав („Дуч”), лидерите Нуон Чеа и Кју Сампан
Специјален суд за Сиера Леоне (SCSL)	2002	Воени злосторства и злосторства против човештвото за време на граѓанската војна во Сиера Леоне	Сиера Леоне	Случајот против Чарлс Тејлор (поранешен претседател на Либерија)
Специјален трибунал за Либан (STL)	2009	Атентатот врз премиерот Рафик Харири и поврзани злосторства	Лајден, Холандија	Осуда на членови на Хезболах (во отсуство)
Косовски специјализирани комори (KSC)	2015	Злосторства на ОВК во периодот 1998–2000	Хаг, Холандија	Обвинениј против Хашим Тачи и други поранешни водачи на ОВК

Табелата ги илустрира специјализираните меѓународни трибунали како системски механизми формирани за решавање на најтешките злосторства во современата историја, од геноцидот и воените злосторства во поранешна Југославија и Руанда до злосторствата на Црвените Кмери, конфликтите во Сиера Леоне, Либан и Косово. Секоја институција е воспоставена со јасно дефинирана надлежност и ограничен временски и просторен опсег, што ја истакнува нивната ад хок природа и способност да одговорат на конкретни правни и политички предизвици.

Преку својата практика, овие трибунали имаат повеќекратен придонес во развојот на меѓународното кривично право. Тие ја воспоставија индивидуалната одговорност за геноцид, злосторства против човештвото и воени злосторства, ја развија доктрината за командна одговорност и обезбедија значајни преседани за третманот на сексуалното насилство како составен дел на меѓународните злосторства. Исто така, овие судови ја поттикнаа транспарентноста во судските постапки, ги зајакнаа правата на жртвите и сведоците и создадоа механизми за документирање на злосторствата, што има долгорочно историско и општествено значење.

Иако нивното работење се соочува со критики за долги постапки, високите трошоци и можни политички влијанија, нивната улога не може да се потцени. Табелата го покажува нивниот конкретен придонес во гонењето на високи функционери и водачи, што демонстрира дека ниту една позиција на власт не обезбедува имунитет од меѓународна одговорност.

Со тоа, специјализираните трибунали не само што овозможија воспоставување на правда во конкретни конфликти, туку и ја трасираа патеката кон формирањето на Меѓународниот кривичен суд и кон развој на постојан систем на меѓународно кривично правосудство. Тие претставуваат неприкосновен правен и етички пример за тоа како меѓународната заедница може да реагира на најтешките злосторства, да промовира отчетност и да придонесе кон помирување и стабилност во постконфликтните општества.

5. АНАЛИЗА НА СПОРОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА И ПРОЦЕС НА НЕГОВО РЕШАВАЊЕ

Спорот помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција започнува по независноста на нашата држава од 8ми септември 1991 година, кога се одржа Референдум и беше прогласена независност од СФРЈ и се именува како Република Македонија.[58] Покасно на 17-ти ноември Собранието ја усвојува новата уставна рамка и името на државата е „Република Македонија“. Настанот наиде на остри реакции од страна на соседна Грција, која сметаше дека името „Македонија“ го загрозува нејзиниот национален идентитет и територијален интегритет. Сето тоа заради постоењето на грчката област Македонија.

Тогаш Грција ни го оспори правото да го користиме ова име, тврдејќи дека тоа предизвикува територијални претензии кон РГ.

Потоа во 1992 година на барање на Грција, Европската заедница ја усвои т.н. *Лисабонска декларација*, со која јасно беше истакнато дека нашата држава нема да биде меѓународно признаена доколку во своето име го содржи зборот „Македонија“.

После тоа следуваат долги дипломатски притисоци и отежнатата позиција на нашата држава на меѓународен план.

На 7 април 1993 година Советот за безбедност на Обединетите нации усвои резолуција со која Македонија беше примена во ОН, но под привремената референца *„Поранешна Југословенска Република Македонија“ (FYROM*). Иако требаше таквото решение да биде од привремен карактер, но практично траеше повеќе од две децении.

Во февруари 1994 година, Грција воведе економско ембарго кон Македонија, со целосно затварање на границата и предизвикувајќи економски потешкотии.[59] Причина за тоа беа спорните симболи и уставни одредби. Се негираше државното знаме кое содржеше „Сонце од Вергина“ – симбол кој Грција го смета за дел од своето античко наследство. Но исто така ги негираше формулациите во македонскиот устав . Покрај тоа, Грција се спротивстави на член од македонскиот устав кој предвидува дека Македонија им обезбедува поддршка и заштита на своите сонародници во соседните земји.

[58] Facts on the Macedonian - Greek Name Dispute
https://www.balcanicaucaso.org/eng/Materials/Facts-on-the-Macedonian-Greek-Name-Dispute

[59] Greece and Macedonia Are Fighting Over Who Gets to Use the Name 'Macedonia'. Here's Why
https://time.com/5118032/greece-macedonia-fighting/

Ембаргото од страна на Грција предизвика покрај сериозни економски потешкотии и последици, допринесе до изолација на Македонија во меѓународни рамки. Оваа состојба ја поттикна и потребата за компромис и медијација.

Со посредство на меѓународната заедница, посебно на САД и Обединетите нации, во септември 1995 година во Њујорк се потпиша *Привремениот договор (Interim Accord).*[60]

Со овој договор, Македонија се обврза да го промени своето знаме и да внесе уставни измени со кои ќе потврди дека нема територијални претензии кон соседите. А додека за возврат, Грција се согласи да ја укине економската блокада и да воспостави дипломатски односи со Македонија. Со овој договор се стабилизира состојбата, но не се реши суштинското прашање за името.

Спорот за името остана отворен и во периодот по 1995 година. Со посредство на специјалниот пратеник на ООН, Метју Нимиц, започнаа преговори за трајно решение на спорот. На маса беа ставени повеќе предлози и тоа: „Горна Македонија“, „Северна Македонија“, „Нова Македонија“, „Република Скопје“, „Република Македонија-Скопје“, „Вардарска Република“, „Вардарска Македонија“, но ниту еден предлог не беше прифатлив за двете страни. Грција првично остро се спротивстави на кое било име што би го содржело зборот „Македонија“, но со текот на годините, таа постепено го омекна ставот и прифати дека името може да го содржи зборот како дел од сложено име кое би вклучувало и некои од зборовите погоре, горна, нова, северна, Скопје и т.н.

Покрај сите блокади од Грција, Македонија веќе беше признаена под уставното име од повеќе од половина земји-членки на ОН, меѓу кои и САД во 2004 година. Ова претставуваше дипломатски успех за Македонија во меѓународни рамки, но истовремено предизвика жестоки реакции и протести во Грција.

За РСМ клучен момент беше самитот на НАТО во Букурешт во 2008 година, кога Грција стави вето на приемот на Македонија во Алијансата, и покрај тоа што земјата ги исполнила условите за членство. Таквиот потег на Грција ја стопира евроатлантската интеграција на Македонија.

Во 2009 година Грција го блокира и започнувањето на преговорите за членство на Македонија во ЕУ.

[60] Macedonia's dispute with Greece
https://www.balcanicaucaso.org/eng/Materials/Facts-on-the-Macedonian-Greek-Name-Dispute

Скоро цела една деценија, спорот останува, но со силни последици за Македонија која останува заглавена во евроатлантските интеграции. Преговорите со Метју Нимиц продолжуваат, но нема конкретен резултат.

Преговорите меѓу Македонија и Грција продолжуваат и понатаму под покровителство на Обединетите нации. Грција и понатаму бара употреба на географска квалификација (на пример „Северна Македонија“), додека Македонија инсистираше на зачувување на името „Македонија“ без модификации**.**

Меѓународниот суд на правдата во Хаг во 2011 година, донесе пресуда за случајот „Македонија против Грција“, и тоа е еден од најзначајните настани во историјата на спорот за името. Во овој случај, Македонија ја тужеше Грција за прекршување на Привремената спогодба од 1995 година, според која Грција беше обврзана да не го блокира членството на Македонија во меѓународните организации, вклучувајќи го и НАТО и ЕУ, додека спорот за името не се реши.[61] Иако судот пресуди во корист на Македонија, но не донесе конкретни санкции за Грција, што остави простор за продолжување на дипломатско решавање на спорот.

Годината 2017 претставува пресвртна главна точка во современата историја на Република Македонија. По повеќегодишната длабока политичка криза (2015–2017), предизвикана од масовните прислушувани разговори, падот на довербата во институциите и силната партиска поларизација, државата се соочи со еден сериозен институционален застој и пад на меѓународниот кредибилитет. Во овој период дополнително се забави процесот на евро-атлантската интеграција, бидејќи Европската унија и НАТО го условуваа секое понатамошно приближување со спроведување на главни темелни реформи во владеењето на правото и стабилизирање на политичката состојба.

Во јуни 2017 година, по парламентарните избори и долгите преговори за формирање влада, дојде до промена на политичката власт. Новата влада предводена од Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ), со премиер Зоран Заев, ја презема одговорноста за надминување на кризата и најави нов курс во надворешната политика.

Главните приоритети беа:

- *Обновување на довербата со соседите*, како предуслов за стабилен регионален развој;

[61] Application of the Interim Accord of 13 September 1995 (the former Yugoslav Republic of Macedonia v. Greece)
https://www.icj-cij.org/case/142

- *Деблокирање на евро-атлантските интегративни процеси*, преку демонстрација на политичка волја и усогласување со европските стандарди;
- *Решавање на долгогодишните билатерални спорови преку дијалог и компромис*, во согласност со меѓународното право и принципите на добрососедство.

Врз основа на овие приоритети се направи чекор кон решавање на спорот со РГ. Се спроведоа низа дипломатски активности кои ќе доведат до интензивирање на преговорите со Грција и постигнување на Преспанскиот договор во 2018 година. [62]

Најнапред, формирањето на владата на чело со СДСМ беше дочекано со силен скептицизам од дел од јавноста и опозицијата, особено поради настаните од 27 април 2017 година („Крвавиот четврток“) кога се случи насилен упад во Собранието. Овие настани оставија впечаток на делегитимираност на новата извршна власт, што се одрази преку протести, медиумска кампања и отпори во институциите.

Во текот на целата 2017 година различни граѓански иницијативи организираа протести и јавни настани против надворешната политика на владата, критикувајќи ја дека прави „болни компромиси“ со соседите. Посебно чувствителни за граѓаните на РСМ беа реакциите поврзани со спорот со Грција, иако интензивните преговори следуваа во 2018 година. Во јавноста се создаде перцепција дека властите подготвуваат отстапки во однос на уставното име и националниот идентитет, што дополнително ја зголеми поларизацијата во државата.

Оттука, може да се заклучи дека внатрешните силни негативни реакции во 2017 година беа концентрирани околу три клучни прашања: легитимноста на новата влада, потпишувањето на договори со соседите и стравот од губење на националниот идентитет. Овие фактори претставуваа значаен предизвик за големите дипломатските напори на државата во преговорите со соседите околу решавање на споровите, посебно со Република Грција.

Почетокот на 2018 година беше критичен момент во решавањето на долгогодишниот спор за името меѓу Република Македонија и Република Грција. По долги години застој во дијалогот, новата влада во Скопје ја постави дипломатијата како централно средство за надминување на споровите, особено со цел деблокирање на евро-атлантските интеграции.

[62] **Ристески, С. (2018).** *Политичката криза во Македонија (2015–2017) и промената на власта.* Политички мисли, Институт за демократија „Социетас Цивилис“ – Скопје.

Преговорите во јануари 2018 година го отсликуваат новиот пристап на македонската влада: отвореност за компромис, директен дијалог и стратешка посветеност на долгорочно решение.[63]

На 9 јануари 2018 година, вицепремиерот за европски прашања на Македонија, дипломатски претставници од Македонија ја посети Атина за прв круг преговори со грчките власти. Ова беше прв обид за интензивирање на официјалниот дијалог по формирањето на новата влада. Главна цел на посетата беше да се утврди волјата на двете страни за конкретни и брзи решенија, како и да се постави временски рамка за постигнување на договор.

Во разговорите на грчките претставници и претставници од македонската влада, беше истакнато дека Македонија е подготвена да изнајде компромис во рок од шест месеци. Тие исто така ја потенцираа важноста од искреност и меѓусебна доверба како основа за преговорите. Грчките власти нагласија дека за нив е неприфатливо членство на Македонија во НАТО или ЕУ без решавање на прашањето за уставното име. Посетата на македонски дипломати имаше и симболично значење на македонската влада да започне процес кој ќе ја отвори вратата за евро-атлантските интеграции и ќе ја подобри меѓународната позиција на државата. Овој чекор истовремено ја демонстрираше способноста на Скопје да воспостави конструктивен дијалог со Атина и да постави кредибилна основа за следните високопрофилни средби.

На 24 јануари 2018 година, на маргините на Светскиот економски форум во Давос, се одржа првата директна средба помеѓу премиерите на Македонија и Грција, Зоран Заев и Алексис Ципрас. Оваа средба беше историски значајна бидејќи лидерите директно ги разгледаа сите прашања кои влијаеја на одложување на решавањето на спорот за името.

Главните теми на средбата вклучуваа:

1. ***Именување на инфраструктурни објекти со спорен карактер*** – беа предложени промени на имињата на аеродромот „Александар Велики“ во Скопје и автопатот кон Грција. Овие промени беа симболички, но од клучно значење за Грција како акт на добра волја.

[63] ttps://www.reuters.com/article/world/greece-fyrom-to-make-new-effort-to-resolve-name-dispute

2. ***Временска рамка за договор*** – двата премиери се согласија да го интензивираат процесот на преговори во следните месеци, со цел брзо и трајно решавање на спорот.
3. ***Гаранции за евро-атлантските интеграции*** – средбата ја потврди заедничката волја за обезбедување на услови за членство на Македонија во НАТО и ЕУ веднаш по решавањето на спорот со РГ.

Средбата во Давос беше исто така значајна од дипломатска гледна точка, бидејќи покажа на меѓународната заедница дека двете влади се сериозни во својата посветеност за компромис и стабилизација на регионалните односи. Оваа средба ја постави основата за следните интензивни преговори и беше подготвителен чекор за Преспанскиот договор, кој ќе биде потпишан подоцна во 2018 година.

Јануари 2018 година ја демонстрира клучната улога на дипломатските средства во решавањето на комплексни меѓународни спорови. Посетата на македонските дипломати во Атина и средбата во Давос покажуваат дека конструктивниот пристап, базиран на дијалог и компромис, може да го надмине долгогодишниот застој и политичкиот скептицизам. Исто така, овој период го нагласува значењето на симболичните чекори, како преименувањето на инфраструктурни објекти, кои имаат силна политичка и психолошка функција во процесите на меѓународни преговори.[64]

Овие дипломатски активности ја зацврстија позицијата на Македонија на евро-атлантскиот пат и покажаа дека преку стратешка посветеност, транспарентност и дијалог, дури и најтешките конфликти можат да бидат решени на мирен и конструктивен начин. И покрај сите дипломатските преговори со Грција околу спорот со името, процесот не беше прифатен безрезервно од внатрешната јавност.

Дел од граѓаните, но и политичките актери, ја доживеаја активноста на владата како сериозна голема промена на националната позиција и стратешките интереси на државата. Негативните точки главно беа фокусирани на следниве работи:

1. **Скептицизам кон брзината на преговорите** – многу граѓани и дел од опозицијата се плашеше дека владата се движи премногу брзо и без доволно консултации со јавноста. Постоеше страв дека компромисите со Грција ќе

[64] https://www.rferl.org/a/macedonia-greece-name-dispute-tsipras-zaev/28994566.html

доведат до ограничување на македонскиот национален идентитет, особено поради историските недоразбирања поврзани со името „Македонија“.

2. **Отпор кон симболичните промени** – иако преименувањето на аеродромот „Александар Велики“ и автопатот беше симболичен чекор за олеснување на преговорите, дел од јавноста го доживеа ова како „отстапка“ која ги загрозуваше националните интереси. Социјалните мрежи, медиумските анализи и политичките коментари покажуваа загриженост дека ваквите мерки можат да предизвикаат долгорочно слабеење на државниот суверенитет.
3. **Поларизација меѓу партиските линии** – опозицијата сметаше дека владата „прерано се откажува“ од клучни позиции во преговорите. Ова дополнително ја продлабочуваше политичката поларизација, која веќе беше присутна по политичката криза од 2015–2017 година.
4. **Страв од меѓуетнички тензии** – покрај националниот аспект, дел од граѓаните изразуваа загриженост дека промените и дипломатските компромиси може да предизвикаат нови меѓуетнички конфликти или да ги нарушат досегашните рамки на соработка меѓу заедниците во државата.

Значи јануари 2018 година ја покажува комплексноста на процесот: од една страна, македонската влада успеа да започне преговори кои беа важни за евро-атлантската агенда, а од друга страна, овие чекори предизвикаа сериозни внатрешни критики и отпори. Ова ја нагласува потребата за внимателно балансирање меѓу надворешната дипломатија и внатрешната поддршка, како и значењето на комуникација и транспарентност во процесите на национално и меѓународно поле.

Средбата во Давос беше важен дипломатски сигнал кон меѓународната заедница дека двете влади се сериозни во намерата да најдат компромис. Таа ја отвори вратата за интензивирање на преговорите кои подоцна ќе доведат до потпишување на договор.

Овој период ја покажува комплексноста на процесот, кој бара внимателно балансирање помеѓу надворешната дипломатија и внатрешната поддршка, како и значењето на транспарентна комуникација со јавноста. Дел од граѓаните реагираа негативно, изразувајќи загриженост дека дипломатските компромиси, особено симболичките промени на инфраструктурни објекти, може да ја ослабнат македонската национална позиција. Скептицизмот се манифестираше преку протести, критики во медиумите и јавни дискусии, а многумина сметаа дека процесот се движи премногу брзо

и без доволно вклучување на јавноста. Овие реакции покажуваат колку е чувствителен процесот на решавање на долгогодишен спор и колку е важно владата да обезбеди транспарентност и информирање на граѓаните за секој чекор од преговорите во спорот со името.

На 12 јуни 2018 година, по повеќемесечни преговори и интензивна дипломатска активност, премиерите на Република Македонија и Република Грција објавија дека е постигнат историски договор за решавање на спорот за името меѓу Македонија и Грција. Во јавна изјава на прес-конференција во Скопје, премиерот на Република Македонија ја изговори историската реченица: **„Имаме договор“**, што го означи клучниот момент на долготрајниот дипломатски процес и отвори нова фаза во македонската надворешна политика.

Договорот претставува пример за конструктивна и стратешка дипломатија, каде директниот дијалог и компромисот беа клучни за надминување на деценискиот спор:

- **Надминување на историскиот спор:** Спорот за името траеше повеќе децении и беше пречка за интеграција во НАТО и Европската унија. Постигнувањето на договорот ја демонстрираше способноста и можноста на двете страни да најдат компромис.
- **Јасен сигнал кон меѓународната заедница:** Објавувањето на договорот ја покажа сериозноста на Македонија во евро-атлантските интеграции и ја потврди улогата на дијалогот како средство за мирно решавање на конфликти.

Клучни аспекти на договорот

1. **Новото уставно име на државата:** Македонија се согласи да го промени своето уставно име во **Република Северна Македонија**, што го задоволи барањето на Грција за јасно географско одредување и овозможи интеграција во НАТО и ЕУ.
2. **Симболички мерки:** Преименувањето на спорни инфраструктурни објекти, како што беа аеродромот „Александар Велики“ и автопатот кон Грција, беше договорено како дел од процесот на градење доверба и помирување. Овие симболички чекори имаат силна политичка и психолошка функција, демонстрирајќи готовност за компромис и надминување на спорот.

3. **Временска рамка и законски механизми:** Договорот ги дефинираше роковите за усогласување на уставните измени, законските процедури и други административни мерки, со цел да се официјализира новото име.
4. **Евро-атлантска интеграција:** Овозможи јасен пат за членство во НАТО и продолжување на процесот на интеграција во Европската унија, што беше долгогодишен стратешки приоритет на Македонија.[65]

И покрај историската природа на договорот, реакциите во земјата беа поделени и многу емотивни.

Голем број граѓани ја поздравија одлуката како историски чекор кон стабилност и евро-атлантска интеграција. Поддршката дојде и од стручната јавност, дипломати и дел од политичките партии кои ја сметаа промена за неопходна.

Истовремено, значаен дел од граѓаните, национално ориентирани групи и дел од опозицијата ја критикуваа промената на името како „отстапка“ која ја загрозува македонската национална идентичност. Овие реакции се манифестираа преку масовни протести, јавни дебати и критики во медиумите. Се сметаше дека процесот бил пребрз, недоволно транспарентен и без консултации со граѓаните и целокупната јавност. Дел од јавноста изрази загриженост дека дипломатските компромиси и уставните промени би можеле да создадат дополнителни конфликти или да нарушат меѓуетничката соработка.

Значи *12 јуни 2018 година претставува пресвртница во македонската надворешна политика. Договорот ја демонстрира ефективноста на стратешката дипломатија, директниот дијалог и компромисот како средства за решавање на долгогодишни спорови.* Истовремено, таоа е моментот, кога граѓаните покажуваат голема реакција на чувствителност од процесот со нагласување на потребата од *транспарентна комуникација и активно вклучување на јавноста во клучните одлуки важни за националниот идентитет и стратешките цели на државата.*[66]

[65] https://time.com/5508640/prespes-macedonia-greece-eu-democracy

[66] https://www.theguardian.com/world/2018/jun/17/macedonia-greece-dispute-name-accord-prespa

На 17 јуни 2018 година, на брегот на Преспанското езерото , Република Македонија и Република Грција официјално го потпишаа **Преспанскиот договор**[67] **(Prespa Agreement)** кој претставува историско решение на спорот за името што траеше повеќе децении. Договорот ја завршува долгогодишната спорна ситуација и овозможува стабилност во билатералните односи, како и јасен пат кон евро-атлантската интеграција на Македонија

Клучни елементи на договорот:

- Македонија го промени своето уставно име во ***Република Северна Македонија***. Ова решение овозможи исполнување на барањата на Грција за јасно географско одредување и ја отвори вратата за членство во НАТО и за продолжување на процесот приклучување кон Европската унија.
- Договорот предвидуваше замена на спорниот национален симбол, „Сонцето од Вергина“, со нови државни симболи. Овие мерки имаат значајна политичка и психолошка функција, за градење доверба и можност за компромис без целосно отстапување од националниот идентитет. Покрај тоа се воспоставени и други клучни одредби:
  - Уредување на ***меѓународната и билатералната соработка*** помеѓу двете држави.
  - Временска рамка за ***усогласување на уставните измени***, законските процедури и административните чекори за официјализирање на новото име.
  - Механизми за ***заштита на националните интереси и идентитетот*** на граѓаните.

По официјалното прифаќањето на Преспанскиот договор а со тоа и новото име **Република Северна Македонија** следуваа низа на внатрешни реакции позитивни и негативни и тоа:

[67] Целосен текст на Конечниот договор за решавање на македонско - грчкиот спор за името и за стратешко партнерство
https://vlada.mk/node/17422

- **Поддршка од дел од јавноста:** Граѓани, дипломати и дел од политичките партии ја поздравија одлуката како историски чекор кон стабилност, евро-атлантска интеграција и регионално помирување.
- **Критики и протести:** Голем дел од народот ја критикуваа промената на името како „отстапка“. Протестите беа масовни, се одржаа јавни дебати и медиумски дискусии во поглед на оправданоста односно неоправданоста за промената на името.
- **Загриженост за меѓуетничките односи:** Дел од граѓаните изразија страв дека дипломатските компромиси и уставните измени би можеле да предизвикаат конфликти или да нарушат соработката меѓу заедниците во РСМ.

Поради низа на протести на 30 септември 2018 година, во Република Македонија беше одржан референдум за промена на уставното име во согласност со Преспанскиот договор. Граѓаните беа повикани да се изјаснат по прашањето: *„Дали сте за членство во Европската Унија и НАТО преку прифаќање на договорот меѓу Република Македонија и Република Грција?“*

Според официјалните резултати, излезноста изнесувала околу 37%, што не го достигнало потребниот законски праг од 50% за валидност на референдумот според македонското законодавство. Мнозинството од излезените гласачи (37%,) се изјасниле „за“.

Ниската излезност се толкувала различно од страна на политичките партии и јавноста. И покрај формалната невалидност на референдумот, политичкиот процес продолжи, а Преспанскиот договор подоцна на 11 јануари 2019 година беше ратификуван од страна на парламентот, со што беше започната процедурата за промена на уставното име. Собранието на Република Македонија тогаш усвои уставни амандмани со двотретинско мнозинство. со кој се менуваше уставното име на државата во ***„Република Северна Македонија“.***

Предмет на амандманите беа:

- Промената на уставното име во сите уставни текстови, закони и меѓународни договори.
- Дефинирање на употребата на новото име во внатрешни и надворешни односи (*erga omnes*).

- Утврдување на официјална употреба на „македонскиот јазик“ и признавање на „македонската“ етничка определба.
- Создавање правна основа за ратификација и спроведување на договорот со Грција.

Така на 25 јануари 2019 година, Грчкиот парламент го ратификува Преспанскиот договор со тесно мнозинство *од* 153 гласа „за“и 146 „против“.[68] Ратификацијата во Грција беше особено тешка и контроверзна поради внатрешните политички поделби. Договорот го поддржа владата на Алексис Ципрас, но се соочи со силен отпор од опозицијата и делови од јавноста кои беа против промена на името. Резултатот 153 „за“ и 146 „против“ покажува колку тесно и неизвесно беше гласањето, што го прави овој момент клучен во процесот на разрешување на спорот.

Со целосната ратификацијата на Преспанскиот договор се комплетира процесот за промена на името, се отвора патот за членство на Северна Македонија во НАТО и се зајакнаа билатералните односи меѓу двете земји со што се создаде можност за понатамошна соработка на различни полиња (економски, културно и политички).

На 12 февруари 2019 година, Преспанскиот договор стапува во сила, по завршувањето на сите предуслови за негово спроведување, вклучително и усвојувањето на уставните амандмани од 11 јануари 2019 година и по ратификацијата во Грчкиот парламент.[69] Така овој датум ја означува официјалната имплементација на договорот во уставот и во правниот систем на Република Северна Македонија, со што:

- *Името на државата официјално се менува во „Република Северна Македонија“, со примена erga omnes — општо и универзално име, што значи дека се користи во сите внатрешни и меѓународни односи.*
- *Официјално признавање на „македонскиот јазик“ како национален јазик на државата.*

[68] Greek Parliament approves Macedonia name change deal
https://www.atlanticcouncil.org/blogs/new-atlanticist/greek-parliament-approves-macedonia-name-change-deal

[69] Prespa Agreement enters into force: Macedonia officially renames itself
https://europeanwesternbalkans.com/2019/02/13/prespa-agreement-enters-force-macedonia-officially-renames

❖ *Официјално признавање на „македонската“ етничка определба, што го регулира статусот на националната идентификација на граѓаните во РСМ*

Како резултат на потпишувањето на Преспанскиот договор, на 27 март 2020 година, Република Северна Македонија официјално стана 30-та земја членка на НАТО.[70] Тоа е значаен историски момент за нашата земја и нејзината надворешна политика. Овој чекор беше резултат на долготрајни напори за решавање на билатералниот спор со Грција околу името, што ја блокираше евроатлантската интеграција на земјата. Пред официјалното зачленување, сите земји членки на НАТО започнаа процес на ратификација на Протоколот за пристапување на Република Северна Македонија во НАТО. Процесот на ратификација заврши во почетокот на 2020 година, по што на 27 март 2020 Северна Македонија официјално стана 30-та земја членка на НАТО.[71]

Членството во НАТО носи бројни безбедносни и политички придобивки за Северна Македонија, *вклучувајќи гаранции за територијален интегритет, засилена воена соработка и поголема стабилност во регионот.* Истовремено, овој чекор ја позиционира земјата како важен партнер во евроатлантската заедница и ја отвора вратата за напредок во процесот на интеграција на РСМ во Европската Унија. ***Членството во НАТО претставува еден начин кон решавање на меѓународните спорови преку дијалог и компромис.***[72]

За да се надминат негативните последици од самиот договор, би требало:

- ✓ да се постави **јасна институционална стратегија** така што да постои официјален документ за почитување на меѓународните обврски, но истовремено да се зацртаат механизми за афирмација на македонскиот идентитет.
- ✓ Да постои **дипломатски дијалог со Грција** за да се избегнат нови недоразбирања и да се одржи довербата.

[70] North Macedonia joins NATO as 30th Ally
https://www.nato.int/cps/en/natohq/news

[71] Bechev, D., Marusic, D., (2020): North Macedonia on the Threshold of Europe
https://www.atlanticcouncil.org/wp-content/uploads/2020/12/North-Macedonia-on-the-threshold-of-Europe.pdf

[72] Bechev, D. (2020). North Macedonia's NATO accession: A Geopolitical Shift in the Balkans.

- ✓ Да постои **правна консолидација** односно сите институции мора да го користат уставното име во меѓународна комуникација, за да се избегнат нови инциденти.

Хронологијата на настаните во процесот на решавањето на долгогодишниот спор на РСМ и РГ, со опис и значење на сите важни моменти и самите одлуки и активности, за поголема прегледност ќе биде дадена во Табела 3.

Табела 3: Хронологија на настани во решавање на спорот на Република Северна Македонија и Република Грција

Датум / Период	Настан / Одлука	Опис и значење на настанот
8 септември1991	Прогласување на независност од СФРЈ	Одржан референдум и именувана како „Република Македонија". Грција се спротивставува на уставното име „Република Македонија", тврдејќи дека имплицира територијални претензии.
1992–1993	Меѓународни преговори	Во 1992 година на барање на Грција, ЕЗ ја усвои т.н. Лисабонска декларација и беше истакнато дека нашата држава нема да биде меѓународно признаена доколку во своето име го содржи зборот „Македонија". ООН предлага прием под привремената референца „Поранешна Југословенска Република Македонија" (FYROM).
8 април 1993	Прием во ООН	Македонија примена во ООН под референцата FYROM.
февруари 1994	Ембарго од Грција кон Македонија	Грција воведе економско ембарго кон Македонија, со целосно затварање на границата и предизвикувајќи економски потешкотии
13 септември 1995	Привремена спогодба *(Interim Accord).*	Потпишана во Њујорк, со која Грција се обврзува да не го блокира членството на Македонија под привремената референца.
1995–2007	Преговори под покровителство на ООН (Метју Нимиц)	Низа предлози за компромис (на пример: „Нова Македонија", „Горна Македонија"), без конечен договор.
2004	Признавање на Македонија од САД и други европски земји	Ова претставуваше дипломатски успех за Македонија во меѓународни рамки, но истовремено предизвика жестоки реакции и протести во Грција.

април 2008	Самит на НАТО во Букурешт	Македонија е блокирана од Грција за членство во НАТО поради спорот со името.
2008	Тужба пред Меѓународниот суд на правда	Македонија поднесува тужба против Грција за прекршување на Привремената спогодба.
5 декември 2011	Пресуда на МСП	Судот пресуди дека Грција ја прекршила Привремената спогодба, но тоа не доведе до конкретни последици.
2017–2018	Интензивирање на дипломатскиот процес	Под водство на претставници на владите на РМ и РГ започнуваат преговори за конечно решение за спорот со името
17 јуни 2018	Потпишување на Преспанскиот договор (Prespa Agreement)	Договор за ново уставно име „Република Северна Македонија“.
30 септември 2018	Референдум за промена на уставното име во согласност со Преспанскиот договор	Консултативен референдум на прашањето *„Дали сте за членство во Европската Унија и НАТО преку прифаќање на договорот меѓу Република Македонија и Република Грција?“.* Излезноста е околу 37%. но мнозинството гласа „за“.
јануари 2019	Ратификација во парламентите	Македонскиот и грчкиот парламент го ратификуваат договорот.
12 февруари 2019	Стапување во сила на Преспанскиот договор	Преспанскиот договор стапува во сила, името „Република Северна Македонија“ станува официјално.
27 март 2020	Членство во НАТО	Северна Македонија станува 30-та земја членка на НАТО.

Анализирајќи ја табелата јасно се гледа дека процесот на решавање на спорот со РГ околу името, трае доста долго. Следено со долга дипломатија, вклучувајќи и посредници **и на крај договор заснован на дијалог, компромис и отстапки.**

Така **Преспанскиот договор (Prespa Agreement)** претставува решение на спорот за името што траеше повеќе децении. Со тоа се овозможува стабилност во билатералните односи, како и јасен пат кон евро-атлантската интеграција на Македонија. Така Република Северна Македонија официјално стана 30-та земја членка на НАТО. Членството во НАТО носи бројни безбедносни и политички придобивки за Северна Македонија, вклучувајќи гаранции за територијален интегритет, засилена воена соработка , поголема стабилност во регионот . ***Членството во НАТО претставува еден начин кон решавање на меѓународните спорови преку медијација, дијалог и компромис.***

6. СПОРЕДБЕНА АНАЛИЗА СО ДРУГИ МЕЃУНАРОДНИ СПОРОВИ И МЕТОДИ НА НИВНО РЕШАВАЊЕ

Решавањето на меѓународните спорови претставува еден од клучните аспекти на современото меѓународно право и меѓународните односи. Историјата сведочи за бројни конфликти помеѓу држави кои се разрешувале преку различни методи и тоа: *од долготрајна дипломатија*, *преку посредување*, *до формални судски постапки*. Во претходните поглавја беше разработена природата и структурата на дипломатските и правосудните механизми, како и нивната примена во случајот со спорот за името помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција.

Во ова поглавје фокусот се префрла на споредбена анализа со други релевантни меѓународни спорови, со цел подлабоко разбирање на ефективноста на различните методи за решавање на такви прашања. За подобро разбирање на механизмите користени во спорот за името меѓу Република Северна Македонија и Република Грција, корисно е да се направи споредбена анализа со други релевантни меѓународни спорови кои биле предмет на арбитража, судска интервенција или дипломатско посредување[73]

Ова анализа има за цел да прикаже:

- **како различни спорови се справувале со слични предизвици;**
- **ќе се идентификува кои методи се користиле и се покажале ефективни во решавањето на споровите;**
- **издвојување на клучни фактори кои придонеле за успешно или неуспешно решавање на спорови.**

Постојат значајни меѓународни случаи во кои државите се обиделе да ги решат своите разлики преку дипломатски преговори, посредување, арбитража или со ангажирање на меѓународни судови. Иако секој спор е специфичен и детерминиран од геополитички, историски и правни фактори, сепак, преку споредување можат да се изведат одредени заеднички елементи, модели на однесување и индикатори за успех или неуспех. Анализата на овие случаи не само што нуди практична перспектива на примена

[73] https://www.icj-cij.org/cases

на правото и дипломатијата, туку и придонесува за градење на пошироко рабирање на условите под кои овие механизми функционираат најуспешно.

Ова поглавје опфаќа неколку внимателно избрани случаи на меѓународни спорови, вклучувајќи ги споровите меѓу *Словенија и Хрватска*, *Чиле и Боливија*, како и *Србија и Косово*. Сите тие се карактеризираат со долготрајни политички и правни несогласувања, во кои се применети различни пристапи за нивно разрешување. Секој случај ќе биде анализиран преку следниве критериуми:

- *историски контекст,*
- *метод на решавање,*
- *улога на меѓународната заедница,*
- *резултат од процесот,*
- *и правни и политички импликации.*

Крајната цел на оваа анализа е да се извлечат поуки кои може да се применат како референтни точки во идни ситуации, но и да се зајакне разбирањето за тоа зошто решението на спорот за името меѓу Северна Македонија и Грција може да се смета за успешен пример на комбинирана примена на дипломатски и правосудни средства. Од друга страна, споредбата ќе помогне да се утврдат и слабостите на меѓународниот систем за решавање спорови, особено кога изостанува политичка волја или кога меѓудржавните односи се особено затегнати.[74]

Покрај конкретната анализа за спорот меѓу Република Северна Македонија и Република Грција, која веќе беше предмет на анализа во претходните поглавја, од суштинско значење е споредбено да се разгледаат и други слични случаи за да се согледаат сличностите и разликите во пристапот, резултатите и долгорочните ефекти. Споредбената анализа не претставува само описна компарација, туку служи како методолошка алатка за оценување на ефективноста на различни модели за решавање на спорови, во зависност од контекстот и факторите што влијаат врз процесот. Во оваа насока, ќе бидат анализирани неколку конкретни меѓународни спорови во кои државите се одлучиле за различни решенија: преку арбитража, директни преговори, правосудни инстанци или дипломатско посредување. При изборот на случаите, водечките

[74] https://library.fes.de/pdf-files/bueros/skopje/15509.pdf

критериуми беа: *значајноста на спорот*, *применетите методи за негово решавање*, *степенот на ангажман на меѓународната заедница*, и *правната и политичката релевантност* за анализа на случај на Северна Македонија. Преку компарација на овие примери, ќе се покаже дека ниту еден правен или дипломатски инструмент не функционира во изолација.

Напротив, успешното решавање на спорови најчесто произлегува од внимателна комбинација на повеќе елементи: **правна издржаност**, **политичка прагматичност**, **меѓународна поддршка** и пред сè, **постоење на волја за компромис.** Така, ова поглавје ќе придонесе за подлабоко разбирање на конкретниот предмет на истражување, и истовремено ќе понуди основа за поширока примена на сознанијата во меѓународната пракса за решавање на различни спорови.

Покрај тоа, преку компаративната анализа ќе се истражи и како различните правни култури, регионални околности и надворешнополитички интереси влијаеле врз изборот на соодветен *метод за решавање на спорот*. Овие примери ќе послужат како огледало за спорот за името, но и како показател за тоа до кој степен меѓународното право и дипломатијата можат да бидат функционални алатки или, напротив, ограничени поради политички реалности. Анализата ќе покаже дека и во случаи каде што правната рамка е јасна, исходот најчесто зависи од добрата волја на страните и подготвеноста да се прифати компромис како неизбежен дел од секое трајно решение.

6.1. Спор Словенија – Хрватска

Спорот за *границата помеѓу Словенија и Хрватска претставува еден од најдолготрајните и најсложени спорови во регионот на поранешна Југославија*. Неговата суштина произлегува од распадот на СФРЈ во 1991 година, кога новите држави се соочија со прашања за наследување на територија, правен континуитет и разграничување. Иако на прв поглед спорот изгледа технички, поврзан со линиите на копнената и морската граница, тој во суштина имаше длабоки политички и економски импликации, особено во однос на пристапот до Јадранското Море и суверенитетот врз важните поморски коридори.

Самиот Историски контекст е дека при распадот на Југославија, ниту еден од соседните држави немаше јасно дефинирани меѓудржавни граници, бидејќи претходно тие биле административни внатрешни линии. Во случајот на Словенија и Хрватска,

особено спорен беше заливот Пиран и дел од реката Драга. Словенија, како држава со релативно мал излез на море, инсистираше на правото на директен и непречен пристап до отворено море преку Пиранскиот залив. Хрватска, од друга страна, тврдеше дека според историските карти и административни документи, поголемиот дел од заливот ѝ припаѓа на нејзината територија.

Самиот метод на решавање е дека преговорите меѓу двете држави траеја повеќе од две децении, без значаен напредок. Европската унија имаше значајна улога во притисокот за разрешување на спорот, особено во контекст на пристапувањето на Хрватска кон ЕУ. Под овие околности, во 2009 година двете страни се согласија спорот да биде решен преку меѓународна арбитража. Арбитражниот договор беше потпишан во Стокхолм, и истиот предвидуваше формирање на специјален арбитражен трибунал кој ќе ја одреди конечната граница.

Исход од арбитражата е дека во 2017 година, Арбитражниот суд донесе одлука според која Словенија доби поголем дел од заливот Пиран и коридор за пристап до меѓународни води, додека Хрватска доби делови од копнената граница кои претходно беа предмет на спор. Иако одлуката имаше компромисен карактер, проблемот настана кога Хрватска одби да ја прифати пресудата, наведувајќи дека арбитражниот процес бил нарушен поради наводни недозволени контакти помеѓу словенечките претставници и арбитрите.[75] Од тој момент, Словенија инсистира на почитување на пресудата како меѓународна обврска, додека Хрватска продолжува да ја оспорува нејзината валидност.
Реакции и улога на меѓународната заедница дека Европската унија ја поддржа примената на арбитражната пресуда, но истовремено настојуваше да не дозволи спорот да го блокира функционирањето на ЕУ институциите. На национално ниво, двете држави и понатаму го одржуваат спорот „отворен“, при што во пракса се случуваат инциденти на море, но без ескалација во посериозен конфликт.

Правни и политички импликации кои се создадени во овој случај покажа дека меѓународната арбитража може да обезбеди правично и балансирано решение, но исто така демонстрира дека конечниот успех зависи од политичката волја на страните да ја почитуваат пресудата. Недостигот на спроведливост на одлуките претставува еден од најголемите предизвици на меѓународното право[76]. Споредувајќи го овој спор со спорот за името Македонија – Грција, и овде пресудата на меѓународен орган не беше доволна

75 https://www.euractiv.com/section/politics/news/eu-urges-croatia-to-implement-piran-bay-ruling

за дефинитивно решавање на конфликтот. Во двата случаи, правото и правосудните институции беа соочени со политичките реалности и недостатокот на волја за компромис. Сепак, за разлика од Словенија и Хрватска, Македонија и Грција најдоа решение преку комбиниран пристап – пресуда на ICJ (2011) која беше игнорирана од Грција, и подоцнежен дипломатски договор (Преспански договор, 2018) кој обезбеди трајно решение.

Со тоа, случајот Словенија – Хрватска **претставува важен компаративен пример за ограничената моќ на арбитражата кога недостасува политичка волја, и уште еднаш ја нагласува потребата од интегриран пристап каде што дипломатијата ја надополнува правната рамка.**[77]

Случајот Словенија – Хрватска претставува пример каде што арбитражата како инструмент на меѓународното право не успеа целосно да ја исполни својата функција поради недостаток на доверба и политичка волја за спроведување на донесената одлука. Иако арбитражниот трибунал донесе конечна и обврзувачка пресуда, едната страна – Хрватска – ја одби нејзината примена, што ја доведе во прашање ефикасноста на меѓународните правни механизми кога недостасува добра волја на државите.

Во споредба со спорот за името помеѓу Северна Македонија и Грција, може да се забележи сличност: и покрај пресудата на Меѓународниот суд на правда во корист на Македонија (2011), политичките интереси и силната позиција на Грција во рамките на ЕУ и НАТО беа пресудни за исходот.

Ова укажува дека правото е неопходна, но не и доволна алатка за решавање на вакви чувствителни спорови – конечниот резултат зависи од комбинација на правни, дипломатски и политички фактори.

6.2. Случајот Чиле – Боливија (пристап до море пред МСП)

Спорот меѓу Боливија и Чиле за пристап до Тихиот океан има длабоки историски корени. Во Пасифичката војна (1879–1884), Боливија и Перу се соочија со Чиле, а војната заврши со пораз на Боливија и Перу. Како резултат, Боливија ја изгуби својата зона по обалата и стана држава без излез на море, што има долгорочни економски, политички и геостратешки последици.

[77] https://curia.europa.eu/juris/document/document.jsf%3Bjsessionid%3D4FB0A827C0F527F69EC16F6C26F6200A?cid=7192094&dir=&docid=223863&doclang=en&mode=lst&occ=first&pageIndex=0&part=1&text

По војната, во 1904 година, Боливија и Чиле потпишаа Договор за мир и пријателство, кој формално ја регулира границата и обезбеди на Боливија право на транзит на стоки преку чилеански пристаништа. Овој договор го воспостави правниот статус на Чиле како држава со суверенитет над територијата изгубена од Боливија.

Сепак, во текот на XX и почетокот на XXI век, Боливија не се откажала од настојувањето за суверен пристап до море. Во повеќе дипломатски и билатерални контакти, претставници на Чиле, според Боливија, упатувале изјави кои можеле да се толкуваат како обврска за преговори за дополнителен суверен коридор до океанот. Ова создаде долготрајна правна и политичка несигурност, бидејќи Боливија ја гледаше ситуацијата како историска неправда која треба да се исправи.

Во однос на дипломатските обиди Претходно на тужбата пред МСП, двете држави водеа интензивни преговори. Во 1970-тите и 1980-тите се организираа билатерални средби, кои се однесуваа на:

- **воспоставување на коридор преку чилеански територии за суверен пристап на Боливија;**
- **економски и инфраструктурни прашања, како пристапот до пристаништа, железнички и патни коридори;**
- **услови за слободен превоз на стоки и луѓе.**

Боливија смета дека Чиле одбива да ги реализира овие ветувања, што ја поттикна да ја преземе иницијативата на **правосудно ниво**, барајќи формална обврска за преговори.

Боливија во април 2013 година, поднесе тужба против Чиле пред Меѓународниот суд на правда во Хаг. Главните аргументи на Боливија беа:

- *Чиле, преку различни дипломатски комуникации, создал „обврска“ да преговара за суверен пристап на Боливија;*
- *Историските околности и долготрајните преговори создадоа правно обврзувачка ситуација;*
- *Чиле не ја почитувало оваа обврска, со што го прекршило принципот на меѓународна добра волја (good faith).*

Чиле, од своја страна, тврди дека:

- *Договорот од 1904 година е конечен и правно обврзувачки;*

- *Историските изјави и дипломатските контакти **не создаваат обврска** за суверен пристап;*
- *МСП нема надлежност да го изменува постоечкиот договор или да создаде ново правно право*[78]

По изгубената обала во Пасифичката војна, Боливија со децении се соочуваше со економска и геостратешка изолација. На национално ниво, пристапот до море беше предмет на **конституционални норми и политички програми**, а секоја влада го истакнуваше како стратешка цел. Чиле, од друга страна, ја гледаше контролата над територијата како суштински елемент на националниот суверенитет и економски интереси, особено за пристапот до минерални ресурси и морски транспорт.

Преговорите меѓу двете држави низ XX и почетокот на XXI век беа **повремени и нестабилни**, со нееднаква посветеност на двете страни. Боливија инсистираше на формално утврдување на обврска за суверен пристап, а Чиле секогаш ја истакнуваше конечноста на Договорот од 1904 година. Овој долгогодишен дипломатски застој допринесе за судски спор, кој беше поднесен пред МСП во 2013 година.

Главниот правен аргумент на Боливија се темелеше на **историски и дипломатски ветувања**, кои според нив создавале „правна обврска за преговори“. Тие истакнуваа дека преку различни билатерални комуникации и меѓународни иницијативи, Чиле е должен да преговара.

Чиле, пак, се држеше кон класичниот принцип на меѓународно право – **pacta sunt servanda** – договорите се конечни и обврзувачки за страните. Во нивната одбрана, аргументот беше дека историјата на дипломатските контакти не може да создаде ново правно право или да ја измени валидноста на договорот од 1904 година.

Овој случај ги нагласува неколку важни поуки за меѓународното право:

1. **Судските органи можат да ја потврдат правната рамка, но не можат да ги наметнат политичките решенија доколку не постои волја за компромис;**

[78] International Court of Justice, Case: *Obligation to Negotiate Access to the Pacific Ocean (Bolivia v. Chile), Judgment of 1 October 2018*

2. **Историјата и националниот идентитет се клучни фактори во долгогодишните спорови;**
3. **Долгорочниот политички и дипломатски дијалог останува неопходен за трајно решение.**[79]

Случајот Чиле – Боливија за пристап до Тихиот океан претставува класичен пример за сложеноста на меѓународните спорови со долгорочна историска, политичка и економска компонента. Одлуката на Меѓународниот суд на правда ја потврдува фундаменталната улога на правото во регулирањето на билатерални спорови, но истовремено ја покажува ограничената моќ на судските органи кога не постои политичка волја за компромис. Судот го призна историскиот контекст и дипломатските напори на Боливија, но не успеа да создаде правно обврзувачка рамка за суверен пристап до море. Овој случај ја илустрира важноста на долгорочниот дипломатски дијалог и улогата на меѓународната заедница како поддршка на преговарачкиот процес. И покрај јасно утврдените правни аргументи, политичките интереси на Чиле и националната стратегија за заштита на територијалниот суверенитет ја надвладеаја судската пресуда. Дополнително, економските и социјалните импликации за Боливија ја истакнуваат тесната врска меѓу правото, политиката и економијата во меѓународните односи.

На национално ниво, овој спор ја претставува важноста на историјата и националниот идентитет како битни фактори кои влијаат врз стратегијата на државата.

Боливија ја користеше националната реторика за „морето како загубена територија“ како легитимно средство за мобилизирање на политичка и дипломатска поддршка. Од друга страна, Чиле го искористи принципот на стабилност на договорите и суверенитетот како основа за својата одбрана.

Во рамки на меѓународната пракса, случајот Чиле – Боливија нуди неколку клучни поуки:

- ✓ Судските органи обезбедуваат правна сигурност, но не можат да го заменат политичкиот компромис;

[79] Kohen, Marcelo G., *The ICJ Judgment in Bolivia v. Chile: No Obligation to Negotiate Sovereign Access to the Sea*, Journal of International Dispute Settlement, 2019.

- ✓ Историските и културните фактори се суштински при решавање на долгорочни спорови;
- ✓ Регионалните и меѓународните организации можат да обезбедат поддршка, но исходот зависи од волјата на страните;
- ✓ Комбинацијата на правни аргументи и дипломатска стратегија е најуспешниот пристап при решавање на комплексни конфликти.

Во споредба со спорот на името Македонија – Грција, каде што Преспанскиот договор претставува пример на успешен компромис со комбинирана примена на дипломатија и право, спорот Чиле – Боливија покажува дека самото правно решение не секогаш води кон практичен исход, особено кога историските рани и националните интереси остануваат силни. Анализата на овој спор како пример дополнително ја потврдува потребата од *интегриран пристап кој ги комбинира правните рамки, дипломатските напори и политичката волја, за да се постигне трајно и функционално решение во меѓународните спорови.*

6.3. Случајот Србија – Косово

- **Историска позадина**

Случајот Србија – Косово започнува со долгогодишни етнички и политички тензии во покраината Косово, која претходно уживаше широка автономија во рамките на Србија. Во 1989 година, автономијата на Косово беше суспендирана, што предизвика големо незадоволство кај албанското мнозинство и во 1990-тите години, конфликтот ескалира во вооружени судири меѓу српските безбедносни сили и Ослободителната војска на Косово [80]

Меѓународната заедница реагираше со дипломатски и воени мерки, вклучувајќи интервенција на НАТО во 1999 година, која резултираше со повлекување на српските сили и воспоставување на привремена меѓународна администрација. Резолуцијата 1244 на Советот за безбедност на ООН ги утврди овластувањата на привремените власти и ја остави отворена можноста за определување на конечниот статус на Косово.

[80] https://www.theguardian.com/world/from-the-archive-blog/2019/mar/20/how-milosevic-stripped-kosovos-autonomy-archive

Спорот **Србија – Косово** претставува класичен пример на една сложената динамика на современите меѓународни односи, каде што дипломатијата и меѓународното право се тесно поврзани. Затоа самото решавањето на спорот не се заснова само на формални правни механизми, туку и на една политичката волја на засегнатите страни и нивната подготвеност за компромис. Комбинацијата на преговори, билатерални договори и одлуки на меѓународни тела покажува дека големата ефикасност на меѓународните механизми зависи од нивното интегрирање со реалната политичка и дипломатска практика.

- **Дипломатски аспекти**

Со прогласувањето на независност во 2008 година, спорот доби глобален дипломатски тек. Србија веднаш ја оспори независноста, сметајќи дека таа е нелегална и против Резолуцијата 1244. Од друга страна со самото признавањата на Косово од страна на повеќе држави, како САД, Велика Британија, Франција и Германија, се засили дипломатскиот притисок врз Србија. Така Европската унија, како посредник во дијалогот Белград – Приштина, ја постави рамката за договори кои предвидуваат нормализација на односите, вклучувајќи го **Бриселскиот договор (2013)**.

Договорот се фокусираше на формирање на Заедница на српски општини и практична соработка на локално ниво. Дополнително, **Вашингтонскиот договор (2020)** го прошири економскиот аспект на соработката, но не го реши суштинскиот политички спор.

- **Правосудни аспекти**

Покрај дипломатските активности, правосудната димензија беше од суштинско значење. Србија побара од Меѓународниот суд на правда мислење за усогласеноста на декларацијата за независност на Косово со меѓународното право. По што во јули 2010 година, Меѓународен суд на правда констатира дека декларацијата не го крши меѓународното право, бидејќи не постои експлицитна забрана за прогласување независност и нема доказ за прекршување на Резолуцијата 1244.

Таквото мислење се смета за преседан во современото меѓународно право, затоа што прецизира граници на државниот суверенитет и принципот на самоопределување.

- **Политички и меѓународни последици**

Мислењето што го даде Меѓународен суд на правда имаше значително влијание врз меѓународната легитимност на Косово. Така повеќе држави го сметаа како аргумент за признавање на новата држава. Додека пак Србија таквата одлука ја користи за да го зајакне својот став против широката меѓународна легитимација на независноста на Косово.

Меѓународната заедница се соочи со предизвик како да ги усклади интересите на различни земји и региони, што доведе до долгогодишен процес на посредување, мониторинг и преговори. Улогата на НАТО, ЕУ, САД и Обединетите нации беше клучна за одржување на стабилноста и обезбедување на текот на преговорите.

- **Споредбени аспекти со спорот за името на Македонија-Грција**

Спорот Србија – Косово и спорот за името меѓу Република Северна Македонија и Република Грција имаат значајни паралели, особено во:

- **Вклученост на меѓународни организации како посредници**.
- **Користење на Меѓународниот суд на правда за решавање на спорни прашања**.
- **Комбинација на дипломатски и правосудни механизми**.

Сепак, разликата е во исходот. **Преспанскиот договор ги реши прашањата за името, додека случајот Косово останува отворен.** *Ова покажува дека судските мислења сами по себе не можат целосно да решат сложени политички и идентитетски прашања, доколку не се поддржани со политичка волја и компромис.*

Случајот Србија – Косово е пример за решавање на спор со сложена динамика на современите меѓународни односи, каде што дипломатијата и правото се меѓусебно поврзани. Комбинацијата на преговори, договори и правосудни одлуки покажува дека меѓународните механизми се ефикасни само кога се поддржани од политичка волја и подготвеност за компромис. Случајот Србија – Косово ја илустрира комплексноста на современите меѓународни спорови, каде што дипломатијата и правото се меѓусебно поврзани. Успехот на решавањето на спорот зависи од способноста на страните да соработуваат во рамките на меѓународната заедница.

Компарацијата со спорот за името ја истакнува улогата на меѓународното право како инструмент за олеснување на дијалогот и решавање на конфликтите, но и ограничувањата кога се соочува со сложени етнички и политички контексти.

Во споредба со **спорот за името меѓу Република Северна Македонија и Република Грција**, случајот Србија – Косово ја истакнува клучната, но и ограничена

улога на меѓународното право. *Спорот за името претставува пример каде што меѓународното право функционираше како ефективен инструмент за олеснување на дијалогот, бидејќи постоеја конкретни дипломатски канали, јасно дефинирани обврски и подготвеност на страните да постигнат компромис.* Во тој контекст, правните механизми, како што се посредувањето на Обединетите нации и потпишувањето на Договорот од Преспа, овозможија правна рамка која директно водеше кон политички договор и трајно решение.

Сепак, случајот ја дефинира и комплексноста кога меѓународното право се соочува со ситуација каде етнички и политички контексти се посебно чувствителни.

Ефикасноста од постоењето на правна рамка, како што се резолуциите на Советот за безбедност на ООН и решенијата на меѓународни судови, зависи и од политичката волја на засегнатите страни да ги спроведат. Таквиот конфликт има длабоки историски, етнички и територијални корени, што укажува дека само формални правни механизми не можат да ги надминат настанатите бариери.

Значи, спорот Србија – Косово покажува дека **меѓународното право може да обезбеди рамка и алатки за регулирање на споровите**, *но успехот во решавањето на спорот практично зависи од политичката кооперативност, довербата меѓу страните и активното посредништво на меѓународната заедница.* Ваквите ситуации со високи етнички тензии или историски конфликти, правото само по себе не е доволно за трајно решение; потребна е комбинација од дипломатски преговори, економски и политички стимули, како и институционална поддршка од меѓународни организации.

Споредувајќи ги двата спора, **спорот за името** *претставува пример каде што меѓународното право и дипломатијата беа синергични и доведоа до компромис*, додека **спорот Србија – Косово** ја покажува потребата од подлабок интегриран пристап, каде што правото е само еден од елементите во поширокиот процес на мирно и одржливо решавање на конфликти.

Случајот Словенија – Хрватска ја нагласува самата значајноста на меѓународните механизми за решавање на територијални спорови и претставува пример како независни држави можат да користат арбитража како објективен и законски прифатлив начин за решавање на конфликти, без да дојде до ескалација или воени дејствија.

7. РЕЗУЛТАТИ ОД АНАЛИЗАТА НА СПОРОТ НА РСМ И РГ И СПОРЕДБА СО РЕШАВАЊЕ НА ДРУГИ СПОРОВИ

Анализирајќи го целокупниот процес што следува во решавањето на долгогодишниот спор на Република Северна Македонија и Република Грција и споредбата со останатите меѓународни спорови и начинот на нивното решавање е претставен во Табелата 4.

Табела 4: Табеларен преглед на решавање на спорот на РСМ и РГ и споредба со други меѓународни спорови и анализа на методот на решавање

Спор на РСМ и РГ, опис и метод на решавање	**Други меѓународни спорови и методи на нивно решавање**
Спор на Република Северна Македонија – Република Грција **Суштина:** Спорот започна по прогласувањето на независност на Република Македонија (1991), кога Грција се спротивстави на употребата на името „Македонија“, сметајќи дека тоа имплицира територијални претензии кон нејзината северна област Македонија. Поради приговорите на Грција, Македонија во ОН беше примена во 1993 година под привремената референца**„поранешна југословенска Република Македонија“ (ПЈРМ / FYROM)**. Спорот траеше повеќе од две децении и ги блокираше евро-атлантските интеграции на Македонија.	1. **Спор Словенија – Хрватска** **Суштина:** *Спорен беше заливот Пиран и дел од реката Драга.* Словенија, инсистираше на правото на директен и непречен пристап до отворено море преку Пиранскиот залив. Хрватска, од друга страна, тврдеше дека според историските карти и административни документи, поголемиот дел од заливот ѝ припаѓа на нејзината територија. **Посредник:** Европска Унија **Метод на решавање: Комбиниран (**арбитража и медијација) Пример за ограничената моќ на арбитражата кога недостасува политичка волја, и уште еднаш ја *нагласува потребата од интегриран пристап каде што дипломатијата ја надополнува правната рамка.*
	2. **Случајот Чиле – Боливија** **Суштина:** Спорот меѓу Боливија и Чиле за пристап до Тихиот океан. Во Пасифичката војна (1879–1884), Боливија и Перу се соочија со Чиле, а војната заврши со пораз на Боливија, која ја изгуби својата зона по обалата и стана држава без излез на море. 1904 -Договор за мир и пријателство, кој формално ја регулира границата и Боливија

<table>
<tr>
<td rowspan="2">• Главни точки на несогласување:

1. Името на државата.
2. Употреба на симболот ѕвезда од Вергина.
3. Наводни претензии врз историјата и културното наследство.

Методи на решавање:

1.Преговори- добри услуги на ОН

2. Посредување

3. Судско решавање-Меѓународниот суд на правда

4. Конечен исход – политички договор (Преспански договор 2018).</td>
<td>има право на транзит на стоки преку чилеански пристаништа.

Посредник:

Меѓународни посредници (на пр. Папата Франциск во 2015 година изрази подготвеност да помогне како морален посредник).

Најчесто, разговорите се воделе директно меѓу Чиле и Боливија без официјален трета страна.

Метод на решавање:

Билатерални преговори- директни преговори (19 и 20 век), но без конечен резултат.

Медијација / добри услуги - имало обиди.

Судско решавање- Меѓународниот суд на правда

Дипломатски притисок во меѓународни организации- и меѓународната јавност, за да изврши притисок за решавање на спорот.</td>
</tr>
<tr>
<td>3.Случајот Србија – Косово

Суштина: 1989 година автономијата на Косово беше суспендирана, што предизвика незадоволство кај албанското мнозинство и во 1990-тите години, конфликтот ескалира во вооружени судири меѓу српските безбедносни сили и Ослободителната војска на Косово

Посредник: НАТО, ЕУ, САД и Обединетите нации

Метод на решавање:

Преговори

Посредување

Добри услуги

Судско решавање- Меѓународниот суд на правда.</td>
</tr>
</table>

Анализата на спорот помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција, во споредба со други меѓународни спорови, покажува дека методот на решавање има клучно значење за трајноста и ефективноста на исходот.

Во случајот на македонско-грчкиот спор, иако постоеше судска пресуда на Меѓународниот суд на правда од 2011 година во корист на Македонија, таа сама по себе

не доведе до конкретни промени во односите, ниту пак ја деблокираше интеграцијата во НАТО. Она што се покажа како пресудно беше долготрајниот дипломатски процес, преговорите со посредство на ОН и добрите услуги на специјалниот пратеник Метју Нимиц, кои кулминираа со политички компромис и потпишување на Преспанскиот договор во 2018 година. Со тоа се потврдува дека дипломатските методи, иако често се подолготрајни и понапорни, претставуваат поефективен инструмент за решавање на комплексни идентитетски и политички прашања, за разлика од правосудните, кои имаат ограничен ефект доколку не се поткрепени со политичка волја.

Сепак, решението преку Преспанскиот договор донесе и негативни последици. Промената на уставното име предизвика длабоки поделби во македонското општество, создавајќи чувство кај дел од граѓаните дека националниот идентитет е компромитиран. Недоволната излезност на референдумот од 2018 година и контроверзите околу имплементацијата на одредбите укажуваат на ограничена поддршка и на потенцијален ризик од долгорочни тензии. Исто така, процесот ја откри слабоста на меѓународниот систем за решавање на спорови – одлуките често зависат од политички интереси и меѓународен притисок, наместо од внатрешен консензус, што може да создаде криза на доверба во институциите и поделби во општеството. Дополнително, и покрај решението, напредокот во процесот на европска интеграција не беше онолку динамичен колку што се очекуваше. Спорот РСМ – РГ потврдува дека најуспешниот метод за решавање на меѓународни конфликти е **интегрираниот пристап**, кој комбинира правосудни средства со дипломатски процеси и политички компромис. Оваа симбиоза овозможува да се постигнат трајни и одржливи решенија, но истовремено покажува дека компромисот секогаш носи со себе и негативни аспекти, кои мора да се менаџираат внимателно. Преспанскиот договор претставува модел за други билатерални и регионални конфликти, со поука дека трајната стабилност бара баланс помеѓу правото, дипломатијата и внатрешниот консензус.

Споредбата со другите меѓународни спорови (Словенија – Хрватска, Чиле – Боливија и Србија – Косово) укажува на ист тренд: арбитражата и судските решенија сами по себе не се доволни без соодветна дипломатска рамка и подготвеност за компромис. Во спорот Словенија – Хрватска, арбитражната постапка беше компромитирана и без целосна имплементација, што уште еднаш ја нагласува потребата од политичка волја. Во случајот Чиле – Боливија, пресудата на ICJ од 2018 година во

корист на Чиле не донесе трајно решение, бидејќи Боливија и понатаму ја смета загубата на излезот на море како историска неправда. Кај Србија – Косово, и покрај консултативното мислење на ICJ во 2010 година, суштинскиот процес се води преку преговори и посредување на ЕУ и САД, што покажува дека дипломатските методи остануваат најреален пат кон стабилност.

Од овие примери може да се заклучи дека **правосудните средства играат значајна улога во обезбедување на правна основа и во зајакнување на позициите на страните, но сами по себе ретко доведуваат до трајно решение.** Она што е одлучувачко е комбинацијата на дипломатски методи, политички компромис и меѓународно посредување.

Она што дополнително се потврдува преку анализата е дека меѓународните спорови не можат да се сведат само на правни интерпретации, туку се длабоко политички и историски прашања. Во голем број случаи, правосудните органи како Меѓународниот суд на правда или арбитражните трибунали носат одлуки кои имаат правна тежина, но нивната имплементација останува условена од политичките односи и од заинтересираноста на државите да ги прифатат. Затоа, правото и политиката се испреплетени, а вистинската ефективност на меѓународните правни институции зависи од степенот на дипломатскиот дијалог и подготвеноста на страните за конструктивна соработка.

7.1 Влијанието на НАТО врз конечниот исход

Членството на Република Северна Македонија во НАТО во март 2020 година претставуваше еден од најзначајните надворешнополитички настани од осамостојувањето на државата. Тоа не беше само прашање на воено-безбедносна интеграција, туку и симбол на конечното затворање на еден долгогодишен спор кој ја блокираше евроатлантската иднина на државата.

Улогата на НАТО во процесот на надминување на спорот за името беше повеќеслојна и суштинска.

Прво, Грчкото вето на Самитот во Букурешт (2008) претставуваше историски преседан. Иако тогашната Република Македонија ги исполнуваше воените и безбедносните критериуми за членство, процесот беше блокиран поради нерешениот

спор за името. Овој настан покажа дека НАТО, освен исполнувањето на формалните технички услови, сериозно ги зема предвид и политичките аспекти како што се добрососедските односи и регионалната стабилност[1]. Тоа ја потврди политичката димензија на Алијансата, каде консензусот на државите-членки е еднаков предуслов со воените стандарди.[81]

Второ, со тоа што го прифати ветото како легитимен инструмент, НАТО индиректно ја презеде улогата на „арбитер“ во спорот. Иако Алијансата нема формализиран механизам за решавање на вакви билатерални спорови, нејзиниот став создаде силен меѓународен притисок врз Македонија да изнајде компромисно решение[2]. Практично, евроатлантската перспектива стана главната награда за постигнување дипломатски договор со Грција.

Трето, потпишувањето на Преспанскиот договор во 2018 година го отвори патот кон членството. НАТО веднаш ја поздрави спогодбата и испрати покана за прием уште истата година, што претставуваше јасен сигнал дека решавањето на билатерални конфликти преку дипломатија е conditio sine qua non за интеграција[3]. Ова потврдува дека Алијансата активно ја наградуваше политичката волја за компромис и дека членството беше директно условено со надминување на спорот.[82]

Четврто, членството во НАТО во 2020 година носеше повеќеслојни придобивки за Северна Македонија:

- **Безбедносни**, преку гаранција на територијалниот интегритет и вклучување во колективниот систем на одбрана;
- **Политички**, преку зацврстување на меѓународната позиција, внатрешна стабилност и зајакнување на довербата кон институциите;
- **Дипломатски**, како доказ дека компромисот е единствено решение за деблокирање на евроатлантските интеграции и подобрување на односите со соседите;

[81] NATO. *Bucharest Summit Declaration*. Issued by the Heads of State and Government, 3 April 2008.
[82] https://www.nato-pa.int/news/north-macedonia-joins-nato-30th-ally-becomes-full-member-nato **NATO Parliamentary Assembly** – „North Macedonia joins NATO as 30th Ally, becomes full member

- **Регионални**, преку испраќање порака до другите држави од Балканот дека само преку надминување на отворените билатерални прашања е можно целосно интегрирање во Алијансата[4].

Петто, исклучителната зависност на процесот од решавањето на спорот со Грција испрати јасна порака за идните кандидати за членство. НАТО нема да прифати нови членки кои носат нерешени конфликти во Алијансата, што создава своеобразен „филтер“ за стабилност во регионот. Тоа беше предупредување дека Алијансата не може да си дозволи внатрешни тензии што би ја ослабнале нејзината кохезија.[83]

Оттука, може да се заклучи дека НАТО не беше само пасивен набљудувач, туку клучен геополитички фактор кој ја детерминираше динамиката на спорот. Алијансата со својата политика на условеност всушност ја постави рамката за компромис, а членството на Северна Македонија стана симбол на успехот на дипломатијата. Воедно, случајот претставуваше и предупредување за регионот дека долготрајните билатерални конфликти се сериозна пречка за евроатлантската интеграција.Членството на Северна Македонија во НАТО не беше само резултат на билатералниот компромис со Грција, туку и јасна порака за стабилноста на целиот Западен Балкан. Алијансата со тоа покажа дека нејзината политика на условеност функционира како средство за стабилизација на регионот, бидејќи државите мораат да решаваат долготрајни конфликти пред да се приклучат. Ова влијае на идната стратегија на соседните земји како Србија, Босна и Херцеговина, и Косово, кои мораат да бидат свесни дека нерешените билатерални прашања можат да ја блокираат нивната евроатлантска интеграција.

НАТО, со својата политика на условеност, индиректно ја стимулираше Северна Македонија и Грција да воспостават трајно партнерство. Покрај името, договорот ги отвори и прашањата за економска и инфраструктурна соработка, културна и научна размена, што создава основа за долгорочна доверба меѓу соседите. Членството во НАТО го нагласува значењето на добрососедските односи како предуслов за евроатлантска интеграција, што претставува модел за други земји во регионот.

[83] https://www.auswaertiges-amt.de/en/aussenpolitik/internationale-organisationen/nato-node/nato-north-macedonia-
German Federal Foreign Office – North Macedonia becomes 30th NATO member

Успешното членство на Северна Македонија го засилува стратешкиот интерес на НАТО за Балканот и ја продлабочува мрежата на соработка во Југоисточна Европа. Ова создава ефект на „позитивна спирала“: земјите кои ги решаваат билатералните конфликти полесно се интегрираат во евроатлантските структури, што го поттикнува политичкиот, економскиот и безбедносниот развој на целиот регион.

ЗАКЛУЧОК

Истражувањето на меѓународните спорови и нивно решавање со дипломатски и правосудни начини на решавање на таквите спорови, со посебен осврт на спорот за името помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција, ја потврдува комплексноста на ваквите конфликти. Спорот за името не беше само билатерално прашање меѓу двете држави, туку и тест за способноста на меѓународната заедница да обезбеди мирно, праведно и правно решение на спорот.

Во овој труд анализата на спорот на РСМ-РГ, начинот на решавање и споредба со други меѓународни спорови е извршена во неколку чекори. Таа опфаќа:

1. Дефинирање на меѓународни спорови, предметот на истражување, цел на истражувањето, оправданоста на истражувањето и дефинирање на методот на истражување.

2. Извршена е анализа на дипломатските начини на решавање на меѓународните спорови и постигнатите резултати од истите. Тоа се: преговори, добри услуги, посредување или медијација, анкетни комисии, помирување.

3. Анализа на правосудните начини на решавање на меѓународните спорови, и тоа: Арбитражата и Судско решавање односно Меѓународниот суд на правдата.

4. Разгледани се и други видови меѓународни судски и квази судски тела.

5. На основа на претходното извршена е анализа на спорот на Република Северна Македонија- Република Грција и процесот на негово решавање.

6. Направена е компарација на процесот на решавање на спорот на РСМ-РГ со процесите од други меѓународни спорови и

7. Интерпретација на добиените резултати.

Придобивките од анализите во овој труд се формулирани на следниот начин:

- ✓ **Прво анализата покажува дека ефикасното решавање на меѓународни спорови зависи од интеграција на дипломатските и правосудните механизми.** *Дипломатските напори,* со посредство на ОН, ЕУ и други меѓународни фактори, овозможуваат конструктивен дијалог и постигнување на компромис, додека *правосудните постапки*, како тужбата пред Меѓународниот суд на правда, обезбедуваат правна сигурност и рамка за легитимност на процесот.

Преспанскиот договор во спорот на РСМ-РГ претставува резултат на комбиниран пристап – дипломатски преговори, меѓународно посредство и правни аргументи – кој овозможи трајно и одржливо решение. Овој пример ја илустрира важноста на меѓународното право како иструмент за балансирање на националниот суверенитет со обврските кон меѓународната заедница, како и улогата на трети страни во создавање доверба и гарантирање на имплементацијата на договорот.

Случајот на спорот за името служи како модел за идни меѓународни спорови, покажувајќи дека интегрираниот пристап на дипломатија и правосудство е клучен за градење на стабилни меѓудржавни односи и регионална стабилност.

- ✓ **Второ: Истражувањето на дипломатските средства за решавање на меѓународни спорови покажува дека тие претставуваат фундаментален механизам за одржување на мирот и стабилноста во меѓународните односи.** Дипломатските методи – преговори, добри услуги, медијација, анкетни комисии и помирување – овозможуваат мирно решавање на споровите преку дијалог, флексибилност и заедничка волја на страните, без прибегнување кон сила или насилство.

Анализата на конкретни примери, како Преспанскиот договор меѓу Република Северна Македонија и Република Грција и Дејтонскиот мировен договор за мир во Босна и Херцеговина, ја илустрира **ефикасноста на дипломатските средства** кога се обезбедени трпеливост, политичка волја и ангажман на меѓународни посредници.

Сепак, нивната **голема предност** е можноста за адаптација на комплексни ситуации, зачувување на меѓународниот мир и создавање атмосфера на доверба меѓу конфликтните страни.

Дипломатските средства за решавање на споровите не само што се ефикасен инструмент за надминување на билатерални и мултилатерални конфликти, туку и клучен столб за одржување на стабилноста, довербата и меѓународната соработка во современиот меѓузависен свет. Примери како спорот за името ја потврдуваат нивната способност да обезбедат трајни и компромисни решенија, при што дипломатската трпеливост, меѓународната медијација и флексибилните механизми остануваат клучни за мирното решавање на комплексни меѓународни прашања.

Ограничувања и негативности на дипломатските средства се: *Необврзувачкиот карактер на одлуките, зависноста од политичката волја* и *меѓународниот контекст, можноста за застој или одложување на решавањето на*

спорот, како и чувствителноста на процесот на внатрешни политички влијанија и јавно мислење.

Во комплексни или високо поларизирани конфликти, дипломатските средства можат да бидат недоволни за постигнување трајно решение, особено кога една страна не е подготвена за компромис. Современите закани, како сајбер напади, хибридни конфликти и дезинформации, исто така го ограничуваат класичниот дипломатски пристап и бараат нови превентивни механизми.

- ✓ **Трето: Правосудните начини на решавање на меѓународните спорови се клучен инструмент за обезбедување на мирно и правно регулирање на конфликти меѓу државите, и тоа:**

  Арбитражата, како флексибилен и договорен механизам, нуди можност за прилагодување на постапката според потребите на страните, обезбедувајќи ефикасност и релативна предвидливост на исходот. Судското посредување и спогодување ја истакнуваат важноста на компромисот и соработката, овозможувајќи не само решавање на спорот, туку и зачувување на меѓудржавните односи.

  Меѓународниот суд на правда, пак, нуди независна и правно обврзувачка рамка, која ја гарантира стабилноста и правната сигурност во меѓународните односи.

Случајот на спорот за името меѓу Република Северна Македонија и Република Грција ја илустрира ефективноста на овие механизми, при што правосудните постапки и одлуките на Меѓународниот суд за правда создадоа основа за понатамошни дипломатски преговори, а Преспанскиот договор претставува успешен пример за комбинирана примена на правосудни и дипломатски методи.

Сепак, не можат да се игнорираат и негативните аспекти на правосудното решавање на меѓународни спорови. И тоа:

-Судските процеси често се долготрајни и сложени, со големи трошоци и административна тежина, што може да ја забави имплементацијата на решението.

-Правосудните одлуки не секогаш доведуваат до целосна реализација на договореното, особено ако политичката волја или меѓународната поддршка се ограничени. Понекогаш правосудните процеси можат да ја заострат тензијата меѓу страните, особено кога една страна се чувствува поразена или непочитувана.

Во случајот на спорот за името, иако правните механизми ја поставија рамката за дијалог, без дипломатските компромиси и политичката волја, исходот можеби немаше да биде одржлив.

Ефикасноста на Правосудните механизми зависи од надополнување и со дипломатски и политички активности. Само интегриран пристап кој ја комбинира правната сигурност со меѓународната соработка, овозможува трајни и легитимни решенија.

Спорот за името меѓу Република Северна Македонија и Република Грција го потврдува ова: правосудните механизми обезбедуваат рамка и законска легитимност, додека дипломатските напори гарантираат прифатливост и одржливост на решението.

Правосудните одлуки не секогаш доведуваат до целосна реализација на договореното, особено ако политичката волја или меѓународната поддршка се ограничени. Во случајот на спорот за името, иако правните механизми ја обезбедија рамката за дијалог, без дипломатските компромиси и политичката волја, исходот можеби немаше да биде одржлив.

- ✓ **Четврто: Меѓународниот кривичен суд претставува еден од најзначајните инструменти за одржување на меѓународната правда и владеењето на правото.** Тој е првиот постојан суд со глобална надлежност за гонење на најтешките меѓународни кривични дела, како што се геноцидот, злосторствата против човештвото, воените злосторства и злосторството на агресија. Создавањето на Судот преку Римскиот статут и неговото функционирање од 2002 година означува историски исчекор во борбата против неказнивоста и обезбедува механизам преку кој индивидуалната одговорност станува суштинска во меѓународните односи.

Позитивна страна на Судот е:

- ❖ Неговата улога во јакнење на меѓународното право и создавање на универзални стандарди за одговорност.
- ❖ Преку принципот на *комплементарност*, Судот им овозможува на националните судови прво да дејствуваат, додека самите меѓународни процеси ја потврдуваат нивната легитимност и обезбедуваат стандарди за фер и непристрасно судење.
- ❖ Судот исто така овозможува жртвите активно да учествуваат во процесот, што претставува значаен напредок во меѓународното правосудство, бидејќи овозможува признавање и обештетување на жртвите, како и јакнење на довербата во правниот систем.

- Дополнително, Меѓународниот кривичен суд има силен симболички ефект: неговото постоење испраќа јасна порака дека најтешките кривични дела нема да останат неказнети, што ја засилува превентивната функција на меѓународното право.

Преседаните создадени од Судот служат како водилка за националните судови и влијаат на развојот на меѓународната правна пракса. Примерот со спорот за името на Република Северна Македонија и Република Грција покажува дека, иако Меѓународниот кривичен суд не се меша во политичкото решавање на споровите, неговата правна рамка обезбедува сигурност, предвидливост и правна поддршка на меѓународните акти и договори.

Предизвици при функционирањето на Судот:

- Ограничената соработка од страна на одредени држави, политичките притисоци, селективноста во избирањето на случаи и ограничената имплементациска моќ претставуваат сериозни негативни аспекти.
- Иако Судот има значајна легитимност, понекогаш неговите постапки се доживуваат како бавни или неефикасни, што може да ја намали јавната доверба.

Сепак, *позитивните ефекти* значително ги надминуваат негативните. Судот го промовира владеењето на правото, создава стандарди за одговорност, ја зајакнува заштитата на човековите права и обезбедува механизам преку кој меѓународната заедница може да реагира на најтешките кривични дела. Тој претставува клучен инструмент за правна и морална одговорност, со што придонесува кон стабилност, мир и справедливост во меѓународните односи. Сепак судот ја потврдува важноста на правосудните институции како дел од меѓународниот поредок. Неговото постоење и работа ја зајакнуваат вербата дека правдата може да се оствари на глобално ниво, дека одговорноста не може да се избегне, и дека заштитата на правата на поединците и државите има долгорочни позитивни ефекти за целокупната меѓународна заедница.

Меѓу *негативните аспекти*, сепак, се истакнуваат долгите рокови на процесите и ограничената соработка на одредени држави, што понекогаш го забавува извршувањето на правдата. И покрај тоа, позитивните ефекти се посилни, бидејќи Судот не само што гони, туку и промовира глобални стандарди на правото и човековите права.

- ✓ Значи, Меѓународниот кривичен суд претставува важен елемент на меѓународната правосудна структура. Неговото постоење и активности ги зацврстуваат принципите на правдата и одговорноста, создавајќи сигурност и предвидливост во меѓународните односи и спорови. Судот е доказ дека и на глобално ниво може да се оствари правдата, а неговата работа поттикнува и развивањето на националните правни системи, со позитивни ефекти и на државно ниво.
- ✓ **Петто: Анализата на спорот за името помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција покажува дека изборот на метод за решавање на меѓународните спорови преку договор има клучно значење за трајноста и ефективноста на исходот.**

Во случајот на македонско-грчкиот спор, комбинацијата на дипломатски преговори, посредување од меѓународни актери и правосудни механизми резултираше со мирно и одржливо решение **– Преспанскиот договор,** што значи**:**

1. Случајот ја истакнува важноста на интеграција на дипломатските и правосудните инструменти за постигнување компромис, како и значењето на меѓународното право за обезбедување легитимност и спроведување на договорот. Притоа, процесот покажува дека, иако постојат тешкотии како внатрешна политичка отпорност или сложени историски контексти, посветеноста на дијалогот и правилното користење на меѓународните механизми може да овозможи трајни и позитивни резултати за двете страни.

2. Спорот за името ја потврдува важноста на стратешката дипломатија, институционализираните правосудни механизми и меѓународната соработка како клучни алатки за решавање на меѓународни спорови, кои не само што ја обезбедуваат правдата, туку и ја поддржуваат стабилноста и регионалната интеграција.

3. Случајот со спорот за името меѓу Република Северна Македонија и Република Грција ја покажува комплексноста и предизвиците на меѓународните спорови. Дипломатските и правосудните механизми овозможија постигнување на компромис и донесување на Преспанскиот договор, кој претставува пример за успешна комбинација на политичка волја, меѓународно посредство и правно регулирање.

4.Договорот овозможи долгорочно решавање на спорот, обезбедувајќи стабилност, меѓународно признавање и услови за економска и политичка соработка во регионот.

5. Преспанскиот договор претставува успех во меѓународното право и дипломатија,

Спорот РСМ-РГ ја истакнува и ранливоста на овој процес и тоа:

1. Долготрајните преговори создадоа чувство на неизвесност и понекогаш непотребна тензија меѓу засегнатите страни. Јавниот отпор и минималната информираност на граѓаните доведоа до недоверба во процесот, а дел од населението промената на името ја смета за компромис кој го загрозува националниот идентитет.

2. Политичките разлики и внатрешнополитичките притисоци исто така ја отежнуваа имплементацијата на договорот и создаваа ризик од враќање на конфликтот во иднина. Дополнително, зависноста од меѓународната поддршка и посредство покажува дека процесот не е целосно автономен и е подложен на надворешни влијанија, кои понекогаш може да ја попречат ефикасноста на правосудните и дипломатските механизми.

Значи споменатите негативности ја потенцираат потребата од внимателно планирање и стратегиска комуникација со јавноста при решавање на меѓународните спорови.

3. Трајноста на овој договор ќе зависи од континуирана политичка волја, општествена поддршка и способност за управување со внатрешните и надворешните предизвици.

4. Случајот ја покажува реалноста дека дури и најдобрите воспоставени договори не се отпорни на социјални, политички и културни фактори кои можат да ја нарушат нивната имплементација.

5. Долготрајноста на овој спор создаде застој во политичката, економската и културната соработка.

6. Интервенциите од меѓународни посредници ја ограничуваат автономијата на земјата и создаваат ризик надворешните интереси да доминираат над националните потреби.

7. Измените во името и историските интерпретации предизвикаа тензии поврзани со националниот идентитет, кои можат долгорочно да ја нарушат довербата во институциите. Дополнително, ризикот од делумна или несоодветна имплементација на договорот и медиумската манипулација создадоа конфузија и недоверба кај јавноста.

Сите горенаведени негативности укажуваат на тоа дека, и покрај постигнатиот дипломатски успех, процесот бара внимателно управување, трајна

контрола на имплементацијата и продолжена работа на јакнење на националната свест и доверба во институциите, со цел решението да биде ефективно и долгорочно одржливо.

- ✓ **Шесто споредбената анализа на меѓународните спорови: Словенија–Хрватска, Чиле–Боливија и Србија–Косово – во однос на спорот за името меѓу Република Северна Македонија и Република Грција**, ја илустрира комплексноста на решавањето на меѓународни конфликти и важноста на комбинираната примена на дипломатски и правосудни механизми.

Случајот Словенија–Хрватска покажува дека арбитражата може да обезбеди правно издржано решение, но нејзината ефикасност зависи од политичката волја на страните да го почитуваат исходот. Не спроведување од страна на Хрватска укажува на ограничената моќ на правните механизми без поддршка од политички фактори.

Случајот Чиле–Боливија дополнително ја потврдува оваа поука, прикажувајќи дека дури и формално утврдени правни аргументи не можат сами да доведат до практично решение кога историските, културните и националните интереси остануваат силни. Долготрајната дипломатска блокада и несогласувањата ја илустрираат тесната врска меѓу правото, политиката и економијата во меѓународните односи.

Случајот Србија–Косово, пак, ја истакнува комплексноста на етничките и политичките конфликти, каде што дури и правосудните мислења на Меѓународниот суд на правда не се доволни без активна дипломатска волја, компромис и меѓународно посредување.

Во споредба со овие примери, решението на спорот за името меѓу Македонија и Грција претставува успешен пример помеѓу правните механизми и дипломатијата. Комбинацијата на пресудата на Меѓународниот суд на правда и подоцнежниот Преспански договор овозможи трајно решение, со јасна политичка и правна рамка.

Анализата покажува дека меѓународното право обезбедува рамка и алатки за решавање на спорови, но успешното и одржливо решение зависи од:

- **политичката волја на засегнатите страни;**
- **комбинирана примена на дипломатски и правосудни механизми;**
- **активно посредништво на меѓународната заедница;**
- **внимание на историските, културните и економските фактори.**

Само интегрираниот пристап овозможува да се постигне компромис кој е правно издржан, политички прифатлив и долгорочно одржлив, што го прави спорот за името на

Република Северна Македонија и Република Грција значаен пример за меѓународната пракса во решавањето на сложени конфликти.

Од овие примери може да се заклучи дека меѓународните спорови не се само правни прашања, туку се длабоко политички и историски проблеми. Трајните и одржливи решенија се постигнуваат преку интегриран пристап кој комбинира правосудни средства, дипломатски процеси, политички компромис и меѓународно посредство.

Во крајна линија, спорот РСМ – РГ претставува модел за решавање на билатерални и регионални конфликти, со јасна порака дека трајната стабилност бара внимателно балансирање помеѓу правото, дипломатијата и внатрешниот консензус. И покрај предизвиците и компромисите, Преспанскиот договор демонстрира дека долгорочното и одржливо решение е возможно само кога правото и политиката се испреплетени, а дипломатскиот процес е поддржан од искрена волја за соработка и разбирање на интересите на другата страна.

Анализата на спорот помеѓу Република Северна Македонија и Република Грција ги детерминираат следните позитивни и негативни ефекти од постигнатиот договор.

Позитивни аспекти:

- **Трајно решение:** Преспанскиот договор овозможи компромис кој ја деблокира евро-атлантската интеграција на Северна Македонија и го уредува прашањето на името.
- **Меѓународно посредство**: Добрата волја и посредничката улога на Метју Нимиц и ОН покажаа дека меѓународната поддршка може да овозможи конструктивен дијалог.
- **Модел за идни спорови**: Долготрајниот дипломатски процес служи како пример за решавање на билатерални и регионални конфликти преку компромис и интеграција на правото и политиката.
- **Јасна правна и политичка рамка**: Примената на судски одлуки и правни аргументи зајакнаа позицијата на страните и овозможија легитимна основа за преговори.

Негативни аспекти:

- **Внатрешни поделби**: Промената на уставното име предизвика поделби во македонското општество и чувство кај дел од граѓаните дека националниот идентитет е компромитиран.

- **Недоволна поддршка**: Ниската излезност на референдумот и контроверзите околу имплементацијата укажуваат на ограничена внатрешна согласност, што носи ризик од долгорочни тензии.
- **Ограничена моќ на правото:** Судските пресуди сами по себе не можат да го решат конфликтот без политичка волја и дипломатски процес.
- **Зависност од политички интереси:** Резултатите покажуваат дека меѓународните решенија честопати зависат од геополитички и дипломатски фактори, што може да ја намали нивната одржливост.

Преспанскиот договор покажува дека интегрираниот пристап носи трајно решение и подобрување на меѓународните спорови, овозможувајќи ја евро-атлантската интеграција на РСМ, со што РСМ стана 30-та земја членка на НАТО. Членството на Северна Македонија во НАТО не беше само резултат на билатералниот компромис со Грција, туку и јасна порака за стабилноста на целиот Западен Балкан.

Овој труд го детерминира позитивниот ефект во создавање на модел за мирно решавање на слични билатерални конфликти, градејќи доверба и стабилност во регионален и меѓународен контекст. Но исто така се осврнува на негативниот аспект што ја нагласува ранливоста на општествата кон внатрешни политички и културни тензии, што може да ја отежни имплементација и општа прифатливост на договорот на долги патеки.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Ицоска, Е., Митревска, Ј. (2023), Мирно решавање на споровите во меѓународните односи, Скрипта, Г.Р. Державин.
2. Ортаковски, В., и Миленковска, М., МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО, Факултет за безведност, Скопје.
3. Merrils,J.G., International Dispute Settlement, 4th edn, Cambridge, 2005; J. Collier and V. Lowe, The Settlement of Disputes in International Law, Cambridge, 1999; A. Peters, 'International Dispute Settlement: A Network of Cooperational Duties' , 14 EJL, 2003, p.L.
4. Маролов, (2020): МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО, Штип
5.За време на .. воздушната кампања " на НАТО врз Југославија, авион НАТО ја бомбардираше Кинеската амбасада во Белград, при што загинаа три кинески држеавјани, а беа ранети околу дваесет.
6. На пример, со претседавачот на Организацијата на африканското единство во врска со Западна Сахара, како и со Генералниот секретар на Организацијата на американски држави во однос на Централна Америка, Види: UHHandbook, p.39.
7. Security Councilresolution 367 (1975), која бара од Генералниот секретар на ОН да преземе мисија на добри услуги во Кипар. B.G Ramcharan, ' The Good Offices of the United Nations Secretary- General in the Field of Human Rights', 76 AJIL, 1982, p.130.
8. На пример, со претседавачот на Организацијата на африканското единство во врска со Западна Сахара, како и со Генералниот секретар на Организацијата на американски држави во однос на Централна Америка, Види: UHHandbook, p.39.
9. N.Bar- Yaacov, *The Handling of International Disputes by Means of Inquiry, London, 1974* chapter 2. pp.33-4.
10. Slye, R. (2011). The ICC and the Development of International Criminal Jurisprudence. Leiden Journal of International Law.
11. Van Schaack, B., & Slye, R. (2012). The International Criminal Court and the Evolution of International Criminal Law.
12. Application of the Interim Accord of 13 September 1995 (the former Yugoslav Republic of Macedonia v. Greece)
13. Ристески, С. (2018). Политичката криза во Македонија (2015–2017) и промената на власта. Политички мисли, Институт за демократија „Социетас Цивилис" – Скопје.
14. Целосен текст на Конечниот договор за решавање на македонско - грчкиот спор за

името и за стратешко партнерство
15. North Macedonia joins NATO as 30th Ally
16. Член 15 (1) од Генералниот акт за мирно решавање на меѓународните спорови, 1928 година, дополнет во 1949 година.
17. Bechev, D., Marusic, D., (2020): North Macedonia on the Threshold of Europe
18. Bechev, D. (2020). North Macedonia's NATO accession: A Geopolitical Shift in the
19. Balkans International Court of Justice, Case: Obligation to Negotiate Access to the Pacific Ocean (Bolivia v. Chile), Judgment of 1 October 2018
20. Бачев.J,(2022), Меѓународно-правните основи и постапката за поништување на договорот меѓу Македонија и Грција.
21. Shaw, Malcolm. (2017), International Law, 8th.ed, Cambridge University Press
22. Merrills, J. G, *International Dispute Settlement, 4th edn, Cambridqe, 2005,Ch 5; S. Rosenne*
23. *The Law and Practise of International Court. 1920-1996, 4 vols.3rdedition. The Haque, 1997; S. Schwebel, International Arbitration; Three Salient Problems, Cambridge, 1987.*
24. Во спорот ИРАН-САД, трибунал за побарувања е регулиран со арбитражни правила на UNCITRAL.
25. UNCITRAL Arbitration Rules (2021), Articles 7–9; Redfern and Hunter, *International Arbitration*, Oxford University Press, 2015, p. 254.
26. Kohen, Marcelo G., The ICJ Judgment in Bolivia v. Chile: No Obligation to Negotiate Sovereign Access to the Sea, Journal of International Dispute Settlement, 2019.
27 NATO. Bucharest Summit Declaration. Issued by the Heads of State and Government, 3 April 2008.
28. Член 15 (1) од Генералниот акт за мирно решавање на меѓународните спорови, 1928 година, дополнет во 1949 година.
29. NATO Parliamentary Assembly – „North Macedonia joins NATO as 30th Ally, becomes full member.

Користени веб- страници

1. https://www.cambridge.org/core/journals/nationalities-papers/article/macedonian-name-dispute-the-macedonian-questionresolved/C762D257FB5CADE4259F57E0E8C776CA
2.https://en.wikipedia.org/wiki/Prespa_Agreement

3.https://www.qil-qdi.org/the-prespa-agreement-between-greece-and-north-macedonia-and-the-settlement-of-the-name-dispute-of-objective-regimes-erga-omnes-obligations-and-treaty-effects-on-third-parties/
4.https://books.google.com.jm/books?id=WrhUBAAAQBAJ&printsec=frontcover
5.https://www.un.org/en/about-us/un-charter/
6.https://en.wikipedia.org/wiki/Torrijos%E2%80%93Carter_Treaties
7.https://www.un.org/en/ga/73/resolutions.shtml
8. https://vlada.mk/node/16897
9. https://avalon.law.yale.edu/20th_century/hague01.asp?utm_source
10. Institutional%20Arbitration,%20CAAJ%202017,%20141%20(2).pdf
11.https://en.wikipedia.org/wiki/UNCITRAL_Model_Law_on_International_Commercial_Arbitration
12. Institutional%20Arbitration,%20CAAJ%202017,%20141%20(2).pdf
13.https://en.wikipedia.org/wiki/UNCITRAL_Model_Law_on_International_Commercial_Arbitration
14. https://www.lw.com/admin/Upload/Documents/Guide-to-International-Arbitration-May-2014.pdf
15. https://uncitral.un.org/en/texts/arbitration
16. https://www.lexisnexis.co.uk/legal/guidance/ad-hoc-arbitration-an-introduction-to-the-key-features-of-ad-hoc-arbitration
17. https://iccwbo.org/dispute-resolution/dispute-resolution-services/arbitration/
18.https://www.pravda.gov.mk/upload/Documents/ЗПП%20редакциски%20пречистен%20текст%202015%281%29.pdf
19. https://www.pravda.gov.mk/Upload/Documents/Zakon%20za%20medijacija.pdf
20.https://www.pravda.gov.mk/upload/Exams/Zakon%20za%20medijacija%20sl.v.br.188.13.pdf
21.https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2008/52/oj
22.https://rm.coe.int/north-macedonia-20220630-deliverable-2/1680a8c31f
23. Facts on the Macedonian - Greek Name Dispute
https://www.balcanicaucaso.org/eng/Materials/Facts-on-the-Macedonian-Greek-Name-Dispute
24.Greece and Macedonia Are Fighting Over Who Gets to Use the Name ‘Macedonia’. Here’s Why
https://time.com/5118032/greece-macedonia-fighting/

25. https://www.lexisnexis.co.uk/legal/guidance/ad-hoc-arbitration-an-introduction-to-the-key-features-of-ad-hoc-arbitration
27. https://iccwbo.org/dispute-resolution/dispute-resolution-services/arbitration/

28.https://www.pravda.gov.mk/upload/Documents3ПП%20редакциски%20пречистен%20текст%202015%281%29.pdf

29. https://www.pravda.gov.mk/Upload/Documents/Zakon%20za%20medijacija.pdf

30.https://www.pravda.gov.mk/upload/Exams/Zakon%20za%20medijacija%20sl.v.br.188.13.pdf

31. https://eur-lex.europa.eu/eli/dir/2008/52/oj

32. https://rm.coe.int/north-macedonia-20220630-deliverable-2/1680a8c31f

33. https://www.icj-cij.org/basis-of-jurisdiction

34. https://en.wikipedia.org/wiki/Preah_Vihear_Temple

35. https://www.icj-cij.org/declarations

36. https://www.icj-cij.org/case/142

37. https://www.theguardian.com/world/2018/jun/13/macedonia-rejects-treaty-greece-name

38. https://press.un.org/en/2024/sgsm22276.doc.htm

39. https://treaties.un.org/

40. https://blog.oup.com/2015/11/criticisms-international-criminal-court

41. https://www.icc-cpi.int/

42. https://www.icc-cpi.int/news/dominic-ongwen-declared-guilty-war-crimes-and-crimes-against-humanity-committed-uganda

43. https://www.balcanicaucaso.org/eng/Materials/Facts-on-the-Macedonian-Greek-Name-Dispute

44. https://time.com/5118032/greece-macedonia-fighting/

45. https://www.balcanicaucaso.org/eng/Materials/Facts-on-the-Macedonian-Greek-Name-Dispute

46. https://www.icj-cij.org/case/142

47. ttps://www.reuters.com/article/world/greece-fyrom-to-make-new-effort-to-resolve-name-dispute

48. https://www.rferl.org/a/macedonia-greece-name-dispute-tsipras-zaev/28994566.html

49. https://time.com/5508640/prespes-macedonia-greece-eu-democracy

50. https://www.theguardian.com/world/2018/jun/17/macedonia-greece-dispute-name-accord-prespa

51. https://vlada.mk/node/17422

52. https://www.atlanticcouncil.org/blogs/new-atlanticist/greek-parliament-approves-macedonia-name-change-deal

53. https://europeanwesternbalkans.com/2019/02/13/prespa-agreement-enters-force-macedonia-officially-renames
54. https://www.nato.int/cps/en/natohq/news

55. https://www.atlanticcouncil.org/wp-content/uploads/2020/12/North-Macedonia-on-the-threshold-of-Europe.pdf
56. https://www.icj-cij.org/cases

57. https://www.icj-cij.org/cases

58. https://library.fes.de/pdf-files/bueros/skopje/15509.pdf

59. https://www.euractiv.com/section/politics/news/eu-urges-croatia-to-implement-piran-bay-ruling

60. https://www.theguardian.com/world/from-the-archive-blog/2019/mar/20/how-milosevic-stripped-kosovos-autonomy-archive

61. https://www.nato-pa.int/news/north-macedonia-joins-nato-30th-ally-becomes-full-member-nato

62. https://www.auswaertiges-amt.de/en/aussenpolitik/internationale-organisationen/nato-node/nato-north-macedonia-